

Собрание на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на

## Собранието на Република Македонија

## за периодот

## 01.01/2009 - 31.12/2009

*Почитувани,*

*Пред вас е Извештајот за работата на Собранието на Република Македонија во неговиот шести мандатен состав и тоа за периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година.*

*Верувам дека го споделувате моето мислење дека 2009 година како законодавен дом ја завршивме успешно. Најдобар доказ за ова е извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Во него многу јасно и децидно се наведени позитивните резултати кои ги направивме во овој период што резултираше со препоракта на Европската комисија за добивање на датум за започнување на преговорите за полноправно членство во ЕУ. Затоа и со право можеме да очекуваме дека и во 2010 година ќе продолжиме, сите заедно, со овој позитивен тренд, односно Собранието на Република Македонија ќе биде локомотивата на нашиот европски воз. За ова ние, како пратеници, заедно со собраниската администрација имаме капацитет, а во истовреме ја чувствуваме и нашата одговорност Република Македонија да стане полноправен член на Европа на која цивилизациски и припаѓаме.*

*Почитувани, во периодот кој е опфатен со извештајот, со сите наши активности, а користејќи ја воспоставената методологија на работа, продолживме законодавниот дом да го градиме како вистински храм на демократијата. Редовните координации, на кои присуствува претставник на Владата, понатаму редовните колегиуми со потпретседателите на Собранието, успеавме да создадеме атмосфера на вистински парламентаризам во кој преку дијалог и договор се стигнува до заедничката цел, а тоа е јакнење на парламентарната демократија. Резултатите се тука. Од донесувањето на закони, преку јакнење на улогата на Парламентот во нивната имплементација, до развивање на парламентарната дипломатија. Воведоваме И-парламент како прва држава во регионот, но и пошироко. Ја завршивме реконструкцијата и ја ставивме во функција салата Борис Трајковски, го донесовме Законот за Собранието, ја зајакнавме транспарентноста на нашето работење, ја продолживме соработката со невладиниот сектор и така натаму.*

*Многу подетално за нашата работа ќе најдете во Извештајот. Се надевам дека оваа публикација нема да се сфати само како сувопарен збир на бројки и информации. Напротив ја препорачувам на сите оние кои ги интересира парламентарното работење кај нас, а посебно на оние кои се занимаваат или сакаат да се занимаваат со научно и теоретско истражување на парламентаризмот кај нас.*

***Претседател***
***на Собранието на Република***
***Македонија***

***Трајко Вељаноски***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1. Промени во пратеничкиот состав 5
2.2. Промени во структурата на пратеничкиот состав 5
2.2.1 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.2 Полова структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.3 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 9
2.2.4 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 9
**3. Пленарни седници на Собранието на Република Македонија** **10**
3.1. Пленарни седници 11
3.1.1. Посебни седници 12
3.1.2 Присуство и учество на седниците 13
3.1.3. Одлучување и гласање 16
3.2 Разгледувани акти 17
3.2.1. Поставени акти на седница 17
3.2.2. Разгледани акти на седница 18
3.3. Закони 19
3.3.1. Донесени закони 24
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 32
3.3.3. Закони по редовна постапка 35
3.3.4. Донесени ратификации 41
3.3.5. Неприфатливи предлог закони 44
3.3.6. Недонесени закони 44
3.4. Одлуки 45
3.5. Други акти 50
3.5.1. Усвоени акти 50
3.5.2. Акти за усвојување 53
3.5.3. Неусвоени и повлечени акти 54
3.6. Амандмани 57
3.7. Пратенички прашања 64
**4. Работни тела на Собранието на Република Македонија** **66**
4.1. Постојани работни тела 67
4.2. Посебни работни тела 128
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 128
4.3. Совети 131
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 131
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 132
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 135
**5. Претседатели и потпретседатели** **150**
5.1. Претседател 151
5.2. Потпретседатели 162
**6. Меѓународна соработка** **173**
6.1. Мултилатерална соработка 174
6.2. Билатерална соработка 188
6.3. Стручна служба на Собранието 189
6.4. Други меѓународни активности 189
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието на РМ** **191**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 192
7.2. Свечени изјави 192
7.3. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 193
7.4. Доделување на годишни награди 193
**8. Јавност во работата на Собранието** **194**
8.1. Собраниски ТВ канал 195
8.2. Електронска комуникација 197
8.3. Средства за јавно информирање 202
**9. Клуб на жени пратеници** **204**
**10. Активности на невладини организации во Собранието на РМ** **209**
10.1. Вестминстер фондација за демократија 210
10.2. Национален демократски институт НДИ 215
**11. Служба на Собранието на Република Македонија** **217**
11.1. Внатрешна организација 218
11.1.1. Одделение за внатрешна ревизија 222
11.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси 225
11.2. Програма за практиканти 228
11.3. Податоци од стручно-административен карактер 230
**12. Прилози** **235**
Прилог 1 Одржани седници 236
Прилог 2 Дневни редови на седници 239
Прилог 3 Компаративни анализи и истражувања 261
Прилог 4 Меѓународни активности 264
Прилог 5 Интегрални извештаи за активностите на парламантарните групи и делегациите 271

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

## 2.1. ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Алиу Имер | ДПА | |
| 4. | Алити Рафиз | ДУИ | |
| 5. | Анастасова Станка | СДСМ | |
| 6. | Андов Стојан | ЛП | |
| 7. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 8. | Андоновска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 9. | Арифи Теута | ДУИ | |
| 10. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 11. | Амети Вулнет | ДУИ | |
| 12. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 13. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 14. | Беџети Бљерим | ДУИ | 15.04.2009, избран за градоначалник заменет со Назиф Буши |
| 15. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 16. | Бучковски Владо | СДСМ | |
| 17. | Велиу Фазли | ДУИ | |
| 18. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Георгиевски Ивица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Гинев Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 21. | Грковска-Лошкова Славица | СДСМ | |
| 22. | Грозданов Цветко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 23. | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Диневски Менде | СДСМ | |
| 25. | Даневски Томе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Деркоски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Димеска Катерина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Димитровски Ратко | ВМРО-ДПМНЕ | 15.04.2009, избран за градоначалник заменет со Оливер Алексовски |
| 30. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Догани Бесим | ДПА | **од 27.02.2009 независен пратеник од 01.06.2009 пратеник на Нова демократија** |
| 32. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Гелова Стојанова Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 34. | Ѓорѓиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Ѓуровски Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Жерновски Андреј | ЛП | |
| 38. | Зимбери Абедин | независен пратеник | **од 16.09.2009 пратеник на Нова демократија** |
| 39. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **41.** | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| **42.** | Иванова Јаготка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **43.** | Ивановски Игор | СДСМ | |
| **44.** | Илјази Садије | ДПА | |
| **45.** | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **46.** | Јакупи Зумрете | ДУИ | |
| **47.** | Јаневска Наташа | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **48.** | Јонузи Феми | ДУИ | |
| **49.** | Јашари Аднан | ДУИ | |
| **50.** | Јашари Џемаил | ДУИ | |
| **51.** | Кадри Флора | ДПА | **од 22.05.2009 независен пратеник од 01.06.2009 пратеник на Нова демократија** |
| **52.** | Кипаризовска Крстевска Анита | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **53.** | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **54.** | Колевски Марјанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **55.** | Крстевски Стојче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **56.** | Котевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **57.** | Коцев Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **58.** | Лазарев Јован | СПМ | |
| **59.** | Макрадули Јани | СДСМ | |
| **60.** | Манасиевски Јован | ЛП | |
| **61.** | Мираковска Соња | НСДП | |
| **62.** | Матевска Цена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **63.** | Мехмети Ермира | ДУИ | |
| **64.** | Митева Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **65.** | Минчев Горан | СДСМ | |
| **66.** | Мисини Хајрула | ДУИ | |
| **67.** | Мисовски Горан | НСДП | |
| **68.** | Мукоски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **69.** | Марку Јулијета | ДУИ | |
| **70.** | Незири Сафет | ДУИ | |
| **71.** | Николиќ Мазнева Косана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **72.** | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| **73.** | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **74.** | Оровчанец Ѓорѓи | НА | |
| **75.** | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **76.** | Пејковски Живко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **77.** | Пенов Ристо | ЛДП | |
| **78.** | Пепиќ Авдија | СДА | |
| **79.** | Петковски Тито | НСДП | |
| **80.** | Петрески Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **81.** | Петров Андреј | СДСМ | |
| **82.** | Петров Горан | ВМРО-ДПМНЕ | 27.04.2009, избран за градоначалник заменет со Марија Рашковска |
| **83.** | Поп Арсов Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **84.** | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| **85.** | Петрушевска Дарка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **86.** | Рушити Сулејман | независен пратеник | **од 01.06.2009 пратеник на Нова демократија** |
| **87.** | Реџепи Даут | независен пратеник | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **88.** | Рунчева Кристина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **89.** | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **90.** | Селмани Имер | независен пратеник | **од 01.06.2009 пратеник на Нова демократија** |
| **91.** | Станковиќ Емилијан | СДСМ | |
| **92.** | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **93.** | Стефановска Анета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **94.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **95.** | Стојменов Борислав | ВМРО-Мак. | |
| **96.** | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| **97.** | Савевски Саве | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **98.** | Стојанов Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **99.** | Стефановски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **100.** | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **101.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **102.** | Топузова Каревска Роза | ЛДП | |
| **103.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **104.** | Трајановска Оливера | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **105.** | Трипуновски Цветан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **106.** | Тушева Маринела | СДСМ | |
| **107.** | Ташева Виолета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **108.** | Ќурчиев Никола | СДСМ | |
| **109.** | Узеини Ферати Мерал | ДПА | |
| **110.** | Хани Тахир | ДУИ | |
| **111.** | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| **112.** | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| **113.** | Честоева Весела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **114.** | Чингоски Томе | СДСМ | |
| **115.** | Џафери Арбен | ДПА | |
| **116.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **117.** | Шамбевски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **118.** | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| **119.** | Шутаров Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **120.** | Џемаили Хисен | ДУИ | |
| **121.** | Алексовски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | 15.04.2009 наместо Димитровски Ратко |
| **122.** | Буши Назиф | ДУИ | 15.04.2009 наместо Беџети Блерим |
| **123.** | Рашковска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 27.04.2009 наместо Петров Горан |

| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2008 | 2009 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 53 | 53 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 3 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ВМРО-Македонска | ВМРО-Македонска | 1 | 1 |
| 6. | ДПСМ | Демократска партија на Србите во Македонија | 1 | 1 |
| 7. | ДПТМ | Демократска партија на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 8. | ОПЕ | Обединета партија за еманципација | 1 | / |
| 9. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 10. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 18 | 18 |
| 11. | ПЕИ | Партија за европска иднина | 1 | 1 |
| 12. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 18 | 18 |
| 13. | ЛДП | Либерално демократска партија | 4 | 4 |
| 14. | НСДП | Нова социјалдемократска партија | 3 | 3 |
| 15. | ЛП | Либерална партија | 1 | 1 |
| 16. | НА | Нова алтернатива | 1 | 1 |
| | ДПА | Демократска партија на Албанците | **7** | **5** |
| 17. | НП | Независни пратеници | **4** | **1** |
| 18. | НД | Нова Демократија | **/** | **5** |
| **ВКУПНО:** | | | **120** | **120** |

# 2.2. ПРОМЕНИ ВО СТРУКТУРАТА НА ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

## 2.2.1. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **2008** | **81** | 67,5 | **29** | 24,1 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **4** | 3,3 | **1** | 0,8 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 |
| **2009** | **81** | 67,5 | **29** | 24,1 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **4** | 3,3 | **1** | 0,8 | **2** | 1,6 | **1** | 0,8 |

## 2.2.2. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| **2008** | **82** | 68,3 | **38** | 31,7 |
| **2009** | **81** | 67,5 | **39** | 32,5 |

## 2.2.3. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **2008** | **11** | 9,1 | **33** | 27,5 | **49** | 40,8 | **18** | 15 | **7** | 5,8 | **2** | 1,7 |
| **2009** | **12** | 10 | **33** | 27,5 | **49** | 40,8 | **17** | 14,1 | **7** | 5,8 | **2** | 1,7 |

## 2.2.4. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| **2008** | **6** | 5 | **6** | 5 | **82** | 68,3 | **5** | **17** | **4** |
| **2009** | **6** | 5 | **6** | 5 | **82** | 68,3 | **5** | **17** | **4** |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период се одржани 47 седници од кои една остана незавршена со една преостаната точка (закон). Исто така, во овој период се завршени и трите незавршени седници од 2008 година и тоа 24-та и 42-та со 4 преостанати точки како и 40-та седница на која беа поставувани пратенички прашања.




вкупно седници - 47

завршени - 46

незавршени - 1



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 21.06.2008 – 31.12.2008

**Пратенички прашања - 9**

- 45 седница одржана на 29.01.2009 година;
- 53 седница одржана на 04.05.2009 година;
- 57 седница одржана на 28.05.2009 година;
- 62 седница одржана на 25.06.2009 година;
- 67 седница одржана на 30.07.2009 година;
- 73 седница одржана на 24.09.2009 година;
- 77 седница одржана на 05.11.2009 година;
- 81 седница одржана на 26.11.2009 година и
- 88 седница одржана на 31.12.2009 година.

**Обраќања - 3**

- претседателот Парламетарното собрание на Совет на Европа, Луис Марија де Пуч (61 седница, 16.06.2008 година);
- претседателот на Претставничкиот дом на Комонвелтот Австралија, Хери Џенкинс (82 седница, 21.12.2009 година);
- претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов (84 седница, 14.02.2009 година) и

**Одбележувања - 2**

- Одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски (49 седница, 26.02.2009 година);
- Одбележување на 60 години од основањето на Советот на Европа (54 седница, 05.05.2009 година)

**Свечени - 1**

- Инаугурација на новиот претседател на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов (55 седница, 12.05.2009 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 76-та седница со пет работни дена (33 часа и 15 минути).
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 76-та седница со 33 часа и 15 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 66-та седница, која траела од 11,30 часот на 10 јули до 10 миннути по полноќ следниот ден 11 јули или во континуитет 12 часа и 40 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 49-та седница која траела 15 минути.

## 3.1.2. ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| **24 седница** | **1** | 05 минути |
| **38 седница** | **2** | 5 часа и 05 минути |
| **40 седница** | **1** | 5 часа и 35 минути |
| **42 седница** | **1** | 20 минути |
| **43 седница** | **2** | 13 час и 15 минути |
| **44 седница** | **1** | 2 часа и 30 минути |
| **45 седница** | **1** | 6 часа и 40 минути |
| **46 седница** | **1** | 5 часа и 50 минути |
| **47 седница** | **3** | 16 часа и 25 минути |
| **48 седница** | **2** | 10 часа и 55 минути |
| **49 седница** | **1** | 15 минути |
| **50 седница** | **3** | 7 часа |
| **51 седница** | **1** | 4 часа и 40 минути |
| **52 седница** | **4** | 19 часа и 55 минути |
| **53 седница** | **1** | 6 часа и 35 минути |
| **54 седница** | **1** | 20 минути |
| **55 седница** | **1** | 30 минути |
| **56 седница** | **4** | 9 часа и 45 минути |
| **57 седница** | **1** | 5 часа и 55 минути |
| **58 седница** | **3** | 13 часа и 50 минути |
| **59 седница** | **3** | 13 часа и 15 минути |
| **60 седница** | **4** | 7 часа |
| **61 седница** | **1** | 20 минути |
| **62 седница** | **1** | 6 часа и 30 минути |
| **63 седница** | **2** | 10 часа и 15 минути |

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| **64 седница** | **5** | 26 часа и 30 минути |
| **65 седница** | **3** | 16 часа и 15 минути |
| **66 седница** | **1** | 12 часа и 40 минути |
| **67 седница** | **1** | 5 часа и 35 минути |
| **68 седница** | **2** | 13 часа и 05 минути |
| **69 седница** | **2** | 6 часа и 40 минути |
| **70 седница** | **3** | 14 часа и 10 минути |
| **71 седница** | **3** | 12 часа и 25 минути |
| **72 седница** | **1** | 4 часа и 25 минути |
| **73 седница** | **1** | 6 часа и 30 минути |
| **74 седница** | **2** | 13 часа |
| **75 седница** | **3** | 16 часа и 40 минути |
| **76 седница** | **5** | 33 часа и 15 минути |
| **77 седница** | **1** | 5 часа и 40 минути |
| **78 седница** | **4** | 21 час и 50 минути |
| **79 седница** | **1** | 11 часа |
| **80 седница** | **2** | 4 часа и 25 минути |
| **81 седница** | **1** | 4 часа и 35 минути |
| **82 седница** | **1** | 25 минути |
| **83 седница** | **4** | 10 часа |
| **84 седница** | **1** | 20 минути |
| **85 седница** | **4** | 19 часа и 15 минути |
| **86 седница** | **4** | 17 часа и 05 минути |
| **87 седница** | **1** | 6 часа и 55 минути |
| **88 седница** | **1** | 6 часа и 30 минути |
| **вкупно: 46 седници** | **86 дена** | **462 часа** |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 86.*
*Во текот на тие работни денови остварени се :*
*вкупно присуства: 8744*
*вкупно отсуства: 1576 од кои:*
*- оправдани 1331*
*- неоправдани 245*

**Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници**




*број на пратеници присутни во денови кога се одржувале седници*

***Двајца пратеници не присуствуваале ниту на една седница на Собранието, додека 10 пратеници присуствувале сите осумдесет и шест дена кога заседавало Собранието.***

*Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство. Во овој мандатен период еден пратеник имал две такви казни.*




***одбитоци според месеци***

# 3.1.3. ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | резолуции | уставни измени | информации | програми | извештаи | планови | интерпелации | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | деловник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **24** | **1** | | | | | 1 | | | | | | | | |
| **38** | **16** | 13 | | | 3 | | | | | | | | | |
| **42** | **3** | 3 | | | | | | | | | | | | |
| **43** | **15** | 9 | 4 | 1 | | | | | | 1 | | | | |
| **44** | **11** | 6 | 2 | | | | | | | | 3 | | | |
| **46** | **15** | 11 | 2 | | | | | | | | 2 | | | |
| **47** | **15** | 11 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 |
| **48** | **14** | 12 | 1 | | | | | | | | | | 1 | |
| **50** | **30** | 15 | 6 | | | | | | | | 8 | | 1 | |
| **51** | **11** | 9 | 1 | | | | | 1 | | | | | | |
| **52** | **25** | 11 | 5 | | | | | 9 | | | | | | |
| **56** | **18** | 17 | | | | 1 | | | | | | | | |
| **58** | **13** | 9 | 1 | | | | | 2 | | | | | 1 | |
| **59** | **2** | 2 | | | | | | | | | | | | |
| **60** | **23** | 7 | 13 | | | | | 3 | | | | | | |
| **63** | **14** | 13 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **64** | **16** | 13 | 1 | | | | | 1 | | | 1 | | | |
| **65** | **12** | 11 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **66** | **3** | | 3 | | | | | | | | | | | |
| **68** | **22** | 21 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **69** | **11** | 11 | | | | | | | | | | | | |
| **70** | **16** | 8 | 4 | | | | | | | | 2 | 1 | 1 | |
| **71** | **10** | 9 | | | | | | | | | 1 | | | |
| **72** | **11** | 11 | | | | | | | | | | | | |
| **74** | **15** | 11 | 2 | | | | | | | | 1 | | 1 | |
| **75** | **1** | 1 | | | | | | | | | | | | |
| **76** | **10** | 7 | | | | | | | | 2 | 1 | | | |
| **78** | **23** | 21 | | | | | | 1 | | | | | 1 | |
| **79** | **1** | 1 | | | | | | | | | | | | |
| **80** | **19** | 10 | 4 | | | | | | | | 5 | | | |
| **83** | **20** | 19 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **85** | **22** | 16 | 2 | | | 1 | 1 | | 1 | | 1 | | | |
| **86** | **2** | 2 | | | | | | | | | | | | |
| **87** | **18** | 16 | 2 | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **458** | **336** | **58** | **1** | **3** | **3** | **1** | **17** | **1** | **4** | **26** | **1** | **6** | **1** |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | трето читање | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **336** | 191 | 3 | 4 | 134 | 2 | | | | 1 | 1 |
| **2.** | одлуки | **58** | 58 | | | | | | | | | |
| **3.** | резолуции | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **4.** | уставни измени | **3** | 3 | | | | | | | | | |
| **5.** | информации | **3** | | | | | | 1 | 1 | | 1 | |
| **6.** | програми | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **7.** | извештаи | **17** | | | | | | 17 | | | | |
| **8.** | планови | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **9.** | интерпелациии | **4** | | | | | | | 4 | | | |
| **10.** | автентични толкувања | **26** | 3 | | | | | | | 23 | | |
| **11.** | завршни сметки | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **12.** | стратегии | **6** | 5 | | | 1 | | | | | | |
| **13.** | деловник | **1** | | | 1 | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **458** | **264** | **3** | **5** | **135** | **2** | **18** | **5** | **23** | **2** | **1** |

# 3.3. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*
*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

**А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА**

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на

второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува

матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"- меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА



## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ТОЧКИ ПО ЗАКОНИ 336




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 191



## 3.3.1. Донесени закони

### По постапка




### По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралeн развој | Влада | редовна | 38 09.01.2009 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите | Влада | редовна | 38 09.01.2009 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци | Влада | редовна | 38 09.01.2009 |
| 4. | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа | Влада | редовна | 38 09.01.2009 |
| 5. | Закон за изменување на Законот за комуналните дејности | Влада | редовна | 38 09.01.2009 |
| 6. | Закон за изменување на Законот за државните службеници | Влада | скратена | 38 14.01.2009 |
| 7. | Закон за изменување на Законот за судска служба | Влада | скратена | 38 14.01.2009 |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи | Влада | скратена | 42 14.01.2009 |
| 9. | Закон за дополнување на Законот за полиција | Влада | скратена | 42 14.01.2009 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија | Влада | скратена | 42 14.01.2009 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за водите | Влада | скратена | 38 14.01.2008 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување | Влада | скратена | 38 14.01.2008 |
| 13. | Закон за инвестициски фондови | Влада | редовна | 46 27.01.2009 |
| 14. | Закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите | Влада | редовна | 46 27.01.2009 |
| 15. | Закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната | Влада | редовна | 46 27.01.2009 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност | Влада | редовна | 46 27.01.2009 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување | Влада | редовна | 46 27.01.2009 |
| 18. | Закон за евиденции во областа на здравството | Влада | редовна | 47 12.02.2009 |
| 19. | Закон за Државен инспекторат за земјоделство | Влада | редовна | 47 12.02.2009 |
| 20. | Закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрива | Влада | редовна | 47 12.02.2009 |
| 21. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата | Влада | редовна | 47 12.02.2009 |
| 22. | Закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата | Влада | редовна | 47 12.02.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23.** | Закон за индустриската сопственост | Влада | редовна | 47<br>12.02.2009 |
| **24.** | Закон за дополнување на Законот за трговија | Влада | редовна | 47<br>12.02.2009 |
| **25.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход | Влада | редовна | 47<br>12.02.2009 |
| **26.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | редовна | 48<br>19.02.2009 |
| **27.** | Закон за ловството | Влада | редовна | 48<br>19.02.2009 |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба | Влада | редовна | 48<br>19.02.2009 |
| **29.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансиско пензиско осигурување | Влада | редовна | 51<br>10.04.2009 |
| **30.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје | Влада | редовна | 51<br>10.04.2009 |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие македонска радиодифузија | Влада | редовна | 51<br>10.04.2009 |
| **32.** | Закон за селекционерски права | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **33.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **34.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството на Меѓународниот монетарен фонд | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **35.** | Закон за дополнување на Законот за минерални суровини | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **36.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **37.** | Закон за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта "Македонија пат" - Скопје | Влада | редовна | 50<br>16.04.2009 |
| **38.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција | Влада | скратена | 50<br>18.05.2009 |
| **39.** | Закон за изменување на Законот за Царинската управа | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **40.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **41.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **42.** | Закон за шумите | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **44.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |
| **45.** | Закон за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства | Влада | редовна | 56<br>19.05.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **46.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **47.** | Закон за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **48.** | Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **49.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **50.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **51.** | Закон за дополнување на Законот за кривичната постапка | Влада | редовна | 56<br>21.05.2009 |
| **52.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за заем по Проектот за подобрување на општинските услуги | Влада | скратена | 56<br>02.06.2009 |
| **53.** | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година** | **Влада** | **редовна** | **59<br>04.06.2009** |
| **54.** | Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот | Влада | скратена | 59<br>16.06.2009 |
| **55.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за стокови резерви | Влада | редовна | 60<br>16.06.2009 |
| **56.** | Закон за меѓуопштинска соработка | Влада | редовна | 60<br>17.06.2009 |
| **57.** | Закон за социјална заштита | Влада | редовна | 58<br>17.06.2009 |
| **58.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување | Влада | скратена | 60<br>29.06.2009 |
| **59.** | Закон за дополнување на Законот за парнична постапка | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **60.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **61.** | Закон за изменување на Законот за животна средина | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **62.** | Закон за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **63.** | Закон за изменување на Законот за јавните претпријатија | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **64.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **65.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **66.** | Закон за Воена академија | Влада | редовна | 63<br>30.06.2009 |
| **67.** | Закон за изменување на Законот за облигациони односи по итна постапка | Влада | итна | 63<br>30.06.2009 |
| **68.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за банките | Влада | редовна | 65<br>20.07.2009 |
| **69.** | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола | Влада | редовна | 65<br>20.07.2009 |
| **70.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање | Влада | редовна | 65<br>20.07.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **71.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за странците | Влада | редовна | 64 21.07.2009 |
| **72.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија | Влада | редовна | 64 21.07.2009 |
| **73.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија | Влада | редовна | 64 21.07.2009 |
| **74.** | Закон за внатрешни работи | Влада | редовна | 64 21.07.2009 |
| **75.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии | Влада | редовна | 68 28.07.2009 |
| **76.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести | Влада | редовна | 68 29.07.2009 |
| **77.** | Закон за дополнување на Законот за трговија | Илија Димовски | редовна | 68 29.07.2009 |
| **78.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица | Влада | редовна | 68 29.07.2009 |
| **79.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование | Влада | редовна | 68 29.07.2009 |
| **80.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование | Влада | редовна | 68 29.07.2009 |
| **81.** | Закон за домување | Влада | редовна | 68 29.07.2009 |
| **82.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем по Проектот за условни парични трансфери | Влада | скратена | 68 29.07.2009 |
| **83.** | Закон за Собранието на Република Македонија | Група пратеници | редовна | 69 17.08.2009 |
| **84.** | Закон за изменување на Законот за пасишта | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **85.** | Закон за дополнување на Законот за трговија | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **86.** | Закон за Македонската банка за поддршка на развојот | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **87.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **88.** | Закон за изменување на Законот за даночната постапка | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **89.** | Закон за изменување на Законот за Управата за јавни приходи | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **90.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **91.** | Закон за употреба на знаковниот јазик | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **92.** | Закон за електронско управување | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **93.** | Закон за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ | Влада | редовна | 69 18.08.2009 |
| **94.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници | Влада | редовна | 72 10.09.2009 |
| **95.** | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | редовна | 72 10.09.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **96.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **97.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **98.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **99.** | Закон за судските такси | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **100.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи | Лилјана Поповска | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **101.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадената вредност | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **102.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај кредитната банка за обнова КФВ по Договорот за заем по проектот "Водовод и канализација на општините фаза I" | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **103.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој, по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **104.** | Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга | Влада | редовна | 72<br>10.09.2009 |
| **105.** | Закон за изменување на Законот за јавните патишта | Влада | редовна | 71<br>10.09.2009 |
| **106.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | редовна | 71<br>10.09.2009 |
| **107.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата | Влада | редовна | 74<br>29.09.2009 |
| **108.** | Закон за акредитација | Влада | редовна | 74<br>29.09.2009 |
| **109.** | Закон за Национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци | Влада | редовна | 74<br>29.09.2009 |
| **110.** | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година** | **Влада** | **редовна** | **75<br>08.10.2009** |
| **111.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | Влада | редовна | 76<br>28.10.2009 |
| **112.** | Закон за градење | Влада | редовна | 76<br>28.10.2009 |
| **113.** | Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи | Влада | редовна | 78<br>02.11.2009 |
| **114.** | Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова КФВ по Договорот за заем за проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар- фаза II" | Влада | редовна | 78<br>02.11.2009 |
| **115.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања | Влада | редовна | 78<br>02.11.2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **116.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | редовна | 78<br>02.11.2009 |
| **117.** | Закон за изменување на Законот за платниот промет | Влада | редовна | 78<br>02.11.2009 |
-Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинскатата тарифа;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој на цивилната воздушна пловидба;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за трговија;

-Предлог на закон за изменување на Законот за водите;

-Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем за Проектот ,,Наводнување на јужната долина на реката Вардар - фаза II";

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања;

-Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка;

-Закон за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија;

-Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условни парични трансфери;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;

-Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа;

-Закон за органско земјоделско производство;

-Закон за градење;

-Закон за електронско управување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија;

-Закон за акредитација;

-Предлог на закон за Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви;

-Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската управа;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота;

-Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на општинските услуги;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија;

-Предлог на закон за Закон за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата;

-Предлог на закон за изменување на Законот за животната средина;

-изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање;

-Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот;

-Предлог на закон за Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките;

-Закон за домување;

-Предлог на закон за изменување на Законот за пасиштата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за трговија;

-Закон за Македонска банка за пддршка на развојот;

-Предлог на закон за изменување на Законот за даночна постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните патишта;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;

-Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денаци-онализација;

-Закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со општествена и државна сопственост;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Агенцијата за

поддршка на претприемништво на Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност;

-Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема;

-Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закнот за буџетите;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и

-Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Од областа на јавните дејности** Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони:

-Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната;

-Предлог на закон за Закон за евиденции во областа на здравството;

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита правата на пациентите;

-Предлог на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје;

-Закон за социјалната заштита;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести;

-Предлог на закон за Закон за употреба на знаковниот јазик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција;

-Закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа;

-Предлог на закон за изменување и дополнување Законот за Државниот испитен центар;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование;

-Предлог на закон за Закон за управување со пакување и отпад од пакување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;

-Закон за јавно здравје и

-Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 43 |
| Вкупно разгледани точки | | 385 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 86 |
| | економски систем | 151 |
| | јавни дејности | 53 |
| Вкупно разгледани ратификации | | 45 |
| Поднесени амандмани | | 17 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 46* |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

*во овој број влегуваат барањата за автентични толкувања, стратегии, просторен план и иницијативи.

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање, избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-локална самоуправа,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЗОРАН ПЕТРЕСКИ,** претседател | |
| | **ОЛИВЕР ДЕРКОСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Шутаров | |
| 2. | Илија Димовски | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Александар Спасеновски | |
| 7. | Рафиз Алити | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Андреј Петров | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Имер Алиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ристо Стојанов | |
| 2. | Александар Николовски | |
| 3. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Миле Пачемски | |
| 6. | Цветан Трипуновски | |
| 7. | Тахир Хани | |
| 8. | Јулијета Марку | |
| 9. | Томе Чинговски | |
| 10. | Емилијан Станковиќ | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Бесим Догани | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 7 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр.97/2006).

Во периодот од 01 јануари 2009 до 31 декември 2009 Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа вкупно 29 комисиски седници на кои беа разгледани вкупно 73 точки од дневниот ред. Од тие точки беа разгледани 33 предлози на закони од кои три беа по скратена постапка и еден по итна постапка.

**Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони:**

* изменување на Законот за судската служба;

*изменување и дополнување на Законот за помилување;
*изменување на Законот за матична евиденција;
*дополнување на Законот за кривична постапка;
*дополнување на Законот за прекршоци
*изменување и дополнување на Законот за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција;
*Закон за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права;
*Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права;
*дополнување на Законот за парнична постапка;
*изменување и дополнување на Законот за извршување;
*изменување и дополнување на Законот за облигациони односи;
*изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии;
*Закон за Собранието на Република Македонија;
*изменување и дополнување на Законот за медијација;
*изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител;
*изменување и дополнување на Кривичниот законик;
*Закон за судските такси;
*изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси;
*изменување и дополнување на Законот за државни службеници;
*изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права;
*Предлог на закон за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија;
*Закон за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија;
*Закон за грбот на Република Македонија;
*изменување и дополнување на Законот за нотаријат;
*изменување и дополнување на Законот за платите на судиите;
*Закон за платите на јавните обвинители;
*изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
*Закон за бесплатна правна помош;
*дополнување на Изборниот законик;
*изменување и дополнување на Законот за облигационите односи;
*Закон за правосуден испит;
*изменување и дополнување на Законот за Владата на РМ и
*изменување и дополнување на Законот за лична карта;

Покрај одржаните седници, Комисијата во извештајниот период организираше и првата јавна дискусија за Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување и Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка и врз основа на заклучоците од јавната дискусија се поднесени амандмани во второто читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 29 |
| Вкупно разгледани точки | | 73 |
| Закони по области | политички систем | 62 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 23 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 9 |

# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-за заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** претседател | |
| | **КРСТО МУКОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Иван Стоиљковиќ | |
| 2. | Павла Трајанов | |
| 3. | Горан Ѓуровски | |
| 4. | Оливера Трајановска | |
| 5. | Оливер Алексовски | |
| 6. | Цветан Трипуновски | |
| 7. | Талат Џафери | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Горан Сугаревски | |
| 10. | Горан Минчев | |
| 11. | Горан Мисовски | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Зоран Петрески | |
| 3. | Илија Димовски | |
| 4. | Марјанчо Колевски | |
| 5. | Јован Гинев | |
| 6. | Панче Дамески | |
| 7. | Зумрете Јакупи | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Тито Петковски | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Даут Реџепи | |

Комисијата за одбрана и безбедност е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија кое, согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 и 144/2008), ги разгледува прашањата Од областа на политичкиот систем.

**Како позначајни Комисијата ги разгледа следните предлози на закони за:**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Внатрешни работи, по скратена постапка;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за полиција, по скратена постапка;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во

Армијата на Република Македонија, по скратена постапка;

-Информација за реализирани ротации на Армијата на Република Македонија во мировните операции: ИСАФ во Авганистан, Слобода за Ирак во Ирак, АЛТЕА во БиХ, УНИФИЛ во Либан и логистичка поддршка на КФОР од Република Македонија во 2008 година;

-Национална стратегија за заштита и спасување;

-Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна мисија во Авганистан;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на државната граница;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

-Предлог на законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства;

-Предлогот на одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;

-Предлогот на одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР, АЛТЕА;

-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан;

-Предлог на закон за внатрешни работи;

-Предлогот на законот за Воената академија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за странците;

-Предлог на закон за Национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита;

-Предлог-одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на АРМ за учество во мировна операција во Авганистан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР, АЛТЕА

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 36 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 26 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 7 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТЕУТА АРИФИ,** претседател | |
| | **БЛЕРИМ БЕЏЕТИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Александар Николоски | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Христина Рунчева | |
| 4. | Павле Трајанов | |
| 5. | Лилјана Поповска | |
| 6. | Васко Шутаров | |
| 7. | Оливер Шамбевски | |
| 8. | Назиф Буши | |
| 9. | Игор Ивановски | |
| 10. | Владо Бучковски | |
| 11. | Ѓорѓи Оровчанец | |
| 12. | Флора Кадриу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цановски | |
| 2. | Јован Лазарев | |
| 3. | Авдија Пепиќ | |
| 4. | Илија Димовски | |
| 5. | Александар Спасеновски | |
| 6. | Цена Матевска | |
| 7. | Марија Андоновска | |
| 8. | Хајрула Мисини | |
| 9. | Никола Ќурчиев | |
| 10. | Маринела Тушева | |
| 11. | Андреј Жерновски | |
| 12. | Садије Илјази | |

**1.** Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на закони за ратификација на меѓународни договори Комисијата во изминатиот период, од вкупно одржани 24 седници, на 12 седници беа разгледани и препорачани на Собранието 42 предлози за донесување на законски акти. На 10 седници на Комисијата беа претставени платформите на 21 македонски амбасадор пред стапување на должност и две седници со министерот за надворешни работи.

Одржани се три заеднички седници со Комисијата за европски прашања и Мешовитиот комитет на која беше разгледуван Извештајот од ЕК, како и претставувањето на приоритетите на

словенечкото и шведското претседателство со Унијата од страна на амбасадорите на овие држави во РМ.

Претседателот на Комисијата учествува во работата на НСЕИ.

**2.** Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, реализирани се вкупно седум средби со претставници и делегации на други држави во земјата, од кои на две Комисијата била домаќин и една посета во странство. Претседателот на Комисијата оствари две средби со претседатели на КНП од други држави.

На две конференции на КОФАК учествуваа заменик - претседателот и член на Комисијата.

Во функција на развој на парламентарната дипломатија се упатени повеќе иницијативи за соработка со парламентарни комисии од други држави.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 24 |
| Вкупно разгледани точки | | 42 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 17 |
| | економски систем | 11 |
| | јавни дејности | 14 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |
| ислушување на амбасадори | | 21 |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;
-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;
-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;
-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;
-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;
-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ПЕТАР ПОП АРСОВ,** претседател |
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Александар Спасеновски |
| 3. | Владанка Авировиќ |
| 4. | Христина Рунчева |
| 5. | Миле Пачемски |
| 6. | Панче Дамески |
| 7. | Ермира Мехмети |
| 8. | Хајрула Мисини |
| 9. | Игор Ивановски |
| 10. | Славица Грковска Лошкова |
| 11. | Андреј Жерновски |
| 12. | Флора Кадриу |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ванчо Коцев |
| 2. | Васко Шутаров |
| 3. | Александар Николоски |
| 4. | Марија Андоновска |
| 5. | Кенан Хасипи |
| 6. | Вилета Ташева |
| 7. | Назиф Буши |
| 8. | Рафиз Алити |
| 9. | Андреј Петров |
| 10. | Станка Анастасовска |
| 11. | Соња Мираковска |
| 12. | Мерал Узеири Ферати |

За изминатиот извештаен период Комисијата за европски прашања одржа 29 седници и оствари повеќе активности од своите надлежности.

Во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа **30 законски предлози** со ЕУ знакче во прво и второ читање, при што констатира дека се прифатливи за натамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ.

Расправаше и по **Националната програма за усвојување на правото на Европската унија** на Владата на Република Македонија за 2009 година по што усвои мислење дека истата претставува корисен и сеопфатен документ за следење на

активностите во процесот на приближувањето на македонското со европското законодавство. Поради тоа Комисијата заклучи да се достави Националната програма до сите пратеници во електронска форма за нивно информирање;

Согласно со надлежноста за следење на активностите на Владата и органите на државната управа (обврска која произлегува и од Декларацијата за поднесување барање за членство на Република Македонија во ЕУ) разгледа две информации за:

- **реализираните активности на Националната програма за усогласување на правото на Европската унија, ревизија 2009 за перодот јануари-јули 2009 година и**
- **користењето на Претпристапната помош (ИПА) во Република Македонија,**

изготвени од Секретаријатот за европски прашања во Владата на РМ;

Во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на РМ за ЕУ процеси, одржа две седници посветени на приоритетите и програмите за работа на **чешкото претседателство** (јануари-јули**)** и **шведското претседателство** (јули - декември), претставени од амбасадорите на овие земји во Република Македонија.

Расправаше по **Годишниот извештај за напредокот на Република Македонија во 2009 година на Европската комисија**.

Согласно со можноста да предлага и остварува активности насочени кон информирање на јавноста за процесите на европската интеграција беа организирани две јавни расправи на тема: **Лисабонскиот договор, Македонија и ЕУ** и **Преку преговори до ЕУ,** на кои беа поканети претставници на владини и невладини организации и здруженија, експерти и претставници на меѓународниот кор во РМ.

Во рамките на меѓународната активност Комисијата во Собранието на Република Македонија оствари билатерални средби со:

-Делегација на Комисијата за ЕУ политики во **Сенатот на Република Италија** (23-24 април 2009);

-Делегација на Одборот за евроинтеграции на **Хрватскиот сабор** (8-9 јуни 2009)

-Делегација на Одборот за евроинтеграции на Народната скупштина на **Република Србија** ( 7-8 октомври 2009);

- Делегација на Комисијата за надворешна политика на Државниот Совет на **Република Словенија** (22-23 јуни 2009)

-Делегација на **Чешкиот парламент** предводена од потпретседателот Премисл Соботка (23-26 април 2009)

-европратеничката **Ангелика Беер** (9 април 2009)

-германскиот европратеник **Курт Бодевиг** (16 септември 2009)

-финскиот европратеник **Хенри Лакс (**12 јуни 2009)

-германскиот европратеник **Бернд Поселт** (25 септември 2009)

-европратениците **Тања Фајон и Зоран Талер** (18 декември 2009)

Претседателот на Комисијата Петар Поп Арсов оствари одвоени средби со :

-шефот на Одделението за Република Македонија во ЕК, **Кристијан Хедберг** (28 април 2009)
-словенечкиот европратеник и известител за Македонија **Зоран Талер** (29 октомври 2009)
-шведскиот европратеник **Оле Лудвигсон** (13 ноември 2009) и
-политичкиот директор **Матеј Марн** и амбасадорот за Западен Балкан во МНР на Република Словенија **Војко Волк** (9 ноември 2009).

Во рамките на меѓународната активност претставници на Комисијата учествуваа на повеќе **меѓународни конференции:**

-Делегација на Комисијата учествуваше на 4-та Конференција на парламентарните комисии за европски интеграции на земјите учеснички во Процест за стабилизација и асоцијација - **КОСАП,** што се одржа во Цетиње - Република Црна Гора (26 -27 март 2009);
-претседателот на Комисијата Петар Поп Арсов учествуваше на Конференциите на претседателите на комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ -**КОСАК** во **Прага** (9 февруари 2009 и 11-12 мај 2009) и во **Стокхолм** (5-6 јули).

Делегации на Комисијата за европски прашања во повеќе наврати присуствуваа на пленарните седници на **Европскиот парламент во Стразбур** на кои остварија бројни контакти со европратеници со цел подобрување на текстот на **Резолуцијата за напредокот на Република Македонија**, кој го изготвува Комисијата за надворешна политика (АФЕТ) на Европскиот Парламент, како и лобирање за добивање на датум за отпочнување на преговори за ЕУ членство на Република Македонија (**9-12 март 2009,** ,**16-17 септември**, **20-21 октомври** и **23-26 ноември**).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 29 |
| Вкупно разгледани точки | | 37 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 6 |
| | економски систем | 17 |
| | јавни дејности | 7 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,
-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,
-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,
-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,
-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,
-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и
-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЕСНА БЕНДЕВСКА ,** претседател | |
| | **СЛАВИЦА ГРКОВСКА ЛОШКОВА ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Фијат Цаноски | |
| 3. | Лидија Митева | |
| 4. | Стојче Крстевски | |
| 5. | Јован Гинев | |
| 6. | Фазли Велиу | |
| 7. | Стојан Андов | |
| 8. | Садије Илјази | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марјанчо Колевски | |
| 2. | Наташа Јаневска | |
| 3. | Саве Савевски | |
| 4. | Весела Честоева | |
| 5. | Амди Бајрам | |
| 6. | Сафет Незири | |
| 7. | Емилијан Станковиќ | |
| 8. | Мерал Узеири Ферати | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е основана согласно со членот 76 од Уставот на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008). Со Одлуката е определен претседателот, осум члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во периодот од 1 јануар до 31 декември 2009 година, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа 14 седници, а една седница е одложена. На седниците беа разгледани вкупно 21 точка на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со редовно присуство на граѓанскиот сектор на

седниците на Комисијата, преставници на меѓународните институции, Народниот правобранител, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Посебно значење Комисијата му даде на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година разгледувајќи го делот 2.2 Човекови права и заштита на малцинствата.

## КОНТАКТИ СО ГРАЃАНИ И РАЗГЛЕДУВАЊЕ НИВНИ ДОПИСИ

Во овој период претседателот на Комисијата практикуваше еднаш неделно закажување на средби со граѓани во врска со повредата на човековите права, вакви средби се одржаа околу триесетина. Исто така, околу четириесеттина дописи од граѓани пристигнаа во Комисијата. Некои од нив иницираа седници на Комисијата како што се случувањата на Плоштад Слобода и случајот Сопот, а некои од нив иницираа дописи до институциите на извршната власт, а за жал повеќето од нив беа поврзани со судската власт за кои Комисијата нема надлежност.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Претседателот на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа бројни средби со амбасадори на дипломатски претставништва во Република Македонија, како и нивни претставници кои ја следат заштитата на човековите права во Република Македонија.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Претседателот и повеќето членови на Комисијата земаа учество на семинарот за обука на пратениците од областа на заштитата на човековите права кој беше организиран од страна на Фондација Вест Минстер и Македонската асоцијација на млади правници. Исто така претседателот на Комисијата учествуваше на бројни конференции, трибини и работилници од областа на заштитата на човековите права во Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 21 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 2 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 17 |





# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕСИМ ДОГАНИ**<br>претседател | |
| | **ДАУТ РЕЏЕПИ,**<br>заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Ѓуровски | |
| 2. | Крсто Мукоски | |
| 3. | Марија Андоновска | |
| 4. | Томе Чинговски | |
| 5. | Цветко Грозданов | |
| 6. | Марјанчо Колевски | |
| 7. | Блерим Беџети | |
| 8. | Менде Диневски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Зоран Петрески | |
| 2. | Оливер Алексовски | |
| 3. | Стојче Крстевски | |
| 4. | Павле Трајанов | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Хисен Џемаили | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Горан Минчев | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа две седници. На седниците беа разгледани вкупно пет точки на дневниот ред.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви,
-игрите на среќа и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** претседател | |
| | **ТОМЕ ЧИНГОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Крсто Муковски | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Саве Савевски | |
| 5. | Стојче Крстевски | |
| 6. | Владанка Авировиќ | |
| 7. | Дарко Димитриевски | |
| 8. | Талат Џафери | |
| 9. | Јулијета Марку | |
| 10. | Миле Андонов | |
| 11. | Марјанчо Николов | |
| 12. | Имер Алиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Наде Станчевска | |
| 2. | Ивица Георгиевски | |
| 3. | Илија Китановски | |
| 4. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 5. | Оливера Трајановска | |
| 6. | Оливер Деркоски | |
| 7. | Владо Стефановски | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Фазли Велиу | |
| 10. | Игор Ивановски | |
| 11. | Горан Мисовски | |
| 12. | Даут Реџепи | |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, која е основана со Одлуката за основање на постојаните работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008).

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година има одржано 36 седници со вкупно 80 точки на дневен ред, од кои:

- 28 предлози на закони во прво читање,
- 27 предлози на закони во второ читање,
- седум предлози на закони во скратена постапка,
- Предлог на Буџет на Република Македонија за 2010 година,
- Два ребаланса на Буџетот на Република Македонија за 2009 година,
- Завршна сметка на Буџет на Република Македонија за 2008,
- Стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2009 до 2011 година,
- десет извештаи,
- две информации и
- еден Статут на Комисијата за хартии од вредност.

Во изминатиот период Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на законите од областа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно закони за давање на гаранции за задолжување. Тука посебно треба да се нагласат:

-Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој -

Светската банка по Договорот за заем по проектот за подобрување на општинските услуги. Средствата од овој заем се очекува да придонесат кон подобрување на перформансите на општината, квалитетот на комуналните и другите општински услуги, како и развојот и јакнењето на општинските надлежности и функции уредени со Законот за единиците на локалната самоуправа;

-Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот. Со средствата од овој заем ќе се рефинансираат инвестиции, чиј рок на имплементација е минимум две години и истите се започнати најмногу шест месеци од поднесувањето на барањето за локација на средствата од Европската инвестициона банка;

-Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем по Проектот "Водовод и канализација на општините фаза I". Кредитот има за цел да обезбеди одржливо снабдување со вода за пиење на населението во избраните општини по социјално прифатливи трошоци;

-Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи. Главна цел на овој Проект е обезбедување на пристап до соодветно домување и борба против сиромаштијата и социјалното исклучување и

-Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем по Проектот "Наводнување на јужната долина на реката Вардар-фаза II". Имплементацијата на овој проект ќе влијае во насока на зголемување и подобрување на системите за наводнување од страна на водните заедници во овие региони.

При разгледувањето на законите за задолжување беа изнесени предлози во смисла на тоа дека поради последиците од економската криза во Република Македонија добро би било одделни проекти, планирани во овие закони, да се финансираат од Буџетот на Републека Македонија наместо државата дополнително да се задолжува.

Комисијата го разгледа и Законот за инвестициски фондови. Со овој закон ќе се овозможи поголема транспарентност пред домашните и странските потенцијални инвеститори во поглед на донесување на инвестициски одлуки, а истовремено ќе се овозможи високо ниво на заштита на нивните вложувања.

Во изминатиов период на своите седници Комисијата разгледуваше и предлози на закони од областа на даноците и царините.

Во изминатиот период Комисијата го разгледа законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Овој закон е во согласност со препораките на Европската комисија содржани во Поглавјето 32 Финансиска контрола од програмата за усогласување со европското законодавство. Јавната внатрешна финансиска контрола е целосно консолидиран систем за управување, мониторинг, контрола и ревизија на националните јавни средства и средствата од Европската унија. Со донесувањето на овој закон се обезбедува

единствена правна рамка за зајакнување на капацитетите на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Основната цел на предложените измени на Законот е да се надминат состојбите кои го забавуваат процесот на приватизација на градежното земјиште и опфаќање на сите категории корисници на градежно земјиште чија приватизација не беше уредена со Законот.

Комисијата ја разгледа и Предлог стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за период од 2009 до 2011 година. Оваа стратегија е акт со кој за период од три години се утврдува висината на јавниот долг и на државните гаранции во однос на БДП, како и каматната и валутната структура на вкупниот јавен долг. Во периодот 2009-2011 година се проектира пораст на вкупниот јавен долг на Република Македонија како резултат на новите инвестиции од областа на патната и железничката инфраструктура, водовод и канализација и енергетскиот сектор. Максималниот износ на нето задолжувањето по основ на гарантниот долг не смее да надмине 150.000.000 евра.

Имајќи ја предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2010 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. Согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата ги разгледа и сите поднесени амандмани (вкупно 309) од пратениците по коишто се водеше многу исцрпна расправа, особено по амандманите кои се однесуваат на развој на енергетиката, социјалната сфера, изградбата на инфраструктура, водовод и канализација, на образованието, културата и други.

Во текот на 2009 година Комисијата ги разгледа и двата ребаланси на Буџетот на Република Македонија за 2009 година. И по двата ребаланси се водеше многу обемна расправа со изнесување на констатации, предлози, забелешки, сугестии по однос на вкупниот обем на средствата, структурата на приходите и структурата на расходите. И по двата ребаланси Комисијата ги разгледа поднесените амандмани од овластените предлагачи.

Согласно со Законот за буџетите, Владата ја изготвува Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија и ја доставува до Собранието за донесување заедно со завршната сметка на буџетите на локалната самоуправа, извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет и коментарите на Министерството за финансии. Заради реализација на оваа надлежност Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот за 2008 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози, мислења и забелешки, коишто треба да се имаат в предвид при изготвување на Буџетот за 2010 година, како и во наредните буџети.

Согласно со Законот за државната ревизија. Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја в

предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија за 2008 година при што беа изготвени заклучоци и предложени за усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

На една од своите седници Комисијата го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2008 година којшто е законска обврска за разгледување и усвојување од страна на Собранието. Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира пазарот на хартии од вредност и има функција на контрола и надгледување на она што се случува на пазарот на хартии од вредност.

Според членот 55-а од Законот за Народната банка на Република Македонија Комисијата за финансирање и буџет најмалку еднаш на шест месеци го повикува гувернерот заради нејзино информирање во врска со работењето на Народната банка. По тој повод, Комисијата на една од нејзините седници ги разгледа Годишниот извештај на Народната Банка на Република Македонија за 2008 година, Извештајот на Народната Банка на Република Македонија за управувањето и ракувањето со девизните резерви во 2008 година и Извештајот на Народната Банка на Република Македонија за банкарскиот систем и банкарската супервизија во Република Македонија во 2008 година при што гувернерот ја информираше Комисијата во врска со работењето на Народната банка.

Комисијата ги разгледа и Полугодишниот извештај на Народната Банка на Република Македонија за периодот јануари-јуни 2009 година, Извештајот на Народната Банка на Република Македонија за управувањето и ракувањето со девизните резерви во првото полугодие на 2009 година и Извештајот на Народната Банка на Република Македонија за банкарскиот систем и банкарската супервизија во Република Македонија во првата половина од 2009 година, при што гувернерот ја информираше Комисијата во врска со работењето на Народната банка за првата половина од 2009 година. На седницата беа поставени бројни прашања до гувернерот на кои тој даваше одговор.

По барање на Комисијата Управата за јавни приходи и Царинската управа доставија информации за нивните активности за првата половина од 2009 година коишто Комисијата ги разгледа.

Во изминатиот период Комисијата разгледуваше и други предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 36 |
| Вкупно разгледани точки | | 80 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 62 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 4 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 12 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО,** претседател | |
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Оливер Деркоски | |
| 4. | Ристо Стојанов | |
| 5. | Лидија Митева | |
| 6. | Аднан Јашари | |
| 7. | Јулијета Марку | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Ристо Пенов | |
| 10. | Бесим Догани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цаноски | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Ивица Георгиевски | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Борислав Стојменов | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Сафет Незири | |
| 8. | Томе Чинговски | |
| 9. | Горан Мисовски | |
| 10. | Садије Илјази | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која е определен претседателот, десет члена на комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа 23 седници и една јавна расправа. На седниците беа разгледани вкупно 34 точки на дневен ред.

Комисијата за економски прашања во изминатата година разгледа 12 предлог на закони во прво читање, 12 предлог на закони во второ читање и еден закон по скратена постапка.

Комисијата за економски прашања на своите седници ги разгледа следниве закони од економскиот систем:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;

-Предлог на закон за индустриска сопственост;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;

-Предлог на закон за изменување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавни претпријатија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акредитација и

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

Комисијата за економски прашања го разгеда Предлогот на буџет на Република Македонија за 2010 година, како и два предлога за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година. Исто така, Комисијата ги разгледа финансиските планови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2010 година, како и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2010 година.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања не поднесе амандмани.

На 27 јули 2009 година Комисијата за економски прашања одржа јавна расправа во врска со текстот на Нацрт стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2020 со визија до 2030 година.

На 20 октомври 2009 година Комисијата за економски прашања го разгледа Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година.

Комисијата за економски прашања го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2008 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности. За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за заинтересираните субјекти од областа на економијата, како и за претставниците на средствата за информирање.

**Меѓународна активност**

Комисијата за економски прашања во 2009 година имаше значајни активности.

На 5 и 6 март 2009 година во Белград, Република Србија, претседателот на Комисијата за економски прашања г. Љубисав Иванов Ѕинго учествуваше на "Конференцијата за улогата на парламентите во поттикнувањето на конкурентноста на стопанскиот развој низ деловното унапредување и опкружување на земјите од Западен Балкан", кој говореше на тема како глобалната економска криза влијае во регионот и можноста за нејзино совладување, како и формирање на мрежа на парламентарните комисии за економски прашања во земјите од Западен Балкан.

На покана од Меѓународната финансиска коорпорација ИФЦ, од 17 до 19 ноември 2009 година во Тирана, Република Албанија, претседателот на Комисијата за економски прашања г. Љубисав Иванов Ѕинго учествуваше на Регионалната конференција за реформи на бизнис-

климата во Југоисточна Европа - растеж и конкурентност "Надминување на кризата и поглед кон иднината" во организација на Меѓународната финансиска коорпорација ИФЦ, каде што даде свое излагање на тема Парламентарните процеси и имплементација на реформите.

На покана од Европскиот парламент на 26 и 27 октомври во Загреб, Република Хрватска членот на Комисијата за економски прашања пратеникот Ванчо Коцев заедно со пратениците Роза Топузова Каревска, Феми Јонузи и Миле Андонов во организација на Европскиот парламент и Хрватскиот сабор учествуваа на парламентарен семинар на тема "Слободна трговија и регионален внатрешен пазар". На семинарот пратеникот Ванчо Коцев даде свое излагање на тема како Република Македонија ги имплементира заложбите во областа на регионалната соработка и трговија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 23 |
| Вкупно разгледани точки | | 34 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 25 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година), со која се определени надлежностите на комисиите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **НИКОЛА ЌУРЧИЕВ,**<br>- претседател | |
| | **ГОРАН СУГАРЕВСКИ,**<br>- заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Панче Дамески | |
| 3. | Живко Пејковски | |
| 4. | Марјанчо Колевски | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Ристо Стојанов | |
| 7. | Сафет Незири | |
| 8. | Феми Јонузи | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Даут Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Борислав Стојменов | |
| 2. | Саве Савевски | |
| 3. | Јован Гинев | |
| 4. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 5. | Томе Даневски | |
| 6. | Васко Шутаров | |
| 7. | Талат Џафери | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 1 јануари 2009 до 31 декември 2009 година одржа 17 седници на кои се разгледани 35 точки на дневен ред од кои:

- 11 предлози на закони во прво читање; 12 предлози на закони во второ читање;
- два предлога за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година,
- Предлог на буџет на Република Македонија за 2010 година и
- пет информации.

Комисијата поднесе шест амандмани, исто така на седници го разгледуваа и Годишниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, Извештајот за процена на штетите од природна непогода - снег, на подрачјето на Струмица од 20, 21 и 22 март

2009 година, Елаборат за процена на штета од елементарна непогода "Силен дожд и град" што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на село Света на ден 09 август 2009 година и Елаборат за процена на штета од елементарна непогода - град што ја зафати општина Ново Село на 22 јуни 2009 година.

Комисијата во овој период расправаше по предлози на закони што спаѓаат во нејзина надлежност меѓу кои и Предлогот на законот за Државниот инспекторат за земјоделство, чија цел е да се постигне ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата.

Комисијата ги разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрива, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата (во прво читање) со кои што се очекува поефикасна имплементација на законската регулатива во областа на земјоделството и поефикасна контрола на здравјето на растенијата преку инспекцискиот надзор.

Комисијата при расправата му посвети внимание и на Предлогот на законот за ловството со кој се врши обединување на искуствата од досегашното спроведување на законот, дефинирање на ловни видови на дивеч и регулирање на режимот за одгледување и заштита на дивечот.

При разгледувањето на Предлогот на законот за селекционерски права беше констатирано дека со овој закон се уредуваат селекционерските права на физичките и правните лица, се заштитува правото на селекционерот за производство на нови сорти на растенија коишто треба да бидат регистрирани на националната сортна листа и во Регистарот на Меѓународната организација за заштита на нови сорти на растенија - УПОВ.

На една од своите седници Комисијата го разгледа Предлогот на законот за шумите со кој се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата, користењето и чувањето на шумите како природно добро. Основна цел којашто треба да се постигне со овој закон е да се сочува, но и да се зголеми вкупната површина под шуми. Комисијата на своите седници дебатираше и по Предлогот на закон за органско земјоделско производство; Предлогот за изменување и дополнување на Законот за води како и за Предлог за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција.

Комисијата сите разгледани закони во прво читање согласно со Деловникот на Собранието ги разгледа и во второ читање. По одделни предлози на закони на коишто имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

Комисијата го разгледа и Предлозите за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, односно двата Ребаланси. Во расправата по двата Ребаланси Комисијата посебно му посвети внимание на делот на земјоделството, шумарството и водостопанството. Позитивно беше оценет делот на субвенциите кои се предвидуваат за развој на земјоделството, со надеж дека

навремено ќе се исплаќаат во текот на годината. Комисијата, исто така, на една од своите седници дебатираше и по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2010 година.

Во текот на 2009 година Комисијата разгледа и неколку информации. Имено, Комисијата ја разгледа Информацијата за состојбите со млекопроизводството во Република Македонија. Оваа информација беше усно презентирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Информацијата се однесува за состојбите, односно проблемите на Млекарницата "Сведмилк", околу исплаќањето на побарувањата на фармерите - кооперанти на оваа млекарница.

Комисијата ја разгледа и Информацијата за млекопроизводителите кои аплицирале за добивање на субвенции, а истите не ги добиле. Комисијата беше информирана од страна на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за мерката "финансиска поддршка за произведено и предадено кравјо млеко" за што се предвидени одредени критериуми за аплицирање и добивање на субвенција за предаденото млеко.

При разгледувањето на Информацијата за состојбата и преземените мерки на Владата за откупот на јачмен и пченица од реколтата 2008 - 2009 година, Комисијата беше информирана од претставникот на Владата за проблемите околу откупот на јачменот и пченицата, особено околу откупната цена којашто во 2009 година е пониска од 2008 година како резултат на влијанието на падот на светските цени на пченицата.

Комисијата ја разгледа и Информацијата за состојбата и преземените мерки на Владата за откупот и пласманот на грозјето за 2009 година. И за оваа информација Комисијата беше запознаена со проблемите за откупот и пласманот на грозјето од претставникот на Владата. Беше констатирано дека во лозарството може и треба да се остварат и подобри резултати имајќи ги предвид поволните климатски услови во Република Македонија за развојот на оваа гранка од земјоделството. Исто така, беше потенцирано дека еден од клучните проблеми од овој сектор е регулирање на пазарниот механизам.

Комисијата на една од своите седници ја разгледуваше и Информацијата за состојбата со производството, откупот и пласманот на јаболко од реколтата за 2009 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 17 |
| Вкупно разгледани точки | | 35 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 23 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 7 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија кое, согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 77/2008, 144/2008), ги разгледува прашањата што се однесуваат за политичкиот систем, економскиот систем, јавните дејности и

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** - претседател | |
| | **АНДРЕЈ ПЕТРОВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Томе Даневски | |
| 2. | Илија Китановски | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Јован Лазарев | |
| 5. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 6. | Катерина Димеска | |
| 7. | Тахир Хани | |
| 8. | Хисен Џемаили | |
| 9. | Томе Чинговски | |
| 10. | Сулејман Рушити | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов | |
| 2. | Амди Бајрам | |
| 3. | Горан Ѓуровски | |
| 4. | Соња Гелова Стојанова | |
| 5. | Никола Котевски | |
| 6. | Цена Матевска | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Фазли Велиу | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Садије Илјази | |

други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

**Од областа на политичкиот систем** како позначајни Комисијата ги разгледа:

-Предлог-просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион за периодот 2005-2020,
-Предлогот на националната стратегија за развој на следна генерација широкопојасен интернет, со Акционен план,
- Предлог-национална стратегија за одржлив развој,
-Предлог на закон за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата и
-Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање

**Од областа на економскиот систем** како позначајни, Комисијата ги разгледа:

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните патишта,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите,
-Предлог за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2009 година,
-Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта,
-Предло на закон за домување,
- Предлог на закон за електронско управување
-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните патишта,
- Предлог на закон за градење,
-Предлог на закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа,
-Предлог на закон за управување со пакување и отпад од пакување,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,
-Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност,
-Предлог на закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај.

**Од областа на јавните дејности** како позначајни Комисијата ги разгледа:
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радио дифузија,
-Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија,
-Предлог на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат"- Скопје,
-Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавната чистота,
-Предлог на закон за изменување на Законот за животна средина,
-Предлог на закон за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај

Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата се:

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2009 година,

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2008 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за пошти за 2009 година

-Годишниот извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2008 година,

-Предлог-одлука за давање согласност на Годишната програма на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги на Република Македонија за периодот јуни-декември 2009 година,

-Предлог-одлука за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги на Република Македонија за периодот јуни-декември 2009 година,

-Предлог одлука за давање на согласност на Годишната програма за работа на Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги на Република Македонија за периодот јуни- декември 2009 година,

-Финансиски план за работењето на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за 2008 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмски сервис преку сателит наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на телевизиски програмски сервис преку сателит наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на втор телевизиски програмски сервис преку

сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на албански јазик за 2009 година и

-Информација за состојбата со дивата депонија во Тетово и состојбата со загадувањето на изворите на Охридското Езеро и реката Црн Дрим

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 29 |
| Вкупно разгледани точки | | 43 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 5 |
| | економски систем | 13 |
| | јавни дејности | 8 |
| Поднесени амандмани | | 15 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 14 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,

-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,

-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,

-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,

-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,

-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,

-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,

-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,

-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,

-развој и унапредување на физичката култура,

-развојот на врвниот спорт и

-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **САФЕТ НЕЗИРИ,** претседател | |
| | **ВУЛНЕТ АМЕТИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Фијат Цаноски | |
| 2. | Александар Спасеновски | |
| 3. | Јован Лазарев | |
| 4. | Цветко Грозданов | |
| 5. | Ивица Георгиевски | |
| 6. | Виолета Ташева | |
| 7. | Наташа Јаневска | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Андреј Петров | |
| 11. | Маринела Тушева | |
| 12. | Садије Илјази | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Дарка Петрушевска | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Томе Даневски | |
| 5. | Горан Ѓуровски | |
| 6. | Миле Пачемски | |
| 7. | Лидија Митева | |
| 8. | Фазли Велиу | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Игор Ивановски | |
| 11. | Станка Анастасовска | |
| 12. | Флора Кадриу | |

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот јануари-декември 2009 година одржа 15 седници, посветени на законски проекти и други акти од областа на образованието и науката.*

*На дневен ред на комисиските седници беа 32 точки, од кои 25 беа законски предлози од областа на образованието. како и за Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година.*

Во текот на 2009 година Комисијата расправаше по три законски предлози за изменување и дополнување на Законот за високото образование, во деловнички предвидените две читања на предлозите на законите. Законските измени беа во насока на создавање нормативни претпоставки за непречено вршење на високообразовната дејност преку можноста за евентуално ангажирање на пензионираниот кадар во трет циклус на студии, преземање на финансиските обврски на државата за стручно и научно усовршување на високообразовниот наставен кадар и на студентите на најпрестижни универзитет и во светот, воспоставување нов соодност на задолжителните и изборните наставни предмети и самостоен избор на изборни наставни програми на студентите. Со измените е утврдена и можноста Воената академија да биде придружна членка на некој од постојните универзитети со што се овозможува користење на постојните високообразовни ресурси и интер-дисциплинарност во рамките на универзитетот. Во овие рамки, Комисијата расправаше и за Предлогот на законот за Воената академија, како заинтересирано работно тело.

Членовите на Комисијата, во два наврати, расправаа и за законските предлози за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии.

Комисиската дебата беше насочна и на измените и дополнувањата на пакетот закони кои се однесуваат на основното и средното образование и на органите кои учествуваат во спроведување на политиките на Министерството за образование и наука. Законските измени се во насока на подобрување на квалитетот и ефективноста во образованието преку решавање на прашањето на екстерната и интерната евалуација во образованието преку прецизни механизми на релевантните органи на Министерството за образование и наука за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во рамките на расправата по овие закони, Комисијата се произнесе по 33 амандмани.

Согласно со Законот за високото образование, Комисијата во две читања ги разгледа статутите на Државниот универзитет во Тетово и на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип и на Собранието му достави предлози на одлуки за давање на согласност на статутите на овие два универзитети.

Во рамките на економските теми, за одбележување е комисиската дебата по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во Разделот на Министерството за образование и наука.

Во текот на 2009 година Комисијата расправаше за Информацијата за констатираните состојби од извршениот инспекциски надзор во Државниот универзитет во Тетово на 8 април 2009 година. Врз основа на расправата во која учествуваа инспекциските органи вклучени во надзорот, Комисијата усвои Заклучок со кој се укажува на потребата од преземање на соодветни законски мерки од страна на надлежните субјекти.

Посебно внимание беше посветено на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година, во поглавјето за образованието и науката. Комисијата усвои Заклучок со кој

се поддржуваат оцените содржани во Извештајот, со заложба за натамошно следење и поттикнување на реализацијата на зацртаните политики во образованието и научно-истражувачката дејност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 15 |
| Вкупно разгледани точки | | 32 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 25 |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

Комисијата за култура е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ОЛИВЕР ШАМБЕВСКИ,** претседател | |
| | **ВАСКО ШУТАРОВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Ивица Георгиевски | |
| 3. | Весела Честоева | |
| 4. | Наташа Јаневска | |
| 5. | Цена Матевска | |
| 6. | Феми Јонузи | |
| 7. | Џемаиљ Јашари | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузова-Каревска | |
| 10. | Флора Кадриу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Анета Стефановска | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Хајрула Мисини | |
| 7. | Теута Арифи | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Во извештајниот период одржа **три** седници на кои беа разгледани:

- Предлог - буџет на Република Македонија за 2010 година,
- Годишен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година,
- Разгледување на активностите околу имплементацијата на Годишната програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности 2009 година,
- Активности за подготовка на годишна програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности за 2010 година,

Предлог - програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2010 година и

- Предлог - одлука за изменување на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

Во однос на донесувањето на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2010 година, работното тело формирано од страна на Комисијата, по неколкуте обраќања до институциите од областа на културата низ целата земја, како и единиците на локалната самоуправа, изготви Предлог - програма врз основа на членот 5 од Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 24/98 и 4/2003). Во рамките на својот делокруг Комисијата ја утврди Предлог - програмата и ја поднесе до Собранието на Република Македонија која истата ја донесе.

Комисијата донесе Предлог - одлука за изменување на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија и ја поднесе до Собранието на Република Македонија која истата ја донесе.

Комисијата го разгледа и Предлог - буџетот на Република Македонија за 2010 година во делот на културата како заинтересинрано тело. Беше укажано на предвидените активности на Министерството за култура во однос на капиталните проекти, дејностите од културата, како и Програмата за 2010 година.

Разгледувајќи го извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година во делот на културата, Комисијата оцени дека истиот е реален и позитивно го оценува напредокот во областа на културата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други активности и акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни droги,
-санитарниот и здравствениот надзор и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МЕРАЛ УЗЕИРИ ФЕРАТИ,** претседател | |
| | **ФЛОРА КАДРИУ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Миле Пачемски | |
| 3. | Јован Гинев | |
| 4. | Веле Георгиевски | |
| 5. | Марија Андоновска | |
| 6. | Владо Стефановски | |
| 7. | Зумрете Јакупи | |
| 8. | Феми Јонузи | |
| 9. | Менде Диневски | |
| 10. | Ѓорги Оровчанец | |
| **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Живко Пејковски | |
| 4. | Панче Дамески | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Надица Танчева Тулиева | |
| 7. | Вулнет Амети | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Андреј Петров | |
| 10. | Станка Анастасова | |

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008).

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

Во овој период Комисијата одржа 9 седници со 12 точки и поднесе 9 амандмани.

Комисијата за здравство има особено конструктивни расправи кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. На седниците во континуитет се поканувaат и присуствуваат претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и Лекарската комора на Република Македонија.

Комисијата констатира дека со донесувањето на Законот за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите се уредува заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници, општините и Фондот за здравствено осигурување. Комисијата заклучи овој закон да се проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија. Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите беше разгледан и во второ читање.

Во однос на Законот за евиденции во областа на здравството во комисиската

расправа беше кажано дека со предложениот Закон ќе се обезбеди воведување на унифицирано водење на евиденциите во областа на здравството, централната база на податоци и усогласување со европските стандарди. Комисијата за здравство во второто читање на Законот за евиденции во областа на здравството ги разгледа амандманите поднесени на Предлог законот од овластени предлагачи.

Од особено значење е Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, за кој Комисијата констатира дека на овој начин ќе се обезбеди здравствено осигурување на сите категории на граѓани кои не се осигурани по ниту еден основ. Овој закон Комисијата го разгледа и во второ читање со поднесените амандмани од овластени предлагачи. Согласно со членот 155 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата за здравство, како матично работно тело заедно со Законодавно-правната комисија изготви Дополнет предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Комисијата имаше квалитетна и конструктивна расправа по Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита. Имено изменувањето и дополнувањето на Законот е заради усогласување со европското законодавство, како и можност за воведување нови специјализации за јавно здравство соодветно на потребите, а Институтот за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравство согласно со законските надлежности превентивно ќе дејствуваат.

Комисијата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година заедно со Предлогот на буџетот за Фондот за здравствено осигурување при што се констатира дека во рамките на планираните проекции нема драстично намалување на средствата во здравствената дејност.

Комисијата како матично работно тело, го разгледа и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести кој е во насока на овозможување за рано откривање и брз одговор на епидемии на заразни болести и усогласување со европското законодавство. Овој закон Комисијата го разгледа и во второ читање.

Предлогот на законот за јавно здравје, Комисијата го разгледа во прво читање и констатира дека со предложениот закон се уредуваат основните функции и задачи на јавното здравје, јавно здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 11 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА КИТАНОВСКИ,** претседател | |
| | **ВАНЧО КОЦЕВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Светлана Јакимовска | |
| 2. | Никола Котевски | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Марија Рашковска | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Вулнет Амети | |
| 9. | Весна Бендевска | |
| 10. | Радмила Шеќеринска | |
| 11. | Станка Анастасова | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Владо Стефановски | |
| 3. | Ристо Стојанов | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Лидија Митева | |
| 6. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 7. | Рафиз Алити | |
| 8. | Тахир Хани | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Јован Манасијевски | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Имер Алиу | |

Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија за периодот од 1 јануари 2009 до 31 декември 2009 година оддржа 23 седници на кои се разгледани 29 точки на дневен ред и тоа четири Предлог закони во скратена постапка, 12 Предлог закони во редовна постапка; Предлогот на Буџет на Република Македонија за 2010 година и Извештајот на Европскиот комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година .

Во рамките на своите надлежности, Комисијата ги разгледа следниве закони:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,
-Предлог закон за изменување на законот за пензиско и инвалидско осигурување,

-Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

-Предлог на Закон за социјалната заштита,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката,

-Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, по скратена постапка,

-Предлог на закон за употреба на знаковниот јазик

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (мобинг),

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

-Предлог на закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијатијата со општествена и државна сопственост,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Меѓу позначајните Закони од областа на трудот и социјалната политика кои беа донесени во тековната година се следните:

Новиот закон за социјалната заштита со кој државата го воспоставува системот на социјална заштита на граѓаните и го овозможува нивното функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

На полето на унапредување на социјалната работа во установите за социјална заштита се утврди потребата за унапредување на стручниот пристап во третманот на корисниците на правата од социјална заштита. Заради унапредување на стручната работа во установите за социјална заштита се предвидува формирање на Комисија за лиценцирање, спроведување на програми за стручно усовршување на сручните лица во установите за социјална заштита, проверка на стручното знаење на стручните лица и се уредува постапката за издавање и одземање на лиценцата за работа. Во делот на спроведувањето на стручната работа, се воведува изготвување на индивидуален план за работа со корисниците, освен за корисниците на правото на парична помош од социјална заштита. Во делот на раководење на установите за социјална заштита се предвидува лицата кои конкурираат за вршење на оваа функција, покрај другите услови, да подготват и програма за раководење со установата. Се предвидува и орган за внатресна контрола, пред се над материјалното работење на установите за социјална заштита.

Со оглед дека дејноста на социјалната заштита е од јавен интерес, во Законот е предвидено преземање мерки преку кои се остварува социјалната превенција, вон институционалната и институционалната заштита и материјалното обезбедување на корисниците на социјалната заштита. Како носители на социјалната заштита се утврдуваат Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности утврдени со овој закон. Како новина е утврдена можноста општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје со своја одлука, а во согласност со своите материјални можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјалната заштита. Програмите за социјалната заштита на општините треба да се засновани на потребите на граѓаните од општината да ја организираат социјалната заштита за лицата со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со телесна или ментална попреченост, децата на улица - улични деца, децата со воспитно - социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку организирање на вонинстутуционални и институционални облици на социјална заштита, домување за лицата изложени на социјален ризик и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита

Со овој закон се дефинира плурализација во социјалната заштита со давање на можност на граѓанската иницијатива и на физицки лица да вршат одредени работи од социјалната заштита. Како новина е предвидено хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и религиозни групи и други непрофитни организации да можат да даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик и на кои им е потребна помош.

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата**

Со овој закон овозможува прецизирање на дефинирањето на заштитата на децата која е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Со тоа се воведува нов пристап на дефинирање на заштитата на децата со оглед на тоа дека освен државата и единиците на локалната самоуправа се вклучуваат во системот и организацијата на грижата за заштитата на децата. Овие функции се остваруваат согласно со материјалните можности на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата како и според можностите на државата и локалната самоуправа за организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Исто така се воведуваат нови одредби при што се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на било каква форма на

дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето. Овие постулати кои се директно преземени од меѓународни документи значат директно унапредување на домашното законодавство со стандардите кои се утврдени на меѓународно ниво.

Со овој закон се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничкото или социјално потекло, културна или друга припадност, имотна состојба, онеспособеност, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател во законот се санкционира и се воведуваат прекршочни одредби за прекршителите на овие забрани.

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи**

Во областа на работните односи беа донесени две законски измени од кои со едната измена се воведе концептот на мобинг на работното место, а со другата измена се изврши усогласување со директивите на ЕК во областа на трудовото право и воедно се редефинираа критериумите за репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачите. Во Законот се утврдени нови критериуми за репрезентативност на синдикатите на ниво на Република (член 34). Нови услови за репрезентативност кои кумулативно треба да ги исполни синдикатот за да биде репрезентативен се: да е запишан во регистарот на синдикати кој го води министерството надлежно за работите од областа на трудот; во него да членуваат најмалку 10% од вкупниот број вработени во Република Македонија во секторот за кој се склучува колективниот договор, кои плаќаат членарина на синдикатот; да здружува најмалку три синдикати на национално ниво од различни гранки, односно оддели кои се запишани во регистарот кој се води во министерството надлежно за работите од областа на трудот; да дејствува на национално ниво и да имаат регистрирани членки во најмалку 1/5 од опишаните во Република Македонија; да дејствува во согласност со својот статут и демократските принципи и во него да членуваат синдикати кои потпишале или пристапиле на најмалку три колективни договори на ниво на гранка, односно оддел. Со истиот член се утврдени и критериуми за репрезентативност на синдикат во јавниот сектор , во приватниот сектор од областа на стопанството, на ниво на гранка, односно оддел и на ниво на работодавач.

**Предлог на закон за употреба на знаковниот јазик**

Овој закон доби целосна поддршка и од позицијата и опозицијата при што беше истакнато дека се работи за еден Закон кој е редок дури и во земјите на ЕУ, а во регионот Република Македонија е првата која се одлучува на ваков чекор.

Со овој Закон се овозможува проширување на полето на можност за употреба на толкувач за секојдневните потреби на лицата со пречки во слухот и говорот.

Во текот на второто читање на овој закон за првпат во историјата на Собранието на Република Македонија една седеница на работно тело беше симултано пренесувана на знаковниот јазик.

Комисијата донесе шест заклучоци чија имплементација е веќе започната.

Комисијата го разгледа и Буџетот на Република Македонија за 2010 година во делот на трудот и социјалната политика. Се истакна дека во овој буџет се опфатени сите корисници на социјални трансфери и се одделени сите средства потребни за имплементација на законите од областа на трудот и социјалната политика, како и средства за главните програми на Министерството како што се развојот на установите за детска заштита и опремувањето на центрите за социјална заштита, се изедначуваат категориите воени и цивилни инвалиди, затоа е и видното зголемувањето во оваа програма од Буџетот, а воедно и се продолжува со политиката за демографски развој и декадата на Ромите.

Разгледувајќи го извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година, во делот на трудот и социјалната политика, Комисијата оцени дека во него реално се прикажани состојбите во наведената област, како и дека е постигнат одреден напредок до пристапот на работна сила. Исто така, беше укажано дека е направен напредок во областа на трудовото право, безбедноста при работењето, политиката на вработувањето и родовата еднаквост, а посебно во делот на спречувањето на дискриминацијата.

Согласно со членот 120 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Илија Китаноски. Седниците се одржуваат редовно во закажан термин и со присуство на кворум. На седниците на Комисијата беа поканети и придонес во работата дадоа претставници од синдикати, здруженија на пензионери, борци, трудови инвалиди, инвалидни организации и др.

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за цивилни инвалиди од војната** со кој се изедначува цивилната и воената инвалиднина.

Врз основа на членот 149 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата за труд и социјална политика по разгледаните точки поднесе и усвои 31 амандман.

***Меѓународна активност***

Во февруари 2009 година пратеникот Виолета Ташева учествуваше на дебата во Европскиот Парламент во Брисел на тема "Миграцијата на работната сила - позитивни и негативни искуства".

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 23 |
| Вкупно разгледани точки | | 18 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 8 |
| | јавни дејности | 8 |
| Поднесени амандмани | | 33 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **КОСАНА НИКОЛИЌ МАЗНЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Нада Станчевска | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Дарка Петрушевска | |
| 5. | Весела Честоева | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Јулијета Марку | |
| 8. | Станка Анастасова | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 2. | Наташа Јаневска | |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 4. | Катерина Димеска | |
| 5. | Јаготка Ивановска | |
| 6. | Вулнет Амети | |
| 7. | Феми Јонузи | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Садије Илјази | |

***Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од јануари до декември 2009 година, работеше на редовни седници на Комисијата, организираше јавни расправи, надзорна расправа и семинар, а зеде учество на трибини на локално ниво, како и во меѓународни активности во земјава и надвор од неа.***

Во текот на 2009 година, Комисијата одржа девет седници на следните теми:

- "Спроведување на родовите квоти на претстојните избори, Информирање за родовите квоти на претстојните избори - вклученост на двата пола на листите за советници и избирачките одбори" (одржани

на 15 јануари и 20 февруари 2009 година во просториите на ДИК),

- "Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009" (одржана 18 мај 2009 година),
- "Напредокот на Република Македонија на планот на родовата рамноправност по последниот Извештај на Европската Комисија" (22 мај 2009 година),
- "Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи" - прво и второ читање (одржани 22 јули и 19 август 2009),
- "Разгледување на Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, во делот на родовата рамноправност" (26 октомври 2009 година),
- "Одбележување на 10 години од прогласувањето на 25 Ноември - меѓународен ден за искоренување на насилството врз жената", "Предлог на закон за дополнување на Изборниот законик" ( 25 ноември 2009 година) и
- "Предлог на Буџет на Република Македонија за 2010 година" (2 декември 2009 година).

Комисијата во изминатиот период одржа три јавни и една надзорна расправа на следниве теми: "Буџетирање по мерка на децата" (10 февруари 2009 година, во соработка со УНИЦЕФ), "Родово одговорно буџетирање во Република Македонија - размена на искуствени практики од Холандија и Австрија" (27 мај 2009 година, во соработка со УНИФЕМ), "Сексуално и репродуктивно здравје на младите во Република Македонија" (14 декември 2009 година, во соработка со Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА) и "Имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите" (18 ноември 2009 година, во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт, а според заклучоците по регионалната конференција на жените парламентарки во Сараево). На расправите присуствуваа од 80 до 100 претствавници на невладините организации, локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите, експерти и други.

Комисијата зеде учество на трибините на тема "Семејно насилство" и "Мобинг" во организација на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Струга, обраќања на Лилјана Поповска и Лилјана Затуроска (23.07. 2009 и 26.11.2009 во Струга).

Во организација на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, а во соработка со ДЦАФ, ОДИХР и Мисијата на ОБСЕ во Македонија се одржа семинар на тема "Вклучување на родот во создавањето национална безбедносна политика и во надзорот врз безбедносниот сектор" наменет за пратеници и претставници на граѓанскиот сектор (21 и 22 октомври 2009).

Во периодот од јануари до декември 2009 година, Комисијата зеде учество во следните меѓународни активности:

- средба помеѓу Лилјана Поповска, претседател на Комисијата со Хелмут Ламп, пратеник во Бундестагот во присуство на 30 луѓе од неговата ИЕ (2 јуни 2009 во Собранието на РМ),
- конференција на тема: "Жените и Европските избори", со обраќања на Лилјана Поповска и Зумрете Јакупи (05 март 2009 во Европскиот парламент, во Брисел),

- регионална конференција на тема "Акционен план за спроведување на Регионалната декларација за соработка на институционалните механизми за родови прашања и следење на примената на Резолуцијата на ОН 1325",
- обраќање на Лилјана Затуровска (07 и 08 април 2009, во Сараево), тркалезна маса на тема: "Учеството на жената во политиката", обраќање на Лилјана Поповска (23 и 24 јуни 2009 во Варшава, Полска) и
- регионалната конференција наменета за жени парламентарки на тема: "Зголемување на политичкото учество на жените во регионот - влијание врз политичките, економските и социјалните фактори", под покровителство на ОБСЕ (од 14 до 16 октомври 2009 во Сараево, Босна и Херцеговина).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Одржани јавни расправи | | 3 |
| Одржани надзорни расправи | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 27 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 2 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 7 |
| Прашања, предлози | | 13 |

меѓународна соработка
- во земјата 1
- надвор од неа 4
-активности на локално ниво 2

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и члeновн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Китаноски | |
| 2. | Љубисав Иванов-Ѕинго | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Косана Николиќ-Мазнева | |
| 5. | Анита Кипаризова-Крстеска | |
| 6. | Оливер Деркоски | |
| 7. | Горан Минчев | |
| 8. | Никола Ќурчиев | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Рафиз Алити | |
| 11. | Џеват Адеми | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Александар Николоски | |
| 3. | Надица Танчева Тулиева | |
| 4. | Дарко Димитриевски | |
| 5. | Нада Станчевска | |
| 6. | Светлана Јакимовска | |
| 7. | Горан Мисовски | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Маринела Тушева | |
| 10. | Ермира Мехмети | |
| 11. | Сафет Незири | |
| 12. | Флора Кадриу | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 година). Со оваа Одлука се утврдени бројот на членовите и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија одржа седум седници.

Сите активности на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се реализираат во рамките на надлежностите определени согласно со Деловникот на Собранието, Одлуката за основање на постојани работни тела и одделни закони.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците до членовите на Комисијата, заедно со поканата за седница беше доставуван и материјал по точките од Предлогот на дневниот ред на седницата.

Значајна новина во работата на работните тела и на оваа Комисија е воведувањето на е-парламент. Во врска со тоа, последните две седници од овој извештаен период, т.е Дваесеттата и Дваесет и првата седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата беа закажани по електронски пат.

За одделни прашања, во функција на седниците на Собранието, беа изготвени поединечни акти.

На почетокот на извештајниот период беше утврдена една од најважните Одлуки, Одлуката за именување на претседател, заменик - претседател и членови на Комисијата за верификација на фактите.

Според Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2008 и 64/2009), согласно членот 16-а став 1, Собранието на Република Македонија од редот на членовите на Комисијата, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, ги избира претседателот и заменик - претседателот на Комисијата за време од шест месеци.

Заради горенаведените причини, Комисијата за прашања на изборите и именувањата по истекот на периодот од член 16-а став 1 од Законот, утврди и Одлука за избор на претседател и заменик - претседател на Комисијата за верификација на фактите и тоа од редот на членовите на Комисијата.

Исто така, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе и Одлука за определување на коефициент за утврдување на плата на претседателот, заменик - претседателот и членовите на Комисијата за верифакација на фактите.

Бидејќи функцијата член на Комисијата за верификација на фактите се врши професионално, имајќи предвид дека од редот на членовите на Комисијата, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се избира претседател и заменик претседател на секои шест месеци, со одлуката беше утврдено сите членови на Комисијата да имаат ист коефициент за пресметување на плата.

Особено заначајно за оваа Комисија беше и утврдувањето предлози за членови од редот на пратениците во Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

Ова координативно тело беше воведено согласно со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, според кој во членот 101 се предвидени двајца предлагачи на членови во Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија и тоа Владата на Република Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Со оглед на тоа што немаше доставено предлози во рокот утврден во членот 101 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, поточно во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на законот, Комисијата за прашања на изборите и именувања ја започна постапката со доставување на барање до пратеничките групи во Собранието да определат по еден член за Координативното тело. Комисијата за прашања на изборите и именувањата за почетокот на постапката ја извести и Владата на Република Македонија, со барање да достави предлози за по еден член на Координативното тело од Министерството за правда, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика.

Предлозите за членови од редот на пратениците во Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија, утврдени од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, заедно со доставените предлози од Владата на Република Македонија беа разгледани заедно на седница на Собрание.

Согласно со членот 237 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата е надлежна да даде мислење за правилниците за

организација и делокруг и за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.

Во извештајниот период во два наврати се предлагаа измени и дополнувања на правилниците за организација и систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, од страна на генералниот секретар на Собранието. Комисијата за прашања на изборите и именувањата и во двата случаја даде свое мислење за предложените измени и дополнувања.

Во рамките на своите надлежности Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја донесе Одлуката за определување на дневниците за службено патување во странство на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Имено, раководителот на Одделението за внатрешна ревизија на Собранието на Република Македонија до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 02 февруари 2009 година достави Конечен извештај за извршената ревизија на усогласеност во процесот на службените патувања во странство во Собранието на Република Македонија за 2007 година. Ист ваков извештај беше доставен и до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Во Извештајот се препорачуваа условите и начинот за утврдување на износот за остварување на дневниците за службени патувања во странство, уредени со Законот за пратеници, како и нивната примена да го определи надлежното работно тело на Собранието, односно Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, што е согласно членот 31 став 2 од Законот за пратеници.

Од овие причини Комисијата ја донесе Одлуката за определување на дневниците за службено патување во странство на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Одлуката беше донесена согласно со Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци и Решението за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, донесени од Владата на Република Македонија.

Особено значајно е утврдувањето на Одлуката за избор на членови на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво.

Имено, согласно со Законот за малолетничка правда, Државниот совет е составен од 15 члена кои ги избра Собранието на Република Македонија со мандат од пет години, со право на повторен избор, од кои:

- седум члена на Државниот совет ги предложи министерот за правда како претставници од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на Република Македонија, Врховниот суд на

Република Македонија и Адвокатската комора на Република Македонија и

- осум члена на Државниот совет ги избра Комисијата за прашања на изборите и именувањата по пат на јавен оглас од редот на истакнати научни и стручни работници кои работат на заштитата на интересите на малолетниците од кои беше избран и еден претставник од редот на невладините организации за заштита на децата.

При изборот на членовите на Државниот совет беше запазена соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>34</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти (одлуки, декларации, програми)</td><td>33</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>1</td></tr>
</table>

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател | |
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Надица Танчева Тулиева | |
| 2. | Никола Котевски | |
| 3. | Владимир Ѓорчев | |
| 4. | Томе Даневски | |
| 5. | Хисен Џемаили | |
| 6. | Емилијан Станковиќ | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Имер Алиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Благородна Дулиќ | |
| 2. | Анета Стефановска | |
| 3. | Јаготка Ивановска | |
| 4. | Стојче Крстевски | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Томе Чингоски | |
| 7. | Роза Топузовска Каревска | |
| 8. | Бесим Догани | |

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, во овој периодот оддржа шест седници од кои последната седница е со три продолженија со вкупно пет точки на дневен ред.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела ги разгледа:

**-Предлог - деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија (прво читање) поднесено од група пратеници;**

**- Запознавање со Заклучокот донесен на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија по повод донесувањето на Законот за Собранието на Република Македонија и**

**- Расправа по Заклучокот донесен на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија по повод донесувањето на Законот за Собранието на Република Македонија.**

Комисијата, исто така, во рамките на својата надлежност ги разгледува и извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот, а согласно со надлежноста, ги разгледа:

**- Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно**

**со членот 153 од Изборниот законик, број 10-2750/1 од 13 април 2009 година и**

**- Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик, број 10-2794/2 од 16 април 2009 година.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,

-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,

-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,

-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,

-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој и

-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЕРМИРА МЕХМЕТИ ДЕВАЈА,** претседател |
| | **НАЗИФ БУШИ** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Марјанчо Колевски |
| 4. | Крсто Мукоски |
| 5. | Лидија Митева |
| 6. | Нада Станчевска |
| 7. | Живко Пејковски |
| 8. | Џеват Адеми |
| 9. | Никола Ќурчиев |
| 10. | Андреј Петров |
| 11. | Флора Кадриу |
| 12. | Абедин Зумбери |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Дарка Петрушевска |
| 3. | Васко Шутаров |
| 4. | Марија Рашковска |
| 5. | Ванчо Коцев |
| 6. | Горан Ѓуровски |
| 7. | Илија Димовски |
| 8. | Хајрула Мисини |
| 9. | Марјанчо Николов |
| 10. | Горан Сугаревски |
| 11. | Бесим Догани |
| 12. | Сулејман Рушити |

Комисијата за локална самоуправа започна со работа на 14 мај 2009 година.

Во овој период, Комисијата одржа три седници посветени на предлог-закони и други предлог акти од областа на локалната самоуправа. На првата седница во прво читање беше разгледан Предлогот на законот за меѓуопштинска соработка. На втората седница беа разгледани амандманите поднесени од страна на пратениците. Со оглед на тоа што на Предлогот на закон за меѓуопштинска соработка се усвоени дел од поднесените амандмани, Комисијата за локална самоуправа и Законодавно-правната комисија изготвија Дополнет предлог на овој закон. На третата седница на Комисијата за локална самоуправа која што имаше две продолженија, беше разгледана Предлог - стратегијата за регионален развој 2009-2019. На Предлог-стратегијата беа поднесени амандмани од пратеници и истите беа разгледани од Комисијата. Со оглед на тоа што на Предлог-стратегијата се усвоени дел од поднесените амандмани, Комисијата за локална самоуправа и Законодавно-правната комисија изготвија Дополнет предлог на истата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ГОРАН МИНЧЕВ,** претседател |
| | **МЕНДЕ ДИНЕВСКИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Оливер Шамбевски |
| 2. | Томе Чингоски |
| 3. | Назиф Буши |
| 4. | Бесим Догани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Цветко Грозданов |
| 2. | Горан Сугарески |
| 3. | Тахир Хани |
| 4. | Садије Илјази |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 2 |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области: Политички систем | Закони по области: Економски систем | Закони по области: Јавни дејности | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 43 | 385 | - | 131 | 151 | 53 | 17 | 3 | 46 | 1 | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 29 | 73 | - | 62 | - | - | 23 | - | 2 | 9 | - |
| одбрана и безбедност | 19 | 36 | - | 26 | - | - | 1 | - | 7 | 2 | 1 |
| надворешна политика | 24 | 42 | - | 17 | 11 | 14 | - | - | - | - | - |
| европски прашања | 29 | 37 | - | 6 | 17 | 7 | - | - | 3 | 4 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 14 | 21 | - | 2 | - | 2 | - | - | - | - | 17 |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 2 | 5 | - | - | - | - | - | - | 1 | 2 | 2 |
| финансирање и буџет | 36 | 80 | - | - | 62 | - | - | 4 | 2 | 12 | - |
| економски прашања | 23 | 34 | - | - | 25 | - | - | 3 | 6 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 17 | 35 | - | - | 23 | - | 6 | 3 | 2 | 7 | - |
| транспорт, врски и екологоја | 29 | 43 | - | 5 | 13 | 8 | 15 | 1 | 14 | 2 | - |
| образование, наука и спорт | 15 | 32 | - | - | - | 25 | - | 1 | 3 | 2 | 1 |
| култура | 3 | 6 | - | - | - | - | - | 1 | 4 | 1 | - |
| здравство | 9 | 12 | - | - | - | 11 | - | 1 | - | - | - |
| труд и социјална политика | 23 | 18 | - | - | 8 | 8 | 33 | 1 | - | 1 | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 9 | 27 | - | 1 | - | 2 | - | 2 | 2 | 7 | 13 |
| прашања на изборите и именувањата | 7 | 34 | - | - | - | - | - | - | 33 | - | 1 |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 6 | 5 | - | - | - | - | - | - | 3 | 2 | - |
| локална самоуправа | 3 | 2 | - | 1 | - | - | 6 | - | 1 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 3 | 5 | - | 2 | - | - | - | - | - | 1 | 2 |
| **Вкупно:** | **343** | **932** | **-** | **253** | **310** | **130** | **102** | **20** | **129** | **53** | **37** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател |
| | **КЕНАН ХАСИПИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Живко Пејковски |
| 2. | Владо Стефановски |
| 3. | Цена Матевска |
| 4. | Анета Стефановска |
| 5. | Катерина Димеска |
| 6. | Никола Ќурчиев |
| 7. | Менде Диневски |
| 8. | Теута Арифи |
| 9. | Фазли Велиу |
| 10. | Џемаил Јашари |
| 11. | Кипаризовска Крстевска Анита |
| 12. | Амди Бајрам |
| 13. | Стоилјковиќ Иван |
| 14. | Авдија Пепиќ |
| 15. | Имер Алиу |
| 16. | Бесим Догани |
| 17. | Имер Селмани |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони,

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област,

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,

-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците,

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон и

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа три седници.

**Четврта седница** одржана на 30 октомври 2009 година со дневен ред:

-Ислушување на презентацијата и излагањето на г. Абдулаќим Адеми, заменик претседател на Владата на РМ во врска со целите и функциите на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

**Петта седница** одржана на 09 ноември 2009 година со дневен ред:

- Обраќање на шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Хозе Луис Херeро во врска со меѓуетничките односи во земјата.

**Шеста седница** одржана на 10 декември 2009 година со дневен ред:

1) Разгледување на прашањето за извршување на одредбата на членот 55 од Законот за локалната самоуправа во врска со формирањето на комисии за односи меѓу заедниците во општините на подрачјето на Градот Скопје и на територијата на Република Македонија, во кои најмалку 20% од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница, но и во други општини на територијата на Република Македонија што не се обврзани со одредбата на овој член, а формирале комисии за односи меѓу заедниците и

2) Одлучување во врска со спорот за спроведување на постапка за гласање по Дополнетиот предлог на закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа (второ читање). Комитетот за односи меѓу заедниците не ја разгледа оваа точка од дневниот ред заради тоа што не беше исполнет условот утврден во членот 8 став 5 од Законот на Комитетот за односи меѓу заедниците, согласно со кој Комитетот работи ако на него присуствуваат две третини од вкупниот број на членови.

**Работни средби**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа шест работни средби :

-Работна средба одржана на 22 јануари 2009 година на која присуствуваше претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците Џеват Адеми, претставници на комисиите за односи меѓу заедниците од неколку општини во Македонија и невладината организација за заеднички вредности.

-Работна средба одржана на 28 јануари 2009 година со комесарот за национални малцинства во ОБСЕ, г. Кнут Волебек.

-Работна средба одржана на 16 јули 2009 година со членот на Германскиот Бундестаг г.Курт Бодевиг (член на Социјал-демократската партија), заменик - претседател на Комисијата за работите на Европската Унија.

-Работна средба по повод презентација на брошура "Практичен водич за работата на комисиите за односи меѓу заедниците" која се одржа на ден 24 септември 2009 во хотел Холидеј ин - Скопје. На средбата присуствуваа: г. Коце Трајановски - претседател на ЗЕЛС, г. Џеват Адеми, претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците, г. Ибрахим Мехмети и г. Љуљзим Хазири - автор.

-Комитетот за односи меѓу заедниците, на ден 29 септември 2009 година, на нивно барање одржа средба со Делегација на Европската комисија за борба против расизмот и нетолеранција (ЕКРН) на Советот на Европа за РМ. Во состав на Делегацијата беа ММ. François San't Augelo од Белгија и Мр Jacint Riberaygua Caelles од Андора, придружувани од секретарот на Делегацијата Ивес Винисдоерф. На средбата беше разговарано за надлежностите на Комитетот и неговата улога во остварување на правата на заедниците во Република Македонија. Делегацијата на

ЕКРХ , содржината на средбата и оцената за работата на Комитетот ќе ја вгради во претстојниот ИВ Монографски извештај на ЕКРХ за Македонија и

-Комитетот за односи меѓу заедниците, на 2 октомври 2009 година, на барање на Јулиус Голдман, менаџер на проектот ЦСС пројецт за Интегративно посредување, одржа средба на тема "Решавање на меѓунационалните конфликти на локално ниво во Западен Балкан".

Претседателот Џеват Адеми ги запозна присутните за досегашната работа на Комитетот за односи меѓу заедниците, за постигнувањата и целите во работата. На средбата беше разговарано за надлежностите на Комитетот и неговата улога во остварување на правата на заедниците во Република Македонија. Јулиус Голдман информираше дека проектот CSS project за Интегративно посредување, почнал со работа 2006 година во општина Струга каде што се фокусирани на меѓунационалните односи, зајакнувајќи го Советот за меѓунационални односи и решавање на проблемите на локално ниво. Споменатиот проект ќе почне да се реализира и во општините Гази Баба и Куманово.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците Џеват Адеми на 20 октомври 2009 година, на барање на Gerard McGurk заменик шеф на Мисијата во Амбасадата на Велика Британија и Дијана Руси, политички советник во Амбасадата на В. Британија, одржа работна средба на тема "Функционирање на Комитетот за односи меѓу заедниците и спроведување на законите".

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците Џеват Адеми на 20 октомври 2009 година одржа работна средба, на барање на шефот на мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Хозе Луис Херера и Кјетил Исане офицер за политичко известување. Шефот на мисијата на ОБСЕ Амбасадорот Хозе Луис Херера на средбата беше заинтересиран за писмото испратено до нив на 14 октомври во врска со неодамнешниот настан на кој се изврши презентација на Предлог-документ подготвен од нивна страна и на Министерството за образование и наука, со кое се предлага нова образовна политика во Македонија.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

Во овој извештаен период, Советот не оддржа седници.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РАФИЗ АЛИТИ,** - претседател | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Шамбевски | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Христина Рунчева | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Весна Бендевска | |
| 7. | Емилијан Станковиќ | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Даут Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Шутаров | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Кенан Хасипи | |
| 4. | Јован Лазарев | |
| 5. | Вулнет Амети | |
| 6. | Славица Грковска | |
| 7. | Томе Чинговски | |
| 8. | Горан Минчев | Г |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Сулејман Рушити | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на втората седница на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008). Оваа Одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 104/2009).

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** претседател | |
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Деркоски | |
| 2. | Илија Китановски | |
| 3. | Иван Стоиљковиќ | |
| 4. | Силвана Бонева | |
| 5. | Владанка Авировиќ | |
| 6. | Хисен Џемаили | |
| 7. | Марјанчо Николов | |
| 8. | Миле Андонов | |
| 9. | Бесим Догани | |

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа шест седници. На седниците беа разгледани вкупно десет точки на дневен ред.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на четвртата седница одржана на 7 мај 2009 година расправаше по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија и ги поддржа амандманите изготвени од Службата на Собранието по истиот.

На петтата седница одржана на 23 јули 2009 година Буџетскиот совет ги разгледа и ги усвои Насоките за подготовка на Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2010 година и периодот 2010-2012 година. Насоките се изготвени од страна на Службата на Собранието, врз основа на искуството, потребите, согледувањата, остварените резултати во 2009 година и содржат информации за целите и приоритетите на одделните организациони единици за 2010 година. При изготвување на Предлогот на буџетското барање на

Собранието за 2010 година беа земени предвид усвоените насоки.

На шестата седница одржана на 9 септември 2009 година Буџетскиот совет го разгледа и го усвои Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2010 година и периодот 2010-2012 година изготвен од Секторот за финансиски и економски прашања на Собранието на Република Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет расправаше по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија и констатираше дека во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија има отстапување од Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија ги поддржа амандманите по истиот.

На Седмата седница одржана на 16 октомври 2009 година Буџетскиот совет ги разгледа активностите на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија кои произлегуваат од Законот за Собранието на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" број104/2009.

Врз основа на расправата Буџетскиот совет одлучи пратениците Оливер Дерковски и Миле Андонов да присуствуваат на средбата која ќе се одржи на 19 октомври 2009 година во Министерството за финансии, на која ќе се разгледува Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2010 година и периодот 2010-2011 година и ќе се вршат консултации и усогласувања во однос на финансиската проекција на потребните средства на Собранието на Република Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет усвои заклучок за формирање на работна група која ќе изготви Предлог на правилник за начинот на располагање и набавување на недвижните и движните ствари, како и евидентирањето и попишувањето на имотот.

На оваа седница Буџетскиот совет ја разгледа и ја прифати Финансиската конструкција за ангажирање на надворешни соработници-советници во Собранието на Република Македонија, подготвена од Секторот за финансиски и економски прашања.

Буџетскиот совет на Осмата седница одржана на 19 ноември 2009 година го разгледа и со шест гласа "за" и еден глас "воздржан" го донесе Правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движните ствари, како и евидентирањето и попишувањето на имотот на Собранието на Република Македонија.

На оваа седница Буџетскиот совет, согласно со членот 9 од Законот за Собранието на Република Македонија, заклучи надворешните соработници - советници да бидат распределени по пратенички групи и тоа:

**ВМРО-ДПМНЕ**

број на надворешни соработници -10

**СДСМ**

број на надворешни соработници - 3

**ДУИ**

Број на надворешни соработници - 3

**ЛДП и НОВА АЛТЕРНАТИВА**

број на надворешни соработници - 1

**НОВА ДЕМОКРАТИЈА**

Број на надворешни соработници - 1

**ДПА**

Број на надворешни соработници - 1

Особено значајна е расправата на Буџетскиот совет по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2010 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија.

Буџетскиот совет едногласно го поддржа амандманот изготвен од Службата на Собранието на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2010 година на раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

На Деветтата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија согласно со членот 27 став (1) од Законот за Собранието на Република Македонија и заклучокот од третата седница на Советот одржана на 25 ноември 2008 година за формирање на работна група за изготвување на Стратегија за развој на Собранието на Република Македонија за периодот 2010-2013 година, ја разгледа и ја усвои Стратегијата за развој на Собранието на Република Македонија за периодот 2010-2013 година.

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија донесе заклучок да се формира работна група составена од државни советници од Службата на Собранието, која ќе го изготви работниот текст на стратешките приоритети за 2010 година, во којшто ќе се развијат стратешките цели со конкретни активности, носители на активности и рокови за реализација на активностите. Притоа, Буџетскиот совет укажа на потребата во Стратегијата за развој на Собранието за периодот 2010-2013 година и при утврдувањето на стратешките цели и приоритети да се обезбеди поголема транспарентност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 5 |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во ЕУ. Советот претставува платформа која овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот – Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и Граѓанската платформа.

Во својата работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати: „обединети во разликите" отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа директно пренесувани и покриени од сите заинтересирани медиуми во Република Македонија. Дополнително, во своите активности Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати во најважните секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи, на форуми многу пошироки од составот на самиот Совет.

Согласно Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година („Службен весник на Република Македонија"бр.140/2007), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно.

Овој извештај се однесува на работата на Советот за периодот од 15 септември 2008 до 22 декември 2009 година.

Во Извештајот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварена меѓународна соработка на Советот,
- оценките од работата на Националниот совет и заложби за активностите што претстојат,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер, и нивно учество во дискусиите и
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

**ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр.106/2008), со Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 24 ноември 2008 година („Службен весник на РМ" бр.147/2008), Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 15 јуни 2009 година (Службен весник на РМ бр. 76/2009 ) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 25 август 2009 година (Службен весник на РМ бр. 106/2009).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има седумнаесет членови, и тоа: по четири члена од парламентарната позиција и опозиција, а членови по функција се претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Комисијата за надворешна политика и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и ЕУ.

Членови на Националниот совет се и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и по еден претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Начинот на работа, правата и обврските на претседателот, потпретседателот и членовите на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на седницата одржана на 31 јануари 2008 година.

Согласно член 4 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период од 15 септември 2008 година до 22 декември 2009 година Националниот совет за евроинтеграции одржа 9 седници, 10 јавни расправи и 17 средби со претставнци на европските институции, официјални претставници на земјите членки на Унијата и на други европски држави.

На Првата седница одржана на 15.09.2008 година Советот го разгледа **Извештајот за степенот на реализација на главните приоритети од парнерството за пристапување**. Националниот Совет за евроинтеграции се запозна со содржината на документот и донесе заклучок со кој ги советува сите институции задолжени за реализација на приоритетите да вложат дополнителен напор во претстојниот период за спроведување на мерките и активностите.

На Втората седница одржана на 22.10.2008 година Советот го разгледа документот **Клучни поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија и Република Македонија**.

По однос на точката, едногласно беше заклучено дека Националниот совет за евроинтеграции:

- смета дека визната либерализација е важен приоритет за Република Македонија и нејзините граѓани;

- ја разгледа Информацијата за клучните поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија;

- го поздрави напредокот кој Република Македонија го постигнува во исполнувањето на обврските;

- ги повикува институциите да остварат поголема соработка и да ги исполнат бараните реформи;

- ќе се вклучи во исполнувањето на сите обврски кои Република Македонија ги превзеде;

- ќе се вклучи во поширока дипломатска активност со земјите членки на Европската унија, при што ќе ги застапува придобивките од промената на визниот режим за двете страни.

На истата седница, на барање на г. Роберт Поповски, претседател на Здружението на новинари на Македонија, Советот го разгледа **Барањето од Здружението на новинари на Македонија да се поддржат заложбите и реакциите кои се однесуваат на начинот на кој властите на Република Грција постапија кон македонските новинари,** и ги донесе следниве заклучоци:

- го поддржа барањето на Здружението на новинари на Македонија во кое е укажано Република Грција да го промени начинот на однесување кон македонските новинари, јавно да се извини за настанатиот инцидент и во иднина да овозможи непречено остварување на нивните професионални обврски;
- препорача ова прашање да биде отворено на следната средба на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија.

На Третата седница одржана на 12.11.2008 година Советот го разгледа **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година**. На седницата присуствуваше и г. Јан Трушчински, заменик директор во Директоратот за проширување на Европската комисија. Советот ги донесе следниве заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2008 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија.
2. Поаѓајќи од стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка на процесот и од засилено ангажирање на сите надлежни субјекти во насока на целосно исполнување на бараните критериуми.
3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено во делот на политичките критериуми за членство во Европската унија.
4. Советот го нагласува значењето од континуирани реформски процеси во сите области од општественото живеење, како и од засилување на административните капацитети, потребни за целосно и ефикасно спроведување на реформите.
5. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.
6. Советот укажува на потребата да продолжат транспарентно да се одвиваат процесите за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.
7. Советот ја нагласува потребата од интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите-членки на ЕУ што не поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.
8. Советот предлага за Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година да расправа Собранието на Република Македонија по претходна расправа во собраниските комисии, и да донесе свои заклучоци.
9. Со мислењата и предлозите на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието и Владата на Република Македонија.
10. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

По иницијатива на Националниот совет за евроинтеграции, а врз основа на ови заклучоци, Собранието на Република Македонија на 15.12.2008 донесе Резолуција за приоритетите во 2009 година за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

На Четвртата седница одржана на 19.11.2008 година Советот ја разгледа **Скицата за реализација на препораките содржани во Извештај на Европската комисија за напредокот**

**на Република Македонија за 2008 година** и донесе заклучок сите предлози и мислења кои ќе бидат искажани од страна на присутните членови и претставници да бидат доставени до Владата на Република Македонија и земени предвид при ревидирање и реализирање на Скицата.

На истата седница Советот со консензус го донесе **Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година**, во кое им препорача на Собранието на Република Македонија и на неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, а се дадени во Анекс 1.

Советот ги поздрави преземените активности од страна на Владата и надлежните институции, што се однесуваат на подобрување на фазата на подготовка на закони, со препорака овие активности да се одвиваат континуирано. Истовремено, Советот укажа на неопходноста од почитување на Деловникот на Собранието на Република Македонија кога станува збор за донесување на закони по скратена или итна постапка.

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност при донесувањето на законите, Советот презеде обврска за организирање јавни расправи за законите кои се дадени во Анексот 2 од Мислењето *(Прилог: Мислење, Анекс 1 и Анекс).*

Во периодот февруари-април 2009, Националниот совет (како и Собранието и неговите работни тела) не одржуваше седници поради одржувањето на претседателските и локалните избори. Единствен исклучок од ова правило беа средбите кои беа дел од меѓународната соработка.

На Петтата седницата одржана на 6 мај 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-ревизија 2009 година.**

По однос на точката, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги донесе следните заклучоци:

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009;
2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009;
3. Согласно предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот смета дека е неопходно навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира превземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони,

утврдени во Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година;

4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, донесено на седницата на Советот одржана на 19 декември 2008 година.
5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

На Шестата седница одржана на 2 јуни 2009 година Националниот совет за евроинтеграции расправаше за **Реализацијата на главните приоритети за пристапување во Европската унија и на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ.** На седницата беше разгледана Информацијата за реализацијата на главните приоритети од Партнерството за пристапување, изготвена од Секретаријатот за европски прашања.

Националниот совет ја закажа Седмата седница за 11 септември 2009 година, на која требаше да се разгледа **Претпристапната економска програма 2009-2011**, но седницата не се одржа поради неможноста претставник на Владата на Република Македонија да ја претстави и образложи истата. До овој период не е добиена потврда од претставник на Владата за терминот на одржување на седницата.

На Осмата седница одржана на 17 септември 2009 година Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Информацијата за Инструментот за претпристапна помош (ИПА) - факти, статус, поставеност,** изготвена од Секретаријатот за европски прашања. Националниот совет за евроинтеграции го сугерираше следното,

- Инструментот за претпристапна помош треба Република Македонија да ја подготви за членството во Европската унија, како и за користење на европските структурни фондови. Дебатите на оваа тема се особено важни и треба да се интензивираат. Административните капацитети на Република Македонија за користење на европските фондови мора итно да се зајакнат за да може државата да ги исполни економските критериуми и да се справи со силната конкуренција во Европа.
- Владата на Република Македонија треба да има проактивен однос во консултирањето со сите заинтересирани субјекти, особено при проектирањето и подготовката на годишните ИПА програми, и особено во информирањето на граѓаните и невладиниот сектор за тековните и идните проекти на ИПА. Во оваа насока е неоходно да се креира посебна веб страница како централизирано место преку кое ќе може да се добиваат сите потребни информации за ИПА.

На Деветата седница одржана на 22 октомври 2009 година Националниот совет за евроинтеграции го разгледа **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година**. Националниот совет ги донесе следниве заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува препораката на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнува дека пораките од Стратегијата за проширување и главите предизвици 2009-2010, даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија како и на земјите од регионот.
2. Советот смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2009 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за превземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти.
3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено за зајакнување на административниот капацитет за континуирано спроведување на реформите со цел превземање на обврските од претпристапните преговори. Во оваа насока, Советот предлага Владата на Република Македонија итно да изготви Акционен план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2009 година, со носители и рокови на реализација (до крајот на месец декември 2009 година).
4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори. Советот препорачува итно формирање на преговарачки тимови и изготвување на предлог стратегија за преговори, во чие изготвување ќе се вклучи и Националниот совет за евроинтеграции.
5. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2009 година, Советот укажува на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, како и ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот.
6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и изнаоѓање заеднички прифатливо решение за името под закрила на Обединетите нации, останува клучно и суштинско прашање во следната фаза од евроинтегративниот процес. Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции како тело кое што го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение.
7. Советот ја нагласува потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што не

поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

8. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.
9. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.
10. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија.
11. Заклучоците на Советот да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност.

Десеттата седница се одржа на 15 декември 2009 година и на неа присутните расправаа за **Европската интеграција на Република Македонија по заклучоците на Советот на Европската унија од 8 декември 2009 година**.

**ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, Советот согласно донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, превзеде обврска да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата, со цел давање можност за искажување на ставовите и мислењата на сите заинтересирани субјекти. (Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2009 година).

Во организирањето на овие јавни расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Имено, јавните расправи се организираа во партнерство со соодветни професионални и граѓански организации специјализирани во соодветниот домен. Дополнително, беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, како и експерти од академските и стручни институции.

На 19 февруари 2009 година Националниот совет за евроинтеграции заеднички со Стопанската комора на Македонија организираа посебна Јавна расправа на тема **„Справување со кризата – функционални мерки за одржлив развој".** На расправата се дискутираше за прашањата кои сериозно го загрижуваат и влијаат врз македонското стопанство и економијата, последиците со кои се соочува државата како и за преземените мерки за справување со ефектите од светската економска криза.

Националниот совет за евроинтеграции заеднички со сојузот "Македонија без дискриминација" на 14 април 2009 година организираа **Јавна расправа по предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација, на тема "Европските политики за заштита од дискриминација во Република Македонија".** Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да ги изнесат согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на остварување на правото на заштита од дискриминација, како и можност да се изнесат мислења, предлози, сугестии и забелешки за подобрување на предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација. На јавната расправа беа презентирани предлог заклучоци кои Националниот совет за евроинтеграции ги разгледа и истите ги усвои на Петтата седница одржана на 06 мај 2009 година.

Националниот совет за евроинтеграции на 19 мај 2009 година, заедно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија организираа **Јавна расправа по Предлог-законот за меѓуопштинска соработка.** На јавната расправа беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на Предлогот на законот и во насока на обезбедување на поквалитетно и поефикасно остварување на заедничките интереси и заедничките работи од надлежност на општините како и подобрување на условите за меѓуопштинска соработка. Советот ги усвои заклучоците на Шестата седница одржана на 2 јуни 2009 година.

На 14 јули 2009 година Националниот совет организираше **Јавна расправа по работниот текст на Предлог-законот за бесплатна правна помош**. Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да изнесат согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на остварување на правото на бесплатната правна помош. Од учесниците на јавната расправа беше поздравена иницијативата за донесување на посебен закон за бесплатна правна помош, при што беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на работната верзија на Предлог-законот, во насока на поквалитетно и поефикасно остварување на правото на бесплатната правна помош.

На 22 јули 2009 година Националниот совет организираше Јавна расправа по **работната верзија на законот за кривична постапка** и **предлог законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик**. Јавната расправа претставуваше можност заинтересираните субјекти да изнесат согледувања за состојбите во државата во областа на водењето на кривичната постапка и практичната примена на Кривичниот законик. Имајќи го предвид значењето на реформата на казненото право, со новите решенија во законот за кривична постапка и измените и дополнувањата на Кривичниот законик како и нивната доследна имплементација, казнено правниот систем во Република Македонија треба да стане поефикасен, да се зајакнат капацитетите за борба против криминалот и гарантирање на заштита на правата и слободите на граѓаните.

На 31 јули 2009 година Националниот совет организираше Јавна расправа по **Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси**.

Учесниците ја поздравија иницијативата на Националниот совет за организирањето на јавната расправа, а во текот на истата беа изнесени предлози и забелешки за подобрување на одредбите на предлогот на законот.

На 27 август 2009 година Националниот совет организираше Јавна расправа по **Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници**. На Јавната расправа беа изнесени согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на државната администрација, како и предлози, коментари и забелешки во однос на текстот на одредбите од Предлогот на законот.

На 4 септември 2009 година Националниот совет организираше Јавна расправа по **Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.** На јавната расправа заинтересираните субјекти изнесоа согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на работните односи како и по однос на текстот на одредбите од Предлогот на законот.

Националниот совет за евроинтеграции на 26 ноември 2009 година, заедно со Фондацијата Фридрих Еберт организираа Јавна расправа на тема **"Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија".** На јавната расправа беа пренесени искуствата на Федералната држава Саксони Анхалт во Германија во областа на политиката и законодавството за животната средина. Исто така се изнесоа мислења и забелешки за унапредување на животната средина и за подобрување на спроведувањето на законодавството.

На 22 декември 2009 година беше организирана јавна расправа **по работната верзија на Предлог законот за авторското право и сродните права**.

Искуството со организирање јавни расправи покажа дека постои голема потреба и интерес за пошироко дебатирање на законите пред истите да влезат во собраниска процедура. При тоа, во текот на 2009 година Националниот совет организираше расправи по сите закони од Анекс 2 на Мислењето кои беа доставени од страна на Владата на Република Македонија. Законите чии работни верзии сеуште не се доставени од страна на Владата на Република Македонија, ќе бидат разгледани од страна на Советот во текот на 2010 година. Главната слабост во овој период беше тоа што само четири закони беа разгледани во работна верзија, додека останатите закони беа разгледувани откако беа влезени во собраниска процедура што ја намалуваше целисходноста и ефикасноста на јавните расправи.

# ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во Извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции оствари широка меѓународна соработка со претставнци на европските институции, на официјални претставници на земјите членки на Унијата и на другите европски држави.

1. на 16 септември 2008 година остварена средба со г-ѓа Барбара Борота државен секретар за европски прашања на Република Словенија.
2. на 01 октомври 2008 година остварена средба со г-ѓа Ангелика Беер, пратеник во Европскиот Парламент.
3. на 27 октомври 2008 година остварена средба со г-ѓа Сесилија Малстром, министер за ЕУ на Кралството Шведска.
4. на 03 ноември 2008 година остварена средба со г. Серхиј Холоватија, претседател на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа.
5. на 27 јануари 2009 остварена средба со г-ѓа Каролина Флинт, Државен министер за Европа во Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.
6. на 10 март 2009 година Националниот совет за евроинтеграции оствари средба со Н.Е. г. Мирек Тополанек, претседател на Европскиот Совет и претседател на Владата на Чешката Република. Посетата на г. Тополанек беше прва посета на премиерско ниво на земја-претседавач со ЕУ.
7. 09 април 2009 година остварена средба со г-ѓа Ангелика Беер, пратеник во Европскиот парламент.
8. на 28 април 2009 година остварена средба со г. Кристијан Хедберг, раководител на Одделот за Република Македонија на Директоратот за проширување на Европската комисија.
9. на 15 мај 2009 година претседателот и три членови на Советот остварија средба со претставници на печатени и електронски медиуми од земјите членки на ЕУ.
10. на 19 мај 2009 година остварена средба со г. Пржемисл Соботка, претседател на Сенатот на Парламентот на Република Чешка.
11. на 28 мај 2009 година остварена средба со г. Бјорн Лурвал политички директор на Министерството за надворешни работи на Кралството Шведска.
12. на 8 јуни 2009 година остварена средба со делегација на Комисијата за европски прашања на Саборот на Република Хрватска.
13. на 16 јуни 2009 година остварена средба со г. Луис Мариа де Пуч претседател на Парламентарното Собрание на Советот на Европа.
14. на 23 јули 2009 година одржана средба со г. Оли Рен, Комесар на Европската комисија за проширување, заедничка средба на Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешни прашања и Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ,
15. 02 септември 2009 година остварена средба со г. Јан Кохут, вицепремиер и министер за надворешни работи на Република Чешка,

16. на 09 октомври 2009 година остварена средба со г. Ролф Мафаел, директор и ополномоштен за начелни прашања за проширување на Европската Унија во Германското Министерство за надворешни работи.
17. на 18 декември 2009 година остварена средба со пратениците од Европскиот Парламент, г-а Тања Фајон (известител за визната либерализација) и г-н Зоран Талер (специјален известувач за Република Македонија).

* * * * *

Националниот совет за евроинтеграции ја унапредува својата отвореност кон јавноста и отчетноста и со својата политика на транспарентност кон поширокиот граѓански сектор.

Националниот совет беше информиран дека НВО Инфоцентарот во соработка со Македонскиот центар за европско образование реализира мониторинг на неговата работа со следење и анализирање на активностите на Советот.

Во периодот што претстои, Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжи подинамично да делува како активен чинител во процесот за заокружување на подготовките за членство на РМ во ЕУ. Своите заложби особено ќе ги насочи кон: унапредување на формите на координирана соработка со надлежните државни органи и со граѓанскиот сектор, проширување на дијалогот; организирање на јавни расправи по респективни теми, интензивирање на меѓународната соработка во земјата и во странство по прашања за евроинтеграциите и обезбедување на висок степен на транспарентност во својата работа.

Националниот совет за евроинтеграции констатира дека е потребно да се обезбеди поголемо присуство на членовите и претставниците на Советот на средбите од меѓународен карактер со цел да се покаже поголема сплотеност и единственост во процесот на европската интеграција на Република Македонија.

Советот ќе продолжи да настојува да обезбеди поактивна улога на Собранието на Република Македонија во евроинтегративните процеси и ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ, ОРГАНИЗИРАНИТЕ ЈАВНИ РАСПРАВИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ, организираните јавни расправи и средбите од меѓународен карактер во периодот од септември 2008 до декември 2009 година. Во предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуство на членовите и претставниците на НСЕИ (за седници, јавни расправи и средби), записниците од седници и стенографските белешки.

***Присуство на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер***

| **Активности** / **член / претставник** | **Средби / 7** | | **Јавни расправи / 9** | | **Седници / 10** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Присуство | Процент | Присуство | Процент |
| Радмила Шекеринска | 5 | 71% | 6 | 66% | 10 | 100 % |
| Силвана Бонева | 5 | 71% | 8 | 89% | 10 | 100 % |
| Александар Николовски | 4 | 57% | 4 | 44% | 5 | 50 % |
| Кенан Хасипи | 5 | 71% | 6 | 66% | 9 | 90 % |
| Андреј Жерновски | 2 | 28% | 4 | 44% | 8 | 80 % |
| Тито Петковски | 5 | 71% | 5 | 55% | 9 | 90 % |
| Џеват Адеми | 2 | 28% | 6 | 66% | 5 | 50 % |
| Флора Кадриу | 6 | 85% | 4 | 44% | 5 | 50 % |
| Петар Поп Арсов | 7 | 100% | 6 | 66% | 9 | 90 % |
| Теута Арифи | 1 | 14% | 0 | 0% | 2 | 20 % |
| Александар Спасеновски | 5 | 71% | 4 | 44% | 8 | 80 % |
| Ивица Боцевски Васко Наумовски | 2 | 28% | 3 | 33% | 7 | 70 % |
| Наташа Савова Салкова Димитар Мирчев | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Сашко Стефков | 4 | 57% | 1 | 11% | 6 | 60 % |
| Владо Камбовски | 2 | 28% | 0 | 0% | 5 | 50 % |
| Коце Трајановски Зоранчо Алексов | 2 | 28% | 1 | 11% | 4 | 40 % |
| Роберт Поповски | 2 | 28% | 0 | 0% | 4 | 40 % |
| Бранко Азески Љубица Нури | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Мирче Чекреџи | 3 | 42% | 1 | 11% | 6 | 60 % |
| Ванчо Муратовски Зоран Мироновски | 3 | 42% | 3 | 33% | 3 | 30 % |
| Дојчин Цветановски | 4 | 57% | 4 | 44% | 7 | 70 % |
| Слободан Антевски | 2 | 28% | 7 | 77% | 6 | 60 % |
| Александар Кржаловски | 5 | 71% | 2 | 22% | 9 | 90 % |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | 1 | 14% | 0 | 0% | 3 | 30 % |
| Скендер Бузаку | 4 | 57% | 2 | 22% | 8 | 80 % |
| Томе Колев | 2 | 28% | 2 | 22% | 3 | 30 % |
| Вилма Венковска-Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 3 | 30 % |
| Жаклина Мучева | 3 | 42% | 0 | 0% | 3 | 30 % |

Дадените податоци за присуството на средбите од меѓународен карактер се однесуваат на седум одржани средби во периодот март -декември 2009 година, на кои беа поканети сите членови и претставници на НСЕИ.

***Учество во дискусија на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер***

| Активности / член / претставник | Средби/7 | | Јавни расправи/9 | | Седници/10 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Радмила Шекеринска | 5 | 71% | 6 | 66% | 10 | 100% |
| Силвана Бонева | 5 | 71% | 8 | 89% | 8 | 80% |
| Александар Николовски | 0 | 0% | 1 | 11% | 4 | 40% |
| Кенан Хасипи | 3 | 43% | 4 | 44% | 9 | 90% |
| Андреј Жерновски | 1 | 14% | 0 | 0% | 4 | 40% |
| Тито Петковски | 4 | 57% | 1 | 11% | 9 | 90% |
| Џеват Адеми | 2 | 28% | 1 | 11% | 2 | 20% |
| Флора Кадриу | 6 | 85% | 1 | 11% | 3 | 30% |
| Петар Поп Арсов | 2 | 28% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Теута Арифи | 1 | 14% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Александар Спасеновски | 3 | 43% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Ивица Боцевски<br>Васко Наумовски | 2 | 28% | 3 | 33% | 7 | 70% |
| Наташа Савова Салкова<br>Димитар Мирчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 4 | 40% |
| Сашко Стефков | 1 | 14% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Владо Камбовски | 2 | 28% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Коце Трајановски<br>Зоранчо Алексов | 0 | 0% | 1 | 11% | 1 | 10% |
| Роберт Поповски | 1 | 14% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Бранко Азески<br>Љубица Нури | 1 | 14% | 0 | 0% | 6 | 60% |
| Мирче Чекреџи | 1 | 14% | 0 | 0% | 3 | 30% |
| Ванчо Муратовски<br>Зоран Мироновски | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Дојчин Цветановски | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Слободан Антевски | 0 | 0% | 0 | 0% | 2 | 20% |
| Александар Кржаловски | 2 | 28% | 0 | 0% | 5 | 50% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 10% |
| Скендер Бузаку | 2 | 28% | 2 | 22% | 6 | 60% |
| Томе Колев | 0 | 0% | 1 | 11% | 2 | 20% |
| Вилма Венковска-Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Жаклина Мучева | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Поаѓајќи од тоа дека Националниот совет за евроинтеграции усвојува мислења и дава насоки кои ги обединуваат ставовите на законодавната и извршната власт и на граѓанската платформа по мошне значајните прашања за евроинтеграциите, предвидено е неговите стручни, административни и други работи да ги вршат Службата на Собранието на РМ и Секретаријатот за европски прашања.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, формиран е Сектор за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции.

Со актите за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија утврдени се работните места што се потребни за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, нивниот вкупен број, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места.

Во Секторот се предвидени 12 работни места, и тоа: раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на одделението за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции, 2 советници за остварување на соработката на Националниот совет за евроинтеграции, виш соработник за стручни работи, помлад референт за административни и технички работи, раководител на одделението за следење на евоинтеграциите, 2 советници за евроинтеграции, советник за следење на преговорите и виш соработник за стручни работи.

До месец јули 2009 година за работа во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции беа ангажирани двајца извршители, раководител на Сектор и помлад референт за административни и технички работи. Исто така до месец јули 2009 година за работа во Советот беа ангажирани и двајца државни советници за меѓународна соработка од Службата на Собранието на Република Македонија.

Во овој момент, во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции се вработени девет лица. Одделението за поддршка на работата на НСЕИ е во целост екипирано со пет извршители, а во Одделението за следење на евроинтеграциите од предвидените пет, вработени се три извршители. За целосно екипирање на Секторот потребно е да се вработат уште три извршители, помошник на раководителот на Секторот, советник за евроинтеграции и виш соработник за стручни работи.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции на Собраниската интернет страна редовно објавува соопштенија и известувања за сите реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции, одржани седници и средби, како и организирани јавни расправи. Исто така, редовно се објавуваат поважни актуелни ЕУ новости поврзани со европските политики и европското законодавство.

Имајќи ги предвид надлежностите и целите на Националниот совет за евроинтеграции како и задачите и обврските на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции потребно е службениците кои ги извршуваат задачите за потребите на Секторот да им се овозможат посеопфатни и континуирани ЕУ обуки во насока на нивно стручно и професионално усовршување што секако ќе се одрази на подобрување на квалитетот во исполувањето на нивните редовни работни задачи и обврски.

За потребите на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции во овој момент обезбедени се соодветни технички и просторни услови за оптимална работа.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија, г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

Константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали;

Грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија;

Продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието;

Грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа;

Продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и

Прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите од повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2009)**

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (22 јануари 2009);

Средба со амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, **Н.Е. г. Душко Лаличевиќ** (26 јануари 2009);

Средба со британската министерка за Европа, **г-ѓа Керолајн Флинт** (27 јануари 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Република Франција, **Н.Е. г. Бернард Валеро** (03 февруари 2009);

Средба со членовите на делегација од Секинескиот Парламент (05 февруари 2009);

Работна вечера со амбасадорот на Република Полска**, Н.Е. г. Карол Бахура** (05 февруари 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија**, Н.Е. г. Ендру Ки** (09 февруари 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Германија, **Н.Е. г-ѓа Марија Улрике Кноц** (12 февруари 2009);

Работна вечера со амбасадорот на Чешка**, Н.Е. г. Јозеф Браун** (13 февруари 2009);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска**, Н.Е. г. Иво Кујунџиќ** (16 февруари 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, **Н.Е. г.Самоил Филиповски** (16 февруари 2009);

Средба со претседателот на Република Словенија**, Н.Е. г. Данило Тирк** (17 февруари 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Република Бугарија, **Н.Е. г. Михо Михов** (17 февруари 2009);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија, **Н.Е. г. Михо Михов** (18 февруари 2009);

Средба со амбасадорот на Р.Франција, **Н.Е. г. Бернард Валеро** (03 март 2009);

Прием по повод Национален ден на Република Бугарија, приреден од амбасадорот на Република Бугарија, **Н.Е. г.Михо Михов** (03 март 2009);

Официјална посета на Република Бугарија, на покана на претседателот на Народното Собрание на Република Бугарија, **Н.Е. г. Георги Пирински** (04-06 март 2009);

Средба (прва) со амбасадорот на Република Албанија, **Н.Е. г. Арбен Чејку** (10 март 2009);

Средба со амбасадорот на Република Србија, **Н.Е. г. Зоран Поповиќ** (10 март 2009);

Средба со претседателот на Владата на Чешката Република и претседател на Европскиот Совет, **г. Мирек Тополанек** (10 март 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Холандија**, Н.Е. г-ѓа Симоне Филипини** (11 март 2009);

Средба (прва) со амбасадорот на Исламска Република Иран, **Н.Е. г. Мохамад Реза Сокут** (12 март 2009);

Официјална посета на Република Србија, на покана на претседателот на Собрание на Република Србија**, г-ѓа Славица Ѓукиќ Дејановиќ** (16-18 март 2009);

Средба со амбасадорот на Република Италија, **Н.Е. г.Донатино Маркон** (19 март 2009);

Средба со амбасадорот на Република Бугарија, **Н.Е. г.Михо Михов** (25 март 2009);

Средба со амбасадорот на Република Италија, **Н.Е. г.Донатино Маркон** (25 март 2009);

Средба со амбасадорот на Република Албанија, **Н.Е. г.Арбен Чејку** (25 март 2009);

Средба со заменик-амбасадорот на Швајцарија и шеф на Агенција за парламентарна соработка**, г.Роман Дербеле** (27 март 2009);

Средба со амбасадорот на Велика Британија, **Н.Е. г.Ендру Ки** (31 март 2009);

Средба со делегацијата на Комисија за надворешна политика на Сенатот на Чешката Република (24 април 2009);

Средба со амбасадорот на Романија, **Н.Е. г. Адриан Стефан Константинеску** (28 април 2009);

Средба со сенаторот на Република Полска, **г. Влоѓињеж Цимошевиќ** (05 мај 2009);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Србија**, г. Вук Јеремиќ** (07 мај 2009);

Средба со амбасадорот на Република Франција, Н.Е. **г. Бернар Валеро** (07 мај 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Р.Македонија во Република Србија, **г. Љубиша Георгиевски** (13 мај 2009);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (13 мај 2009);

Средба со претседателот на Парламентот на Норвешка, **г. Торбјорн Јагланд** (14 мај 2009);

Прием во Амбасадата на Република Србија во чест на новоименуваниот амбасадор на Република Македонија, **г. Љубиша Георгиевски** (15 мај 2009);

Средба со претседателот на Сенатот на Чешката Република, **г. Пржемисл Соботка** (19 мај 2009);

Средба со пратеници од германскиот **Бундестаг** (20 мај 2009);

Средба со делегацијата на групата за пријателство Франција - Македонија на Националното Собрание на Франција (26 мај 2009);

Средба со заменикот на амбасадор на Швајцарија**, г. Роман Дарбеле** (27 мај 2009);

Средба со амбасадорот на Швајцарија, **Н.Е. г-ѓа Никол Вур**ш (08 јуни 2009);

Средба со амбасадорот на Словачка Република, **Н.Е. г. Роберт Кирнаг** (09 јуни 2009);

Средба со делегацијата на Комисија за европски прашања на Хрватскиот Сабор (09 јуни 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Португалија, **Н.Е. г. Луис де Алмеида Сампаио** (10 јуни 2009);

Средба со амбасадорот на Република Словенија, **Н.Е. г. Алан Бергант** (19 јуни 2009);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија**, Н.Е. г. Ендру Ки** (22 јуни 2009);

Прием по повод Национален ден на Република Словенија (23 јуни 2009);

Средба со министерот за надворешни работи на Словачката Република, **г. Мирослав Лајчак** (25 јуни 2009);

Прием по повод Национален ден на Република Хрватска (25 јуни 2009);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (06 јули 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Израел, **г. Пајо Авировиќ** (22 јули 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Индија, **г.Петар Јовановски** (29 јули 2009);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (30 јули 2009);

Средба - проштална со амбасадорот на Република Франција, **Н.Е. г. Бернар Валеро** (31 јули 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Украина, **Н.Е. г. Јуриј Гончарук** (18 август 2009);

Средба со министерот за надворешни работи на Чешката Република, **г. Јан Кохут** (02 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Социјалистичка Република Виетнам, **Н.Е. г. Тран Ван Тин** (03 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Арапската Република Египет, **Н.Е. г-ѓа Олфат Абдел Фатах Ахмет Фарах** (03 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Турција, **Н.Е. г. Арсан Хакан Окчал** (04 септември 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Украина, **г. Ацо Спасеновски** (04 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Кралството Норвешка, **Н.Е. г. Кјетил Полсен** (04 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Турција, **Н.Е. г. Арслан Хакан Окчал (**10 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Египет, **г. Миле Манолев** (10 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Италија, **г. Велибор Топаловски** (10 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Ватикан, **г. Ѓоко Георгиевски** (10 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Швајцарија, **г. Азис Положани** (10 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Хаг, **г. Никола Димитров** (11 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Австралија, **г. Перо Стојановски** (11 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Бугарија, **г. Александар Василевски** (22 септември 2009);

Работен ручек со амбасадорот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (22 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Русија, **г. Илија Исајловски** (30 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Данска, **г. Асаф Адеми** (30 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Швајцарија, **г. Рамадан Назифи** (30 септември 2009);

Средба со амбасадорот на Република Македонија во Босна и Херцеговина, **г. Р.Реџепи** (01 октомври 2009);

Официјална посета на Република Хрватска (8-9 октомври 2009);

Средба со претседателот на Естонија, **Н.Е. г. Томас Хендрик Илвес** (14 октомври 2009);

Средба со амбасадорот на Црна Гора**, Н.Е. г. Душко Лаличевиќ** (26 октомври 2009);

Прием по повод одбележувањето на Националниот ден на Турција (29 октомври 2009);

Средба со премиерот на Република Хрватска, **г-ѓа Јадранка Косор** (10 ноември 2009);

Средба со амбасадорот на САД, **Н.Е. г. Филип Рикер** (12 ноември 2009);

Средба со амбасадорот на Турција, **Н.Е. г. Арслан Хакан Окчал** (12 ноември 2009);

Официјална посета на Босна и Херцеговина (23-24 ноември 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Израел, **Н.Е. г. Давид Коен** (25.11.2009);

Средба со амбасадорот на РМ во Франција, **Н.Е. г. Агрон Буџаку** (25 ноември 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Франција, **Н.Е. г. Жак Клод Шлумберже** (27 ноември 2009);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Перу, Н.Е. **г. Ернесто Пинто Базурко Ритлер** (27 ноември 2009);

Средба со министерот за меѓународна одбрана и безбедност на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **бароница Ен Тејлор** (30 ноември 2009);

Средба со претседателот на Република Хрватска, **Н.Е. г. Стјепан Месиќ** (03 декември 2009);

Средба (прошталнa) со амбасадорот на Република Србија, **Н.Е. г. Зоран Поповиќ** (07 декември 2009);

Средба со претседателот на Претставничкиот дом на Парламентот на Австралија, **г.Хери Џенкинс** - потпишување во книга на впечатоци, изјави за медиуми (11 декември 2009);

Средба со амбасадорот на В.Британија, **Н.Е. г.Ендру Ки** (16 декември 2009)

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2009)**

Средба со амбасадорот на ОБСЕ во Република Македонија, **г. Хозе Луис Хереро** - прва средба (22 јануари 2009);

Работна вечера со амбасадорот на Европска Унија во Република Македонија, **Н.Е. г. Ерван Фуере** (28 јануари 2009);

Учество на Конференцијата на претседатели на парламенти на европски држави и претседателот Европскиот парламент, Париз (26-28 февруари 2009);

Средба со шефот на мисија на ОДИХР за набљудување на претседателски и локални избори 2009-та, **г.Питер Ајкер** (31 март 2009);

Средба со специјалниот известувач на ОН за слободата на религијата и убедувањето, **г-ѓа Асма Џахангир** (28 април 2009);

Средба со заменик - помошникот на Генералниот секретар на НАТО за безбедносна соработка и партнерство, **г. Роберт Симонс** (30 април 2009);

Средба со претседателот на Парламентарно собрание на ОБСЕ, **г. Жоао Соареш** (12 мај 2009);

Средба со евроамбасадорот**, Н.Е. г. Ерван Фуере** (02 јуни 2009);

Средба со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа**, г. Луис Мариа Де Пуч** (16 јуни 2009);

Средба со Комесарот за проширување на Европската унија, **г. Оли Рен** (23 јули 2009);

Средба со шефот на Директоратот за проширување за Република Македонија, **г. Кристијан Хедберг** (31 август 2009);

Средба со националниот координатор на УНИЦЕФ во Република Македонија, **г. Шелдон Јет** (14 септември 2009);

Учество на 4-та Конференција на претседатели на парламенти на Западен Балкан, Будимпешта, Унгарија (17-18 септември 2009);

Учество на 121-то Собрание на Интерпарламентарна унија, Женева, Швајцарија (19-21 октомври 2009);

Средба со известувачот на Европскиот парламент за Република Македонија, **г. Зоран Талер** (29 октомври 2009);

Работна вечера со евроамбасадорот, **Н.Е. г. Ерван Фуере** (29 октомври 2009);

Учество на Светската е-парламент Конференција 2009, Вашингтон, САД (01-08 ноември 2009);

Потпишување на Меморандумот за соработка со **г. Шелдон Јет** координатор на канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија (18 ноември 2009);

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2009)**

Прием по повод божиќните празници на **Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан** (08 јануари 2009);

Средба со претседателот на Државна изборна комисија на Република Македонија, **г. Александар Новаковски** (09 јануари 2009);

Свечена божиќна трпеза во резиденцијата на **Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан** (09 јануари 2009);

Прес конференција - објавување на распишување на претседателски и локални избори во Република Македонија на 22 март 2009 година (10 јануари 2009);

Средба со претставници од невладината организација МОСТ (13 јануари 2009);

Седница (прва) на Одбор за одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот Борис Трајковски (14 јануари 2009);

Седница (втора) на Одбор за одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот Борис Трајковски (21 јануари 2009);

Работна средба со претставници на "Некст Сенс" - изработка на нова веб страница на Собранието и воведување на е-парламент (23 јануари.2009);

Обраќање на Свечена Светосавска академија, МОБ (27 јануари 2009);

Седница (трета) на Одбор за одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот Борис Трајковски (28 јануари 2009 год.);

Осветување на "Спомен - домот на Мајка Тереза" (30 јануари 2009 год.);

Свечена изјава на член на Судски совет на Република Македонија, **г-дин Неџат Ајро** пред претседателот на Собранието на Република Македонија (30 јануари 2009);

Презентација на новата веб страница на Собранието на Република Македонија и проектот е-парламент на потпретседателите на Собранието и координаторите на пратенички групи (02 февруари 2009);

Прием по повод Светскиот ден на изборите во организација на Државната изборна комисија на Република Македонија (05 февруари 2009);

Прес конференција и презентација на новата веб страница на Собранието на Република Македонија и проектот е-парламент (09 февруари 2009);

Средба со претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, **г. Трендафил Ивановски (13 февруари 2009);**

Обраќање на XI Изборно годишно собрание на Здружението на Хрватите во Република Македонија (22 февруари 2009);

Седница (четврта) на Одборот за одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот Борис Трајковски (23 февруари 2009);

Средба со пратениците во Европскиот парламент од Велика Британија (24 февруари 2009);

Проекција на документарниот филм за г. Борис Трајковски, дел од активностите за одбележување на 5-годишнината од загинувањето на претседателот Трајковски (25 февруари 2009);

Положување цвеќе во Алејата на великаните (26 февруари 2009);

Свечено отварање на собраниската библиотека и Салата "Борис Трајковски” (26 февруари 2009);

Доделување "Орден на Република Македонија" на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" (11 март 2009);

Средба со поранешниот претседател на Владата на Република Словенија, **г. Јанез Јанша** (претседател на Демократска партија на Словенија) и со **г. Анзе Логар** (секретар за меѓународни работи на ДПС) (21 март 2009);

Работен состанок со претставниците од "Некст Сенс" (25 март 2009);

Служба по повод Велигден на верниците од католичката вероисповест (11 април 2009);

Седница (втора) на Одборот за изградба на меморијален споменик на Тодор Проески (14 април 2009);

Седница (прва) на Одборот за одбележување на 60 години од основањето на Советот на Европа (16 април 2009);

Работен состанок со претставници на “Некст Сенс” и собраниската служба задолжена за работа на собраниската веб страница (21 април 2009);

Седница (втора) на Одборот за одбележување на 60 годишнината од основањето на Советот на Европа (22 април 2009);

Средба со новоизбраниот претседател на Република Македонија, **г. Ѓорге Иванов** (23 април 2009);

Работна средба за Закон за Собранието со претходните претседатели на Собранието на Република Македонија: **г. Љубиша Георгиевски, г. Љупчо Јордановски, г. Стојан Андов, г. Тито Петковски и г. Никола Поповски** (24 април 2009);

Учество на XLII Годишно собрание на МАНУ (29 април 2009);

Работен состанок на групата за изработка на за Законот за Собранието (07 мај 2009);

Отворен ден на Собранието на Република Македонија (08 мај 2009);

Работен состанок за новата веб страница на Собранието на Република Македонија (14 мај 2009);

Средба со претставници на Здружението на децата бегалци од Егејска Македонија (27 мај 2009);

Средба со претставници на здруженија на Власите во Република Македонија (27 мај 2009);

Работна средба со претставници на УСАИД во Република Македонија (10 јуни 2009 год.);

Работен состанок со координаторите на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија по текстот на Предлогот на закон за Собранието на Република Македонија (11 јуни 2009);

Работна средба со претставници на "Некст Сенс" за започнување на проектот е-парламент (22 јуни 2009);

Средба со претставници на предлагачот на програмата за одбележување на 100 годишнината од раѓањето на Мајка Тереза, **г. Стојан Тренчевски, г. Љупчо Ајдински и г-ѓа Рената Здравковска** (22 јуни 2009);

Обраќање на одбележувањето на 10 години работење на Државниот завод за ревизија на Република Македонија (24 јуни 2009);

Работен состанок со координаторите на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија по текстот на Предлог Законот за Собранието на Република Македонија (02 јули 2009);

Прием по повод 233 години независност на САД (02 јули 2009);

16-та Интернационална кичевска ликовна колонија (Куќа на уметноста, с. Кнежино) (04 јули 2009);

48-мо издание на Балканскиот фестивал - Охрид (Сцена Долни Сарај) (06 јули 2009);

Свечена изјава на новиот член на Судскиот совет на Република Македонија, **г. Башким Бесими** пред претседателот на Собранието на Република Македонија (28 јули 2009);

Покровителство и обраќање на одбележување на 65 години АСНОМ, Пелинце (02 август 2009);

Средба со граѓани (11 септември 2009);

Отворен парламент - Меѓународен ден на демократијата (15 септември 2009);

Обраќање на претседателот на Собранието на презентација за наставна програма и обуки на ВСД во рамки на проектот Зајакнување на капацитетите на Собранието на РМ (23 септември 2009);

Средба со граѓани (25 септември 2009);

Предавање на Извештајот од Европската комисија за напредокот на Република Македонија од евроамбасадорот **г. Ерван Фуере** на претседателот на Собранието на Република Македонија (15 октомври 2009);

Прес-конференција по повод примањето на Извештајот од Европска комисија за напредокот на Република Македонија од евроамбасадорот **г. Ерван Фуере** (15 октомври 2009);

Средба со граѓани (16 октомври 2009);

Доделување на државната награда "23 Октомври" (23 октомври 2009);

Свечена академија во МОБ по повод "23 Октомври" (23 октомври 2009);

Средба со граѓани (30 октомври 2009);

Посета на **г. Јохан Тарчуловски** во затворот во Шевенинген, Хаг (08 ноември 2009);

Средба со европратеникот **г. Јорго Шацимаркатис** (17 ноември 2009);

Средба со граѓани (18 ноември 2009);

Средба со граѓани (27 ноември 2009);

Изјава за медиуми - визна либерализација, претседателот и потпретседателите на Собранието на Република Македонија, сала Длаборез (01 декември 2009);

Средба со претставници на Национален совет од седумте организации на инвалидизирани лица (02 декември 2009);

Обраќање на свеченост по повод 3-ти Декември Ден на лица со инвалидност во организација на Институт за дефектологија при Фолозофскиот факултет (03 декември 2009);

Обраќање на свеченост во Универзалната сала по повод 3 Декември Ден на лица со инвалидност во организација на Делта Експрес (03 декември 2009);

Средба со граѓани (04 декември 2009);

Свечена академија по повод државниот празник "Св. Климент Охридски", носител - претседателот на РМ, **г. Ѓорге Иванов,** Дом на АРМ (07 декември 2009);

Концерт по повод државниот празник "Св.Климент Охридски", Дом на АРМ (07 декември 2009);

Средба со координаторот на канцеларијата на НДИ во Република Македонија, **г. Крис Хендшоу** (17 декември 2009);

Прием за акредитираните новинари во Собранието на Република Македонија (22 декември 2009);

Работен состанок со претставници на "Некст Сенс" (23 декември 2009);

Служба по повод Бадник ден пред Божиќ за верниците од католичка вероисповест, Католичка црква (24 декември 2009) и

Средба со граѓани (25 декември 2009)

## 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на шестиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Рафиз Алити од ДУИ и за прв пат потпретседател од редовите на најголемата опозициона партија СДСМ Јани Макрадули.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

### ➢ Потпретседател Светлана Јакимовска

1. ***Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности преку редовно учество на седниците на Колегиум на Собранието на кои се разгледуваа прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Како пратеник редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како потпретседател раководи со пленарните седници на Собранието.

Во споменатиот период, има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, како член во работата на Комисијата за труд и социјална политика, во Комисијата за прашања на изборите и именувањата (24 февруари 2009) а беше вклучена и во Комисијата за финансирање и буџет преку поднесување на амандмани за ребалансот на Буџетот за 2009 година.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска, Парламентот на Република Словенија и Парламентот на Црна Гора.

Потпретседателката има остварено средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска (26 јануари и 14 април 2009 година).

Како Потпретседател на Собранието на Република Македонија, Светлана Јакимовска учествувала на повеќе средби и приеми со министрите од Владата на Република Македонија, средби со координаторите на другите политички партии во Собранието и со други високи функционери.

Активен член е во Клубот на жени пратенички.

Редовно присуство на конститутивните седници на Управниот совет на Парламентарниот институт.

Присуствува на презентацијата на веб-страницата на Собранието на Република Македонија (09 февруари 2009)

Присуствува на Свечената инагурација на Претседателот на Република Македонија Н.Е. г-н Ѓорѓе Иванов (12 мај 2009)

Присуствува на седницата на која свое обраќање пред пратениците во Собранието имаше Н.Е. г-н Хери Џенкинс, Претседател на Претставничкиот дом на Австралија, (14 декември 2009).

Присуствува на седницата на која годишно обраќање имаше Претседателот на Република Македонија Н.Е. г-н Ѓорѓе Иванов, (21 декември 2009).

### 2. *Средби со амбасадори и други диполоматски претставници*

- Учество на Семинар за Парламентарно буџетирање, во Република Словачка (од 21 до 23 јануари 2009);

- Присуство на свечен прием по повод 15-годишнината од воспоставување на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Руската Федерација (2 февруари 2009);

- Остварена средба со германската амбасадорка Улрике Кноц во Република Македонија и досегашните корисници на Меѓународната парламентарна стипендија (03 февруари 2009);

- Остварена средба со делегација од Косово (26 февруари 2009);

- Остварена средба на потпретседателката со Делегацијата на Ад Хок Комисијата за набљудување на претседателските избори во Република Македонија (27 февруари 2009);

- Остварена работна средба со претставниците на УСАИД во Македонија на тема: „Истражување за креирањето на политиките за вработување и креирање работни места" (2 март 2009);

- Остварена работна средба со претставници на Националниот демократски институт - НДИ (15 април 2009);

- Остварена студиска посета на Парламентарниот институт на Парламентот на Република Словачка и состанок за планирање во Националниот совет на Република Словачка-Братислава (од 21 до 24 април 2009);

- Присуство на приемот кај германската амбасадорка Улрике Кнотц (20 мај 2009);

- Остварена средба со делегација на Парламентарната асоцијација на Комонвелтот, при што се водеа разговори со членовите на делегацијата кои се претставници од домовите на Парламентот на Велика Британија и Вестминстер фондацијата за демократија. На средбата присуствуваа: Ендру Туги, Елспет Мекдоналд, Доминик Рис, Алекс Романиук, Емил Атанасовски и Пранвера Касами (21 мај 2009);

- Остварена средба со делегацијата на Одборот за Европски прашања на Саборот на Република Хрватска, во состав г. Невен Мимица - претседател на Одборот за Европски прашања на Хрватскиот сабор, г-ѓа Кармела Цапарин - член на Одборот, г. Даниел Мондекар - член на Одборот и г-ѓа Весна Лончариќ - Секретар на Одборот (09 јуни 2009);

- Учество на средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија остварена со делегацијата на Комисијата за надворешна политика на Националниот совет на Парламентот на Р. Словенија. (23 јуни 2009);

- Присуство на работна вечера организирана од страна на Амбасадата на Република Словачка по повод Денот на Уставот на Словачката Република и посетата на г-ѓа Виера Томанова, министер за труд и социјални работи во Словачката влада (14-ти септември 2009 година);

- Остварена средба со членови на Изборната комисија од Сојузна Република Германија. Во состав на делегацијата беа г. Хелмут Ламп - пратеник во Германскиот Бундестаг, г. Герхард Ракениус - декан за студиски прашања при Факултетот ИВ на Техничкиот универзитет во Берлин и заменик раководител на рефератот ИО, како и Н.Е г-ѓа Улрике Кноц амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија (16 септември 2009);

- По повод годишнината на германското обединување, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на прием организиран од амбасадоротот на Сојузна Република Германија во Македонија г-ѓа Улрике Кноц (05 октомври 2009);

- Остварена средба со делегација на Одборот за Европски интеграции на Народната Скупштина на Република Србија во состав г. Ласло Варга - Претседател на Одборот за Европски интеграции на Народната Скупштина на Република Србија, г. Момир Марковиќ - член на Одборот, г-ѓа Јелена Триван - член на Одборот, г-ѓа Александра Јовановиќ - секретар на Делегацијата и Н.Е. г-н Зоран Поповиќ амбасадор на Република Србија во Република Македонија (8 октомври 2009);

- Потпретседателката Светлана Јакимовска, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски, неговите заменици и координаторите на пратеничките групи оствариja средба со европретставникот Ерван Фуере при што, г. Фуере го презентираше годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија (15 октомври 2009);

- Остварена средба со амбасадорот на Куба во Република Македонија, со седиште во Софија, Н.Е. Херардо Суарез Алварез (19 октомври 2009);

- Остварена средба со делегацијата на Република Словачка и вицепремиерот за законодавство и министер за правда на Словачката Република, судијата д-р Виера Петрикова (12 ноември 2009);

- Организација на пречек и испраќање на аеродромот „Александар Велики" во Скопје и работна вечера по повод посетата на Н.Е. г-н Хери Џенкинс претседател на Претставничкиот дом на Австралија, неговата сопруга г-ѓа Мишел Џенкинс и г-ѓа Кора Треварден, советник, (10 -15 декември 2009);

- Учество на вонредната Конференција на Претседатели на парламенти во Стокхолм, Шведска, на тема „Подготовка на Лисабонскиот договор - последици за националните парламенти и за соработката меѓу Европскиот парламент и националните парламенти",

со свое обраќање и остварени билатерални средби со претседателот на Собранието на Република Турција г. Мехмет Али Шахин, Претседателот на Собрание на Хрватска г. Лука Бебиќ, Потпретседателот на Собранието на Република Грција г. Евангелос Аргирис, како и со потпретседателката на Парламентот на Шведска г-ѓа Лиселот Хагберг (11 и 12 декември 2009).

### 3. *Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- По повод отворањето на Спомен куќата на Мајка Тереза во Скопје, потпретседателката Јакимовска, како претставник на Собранието на Република Македонија, положи цвеќе (30 јануари 2009);
- Учество на семинар на тема: „Соработка помеѓу локалните власти и другите носители во борбата против гласањето во име на други и семејно гласање " (03 февруари 2009);
- По повод 137 години од раѓањето на Гоце Делчев во црквата Св. Спас во Скопје, потпретседателката положи цвеќе (04 февруари 2009);
- Учество на евалуацијата на Програмата за Меѓународна парламентарна стипендија - ИПС (13 февруари 2009);
- Присуство на гала концертна промоција на проектот „Кирилицо испеана" во просториите на Македонската опера и балет (15 февруари 2009);
- Присуство на свечено отворање на Собраниската библиотека која го носи името на поранешниот Претседател на Република Македонија Борис Трајковски, по повод 5-годишнината од неговото загинување (26 февруари 2009);
- Присуство на "Вечера на молитва и заедништво", по повод одбележувањето 5-годишнината од смртта на Борис Трајковски, (26 февруари 2009);
- Присуство на хуманитарен концерт под мотото „Помогни и ти" во салата „Борис Трајковски" - Скопје (28 февруари 2009);
- Присуство, по повод 8 Март, пред платото на музејот на Мајка Тереза на промоција на најголемата изработена честитка од страна на ОУ за посебни потреби „Иднина". Промоцијата беше од хуманитарен карактер по повод Денот на жената (08 март 2009);
- Присуство на поставувањето камен темелник на објектот на државните институции - Уставен суд на Република Македонија, Државен архив на Република Македонија и Археолошки музеј на Република Македонија (23 март 2009);
- Учество на свечената седница на Собранието, по повод 60 години од основањето на Советот на Европа (05 мај 2009);

- Собранието на Р. Македонија во 2009 година два пати организираше "Отворен ден" при што потпретседателката Светлана Јакимовска прими повеќе групи на ученици од повеќе основни и средни училишта во Македонија, групи студенти од Правниот факултет од Скопје и повеќе групи граѓани (08 мај и 15 септември 2009 година);

- Учество на Конференцијата на тема "Поддршка на комисиите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа" што беше организирана во соработка со УНДП и Министерството за труд и социјална политика" (04 јуни 2009);

- Присуство на свечено отварање на детско игралиште во објект "Пржино" (13-ти јуни 2009 година);

- Присуство на свеченоста што се одржа во Домот на АРМ, по повод 19-годишнината од основањето на партијата ВМРО ДПМНЕ (17 јуни 2009);

- Учество со воведно обраќање на Годишната конференција за оцена на остварувањето на државната програма за превенција и репресија на корупцијата (25 јуни 2009);

- Присуство на свеченото започнување со работа на новото притворско крило во Затворот Скопје (29 јули 2009);

- По повод одбележувањето на 106-годишнината од Илинденското востание и Крушевската република, потпретседателката Јакимовска положи свежо цвеќе на гробот на Никола Карев, на хероите на Слива и на споменикот на бранителите на Крушевската република (2 август 2009);

- Присуство на доделувањето на државната награда "Мајка Тереза" за 2009 година, за значајни остварувања во областа на хуманоста и човечката солидарност во Собранието на Република Македонија (26 август 2009);

- Присуство на приемот организиран од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија по повод 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија во Кристалната сала на Собранието на Република Македонија (07 септември 2009);

- Присуство на свечената академија и гала концертот што се одржа во Македонската опера и балет, по повод 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија, под покровителство на претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов (8 септември 2009);

- Присуство на промоцијата на Македонската енциклопедија во МОБ (16 септември 2009);

- Присуство на коктелот по повод Денот на Бошњаците во Република Македонија (28 септември 2009);

- Присуство на трибина по повод Октомври - месецот на борба против ракот на дојка организирана од НВО „Животна искра" - антиканцер здружение во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз" во Скопје (30 септември 2009);

- Посета на пациентките на Клиниката за тораковаскуларна хирургија и на Клиниката за е́нкологија и радиотерапија по повод Октомври - месец на борба против ракот на дојка (01 октомври 2009);

- Присуство на Свечената академија по повод празникот 11-ти Октомври (11 октомври 2009);

- Присуство на врачувањето на државната награда „23 Октомври" за 2009 година од страна на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври" во Свечената сала на Собранието на Република Македонија (23 октомври 2009);

- По повод 23 Октомври, Денот на македонската револуционерна борба, Потпретседателката Светлана Јакимовска присуствуваше на свечена академија и прием во Македонската опера и балет во организација на Владата на Република Македонија (23 октомври 2009);

- Присуство на трибината насловена „Јохан вистински херој за Македонија” (25 октомври 2009);

- По повод роденденот на Јохан Тарчуловски, потпретседателката Јакимовска присуствуваше на богослужбата во Соборниот храм „Св. Климент Охридски" и на роденденскиот коктел во ресторанот „Под Кале" во организација на „Здружението на граѓани за поддршка на Јохан Тарчуловски" (17 ноември 2009);

- Потрпретседателката Светлана Јакимовска присуствуваше на официјалната свеченост во малиот свечен салон во Собранието на Република Македонија на покана од претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски а по повод 20 годишнината од Конвенцијата за правата на децата каде што Собранието на Република Македонија и Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) потпишаа договор за соработка и партнерство со кој Собранието на Република Македонија ќе добие поголема улога во остварувањето на детските права во земјата (20 ноември 2009);

- Учество и обраќање во салата на општината Кисела Вода, на трибина организирана од Здружението на дефектолози и стручни лица „Подај рака" во соработка со „Здружение на граѓани Млади за млади", на тема „Инклузија и интеграција на лицата со посебни потреби во нашето општество" во општина Кисела Вода (27 ноември 2009);

- Присуство на Свечената академија по повод одбележувањето на државниот празник 8 Декември и "Св. Климент Охридски" под покровителство на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (7 декември 2009);

- Присуство на пуштањето во употреба на спортска сала во ОУ "Круме Кепески" - општина Кисела Вода (16 декември 2009).

## Потпретседател Рафиз Алити

Потпретседателот Рафис Алити кој доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ), на оваа функција е избран на седница на Собранието на Република Македонија на 31 јули 2008 година.

Во извештајниот период како потпреседател на Собранието на Република Македонија реализира голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број на прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, како и прашања од општ карактер, како и на редовни координативни средби на Сообранието на Република Македонија.

***1. Учеството во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка***

- Редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија,
- Учествува во работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања во својство на заменик член,
- Член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Португалската Република и на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија,
- Претседател на Советот за Собранискиот канал,
- Учествува на повеќе средби и приеми со министрите и со Владата на Република Македонија, средби со координатори на други политички партии во Собранието на Република Македонија, учествува на доделување на признанија и награди и
- Има многубројни средби со граѓани на Република Македонија.

***2. Дипломатски активности***

- 27.01.2009- средба со ОБСЕ,
- 30.01.2009- свечено отворање на Домот на мајка Тереза,
- 30.01.2009-средба со делегацијата на НАТО,
- 06.02.2009-средба со амбасадорот на Франција,
- 10.02.2009-средба со ОБСЕ,
- 25-27.02.2009-учество во Мостар,
- 24.03.2009-средба со председателот на Република Македонија г. Бранко Црвенковски,
- 26.03.2009-средба со Ерван Фуере,
- 16.04.2009-средба со г. Батлер (Американската амбасада),

- 27-30.04.2009-службено патување во Италија, по повод Собранискиот канал, исто така средба и со граѓаните на Абрузо кои беа зафатени од катастрофалниот земјотрес,
- 06.05.2009- средба со г. Крис Тофа ( ОБСЕ),
- 08.05.2009-средба со амбасадорот Ерван Фуере по повод денот на Европа,
- 13.05.2009-средба со делегација од Холанската амбасада,
- 13.05.2009-средба со г. Мат Фиолт од ЕУ,
- 20.05.2009-средба со Претседателот на Република Чешка,
- 20.05.2009-средба со амбасадорот на Франција,
- 23.05.2009-средба со амбасадорот на Шведска,
- 27.05.2009-средба со амбасадорот на Франција,
- 23.06.2009-средба со г. Николас Вајт,
- 02.07.2009-коктел по повод Денот на независноста на Америка,
- 06.07.2009-средба со Ерван Фуере,
- 13.07.2009-денот на независност на Црна Гора,
- 14.07.2009-средба со амбасадорот на Франција,
- 29.07.2009-средба со г. Метју Фиелд (Европски Совет),
- 13.10.2009-средба по повод Националниот ден на Шпанија,
- 13.10.2009-средба со амбасадорот на Куба,
- 14-16.10.2009-средба со делегацијата на Германија,
- 26.10.2009-средба со амбасадорот на Австрија по повод националниот ден на Австрија,
- 28.10.2009-средба со амасадорот на Чешка,
- 29.10.2009-средба со амбасадорот на Турција,
- 04.11.2009-средба со советникот на премиерот на Австралија,
- 06.11.2009-средба со министерот за надворешни работи на Република Косово,
- 09.11.2009-средба со амбасадорот на Англија,
- 10.11.2009-средба со г. Роберт Шулиз од Унгарска Амбасада,
- 10.11.2009-средба со амбасадорот на Германија,
- 11.11.2009-средба со заменик-амбасадорот Џералд Мк Гунк,
- 11.11.2009-средба со г-дин Карол Бачура - амбасадорот на Полска,
- 12.11.2009-средба со невладината организација НДИ и
- 26.11.2009-средба со амбасадорот на Албанија.

## ➢ Потпретседател Јани Макрадули

Господинот Јани Макрадули е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 25 август 2008 година, од редовите на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, најголемата опозициона политичка партија застапена во Собранието на Република Македонија.

### *1. Активности во Собранието на Република Македонија*

- Член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија,
- Член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија,
- Член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија,
- Член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Царството Јапонија и
- Претседавач на Управувачкиот совет на Прламентарниот институт во Собранието на Република Македонија.

***Политичко портфолио***

1996 - 2000 локални избори, Советник во општина Центар, Скопје,
1997 - учесник на Политичката школа за локална самоуправа во Фрајбург,
2001 - 2002 пратеник во Собранието на Р Македонија - дополнителни парламентарни избори,
2002 - избран за пратеник и координатор на Пратеничката група на СДСМ,
2003 - претседател на Комисијата за информатичка технологија,
2005 - член на Постојаната комисија за соработка со Европскиот парламент,
2005 - член на Ад хок експертската комисија на Советот на Европа за Информатичко општество
2006 - 2008 Избран за пратеник во Собранието на Република Македонија и координатор на ПГ на СДСМ
2008 - избран за пратеник во Собранието на Република Македонија, од 25 август 2008 избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

***2. Дипломатски активности***

- 05 март 2009 - Средба со вонредниот и ополномошен амбасадор на Кралството Мароко за Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Азиза Лимаме;
- 01 април 2009 - Работна средба со политичките советници на шефот на Делегацијата на Европската Комисија во Република и специјален претставник на Европската унија за Република Македонија Ерван Фуере, П. Андерсон и Дамјан Седар;
- 17-20 април 2009 - Учество на Конгресот на тема "Невладиниот сектор ја предизвикува власта - како овие предизвици да прераснат во можности "Љубљана на покана на претседателот на Република Словенија, г. Павел Гантар;
- Конгрес посветен на одбележувањето на 60-годишнината од формирањето на Советот на Европа а во организација на "Меѓународното европско движење";
- 21-24 април 2009 - Работна посета на Националениот совет на Словачката Република - Подготвителна работилница на Парламентарниот ресурсен центар во Собранието на Република Македонија, Братислава, Словачка;

- 27-28 април 2009 - Учество на Регионалниот семинар за информирање на парламентарците за Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби во организација на Интерпарламентарната унија во Лондон, Велика Британија;
- 15 мај 2009 - Официјален пречек на претседателот на Република Чешка, г. Прежемисл Соботка;
- 08 јуни 2009 - Средба со делегацијата на Комисијата за европски прашања на Саборот на Република Хрватска;
- 17 јуни 2009 - Како потпретседател на Собранието на Република Македонија, во својство на домаќин, приреди ручек за претседателот на Парламентарното Собрание на Советот на Европа Луис Мариа Пуч;
- 23 јуни 2009 - Средба со претседателот на Комисијата за надворешна политика на Националниот совет на Парламентот на Република Словенија г. Винценс Отоничар;
- 23 јуни 2009 - Средба со потпретседателот на познатата софтверска компанија "Симантек" Кевин Исак;
- 24 септември 2009 - Поздравно обраќање на Втората меѓународна конференција за ИКТ решенија за правда "ICT 4JUSTICE" што се одржа во Скопје, под покровителство на претседателот на Собранието на Република Македонија;
- 19- 22 октомври 2009 - Активно учество на 121-то Собрание на Интерпарламентарната унија што се одржа во Женева, Швајцарија каде што г. Јани Макрадули даде свој придонес во Панел - дискусијата на тема "Учество на младите во демократските процеси";
- 01-08 ноември 2009 - Во име на Собранието на Република Македонија, г. Јани Макрадули имаше свое обраќање на воведната сесија "Примена на ИКТ во развој на демократски институции" во рамки на отварањето на Светската е-парламент конференција 2009 во Вашингтон;
- 18 ноември 2009 - Средба со претседателот на Делегацијата на Европскиот парламент во Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - ЕУ Јорго Шацимаркакис;
- 09-10 ноември 2009 - Учество на "Conference Bridging the Gaps" преку Фондацијата "Фридрих Еберт", што се одржа во Брисел, Белгија;
- 11 декември 2009 - Работна средба со г. Хери Џенкинс, претседател на Претставничкиот дом на Комонвелтот Австралија, како член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и
- 12 декември 2009 - Во еден дел од Програмата за посетата на г. Хери Џенкинс на Собранието на Република Македонија, потпретседателот Јани Макрадули беше домаќин.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парламентот за оваа област:*

*Парламентарната дипломатија е насочена кон:*

- *натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија и*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа.*

## 6.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г. Ермира Мехмети и г. Игор Ивановски
**Заменици-членови:** г. Зоран Петрески, г. Андреј Жерновски и г-ѓа Флора Кадриу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Северот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашањата од тековната политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но

некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите членки.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

На првиот дел на редовната годишна сесија, што се одржа од 26 до 30 јануари 2009 година во Стразбург, Француската Република, учествуваше заменик членот на Делегацијата г. Андреј Жерновски и г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

Посета на Република Македонија на Ад хок Комисијата на ПС на СЕ за наблудување на претседателиските избори во Република Македонија од 25 до 28 февруари 2009 година во Скопје.

На 23 и 24 март 2009 година во Берлин, г-ца Ермира Мехмети учествуваше на седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права.

На 26 и 27 март 2009 година, пратеникот Андреј Жерновски учествуваше на Состанокот на комисијата за миграции, бегалци и население кој се одржа во Хаг, Холандија.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на Вториот дел на Редовната годишна сесија, што се одржа од 27 април до 1 мај 2009 година во Стразбур, Република Франција. На годишната сесија учествуваа пратениците г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата, г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата, г. Зоран Петрески, г. Андреј Жерновски, заменици членови на Делегацијата, како и Секретаријатот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова.

Од 3 до 6 јуни 2009 година пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата, учествуваше на предизборната мисија во Република Албанија.

Во официјална посета на РМ на 15 и 16 јуни 2009 година престојуваше г. Луис Марија де Пуџ, претседател на ПС на СЕ.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на Третиот дел на Редовната годишна сесија, што се одржа од 22 до 26 јуни 2009 година во Стразбур, Француска Репбулика. На годишната сесија учествуваа пратениците г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата и г. Игор Ивановски, член на Делегацијата, како и Секретаријатот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова.

Од 3 до 6 јули 2009 година во Република Бугарија, пратеникот г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата, учествуваше на наблудување на парламентарните избори во Република Бугарија.

Од 7 до 9 септември 2009 година во Копенхаген, Кралството Данска се одржа состанок на Комисијата за култура, наука и образованије и сослушување за исламот, исламизмот и исламофобијата. На состанокот учестуваше г-ѓа Флора Кадриу, заменик член на Делегацијата и г-ца Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Од 28 септември до 2 октомври 2009 година во Старазбур, Француската Република се одржа Четвртиот дел на Редовната сесија на ПС на СЕ. На сесијата учествуваа пратениците: г. Зоран Петрески и

г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата, г. Андреј Жерновски, г-ѓа Флора Кадриу, заменици членови на Делегацијата, како и секретаријатот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова.

На семинарот наменет за секретари на делегациите на националните парламенти во Парламентарното собрание на Советот на Европа, што се одржа од 19 до 21 октомври 2009 година во Стразбур, Француската Република, учествуваа г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На седницата на Постојаниот комитет на СЕ на 20 ноември 2009 година, во Берн, Швајцарија присуствуваа шефот на Делегацијата во ПС на СЕ г. Александар Николоски, членот г. Зоран Петрески и секретарот г. Никола Тодоровски.

Од 9 до 11 декември 2009 година во Париз, Француската Република се одржа седница на Комисијата за миграции, бегалци и население и Конференција за миграции и насилство врз жените во Европа. На седницата учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата.

На состанокот на секретари на националните делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 14 декември 2009 година во Париз, Република Франција, учествуваше г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

OSCEPA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Андреј Петров

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили

**Заменици-членови:** г. Васко Шутаров, г. Цветко Грозданов и г. Даут Реџепи.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската повелба за нова Европа од 1990 година. Основна задача на Парламентарното собрание е да го олеснува меѓупарламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три генерални комитети: Комитетот за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитетот за економски работи, технологија и животна средина како и Комитетот за политички работи и безбедност.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

### Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година

На 19 и 20 февруари 2009 година во Виена, Република Австрија се одржа Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, на која учествуваа шефот на Делегацијата, г. Андреј Петров, г. Хисен Џемаили, член на Делегацијата и г-ца Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Жоао Соареш оствари официјална посета на Република Македонија на 12 мај 2009 година.

Делегацијата на Собранието учествуваше на 18.Годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 29 јуни до 3 јули

2009 година во Вилнус, Литванија. Делегацијата беше во состав од пратеникот г. Хисен Џемаили, член на Делегацијата, во придружба на г-ца Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Од 9 до 12 октомври 2009 година во Атина, Република Грција се одржа редовната есенска сесија на Парламентарното Собрание на ОБСЕ. На сесијата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија предводена од г. Андреј Петров, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Силвана Бонева, г. Тахир Хани, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Имер Алиу и г-ѓа Флора Кадриу

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 153 национални парламенти и осум меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република

Македонија" број 96/2008, 106/2008, 147/2008 и 138/2009) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест членови.

**Активности во периодот од 31 јануари до 31 декември 2009 година**

На 27 и 28 април 2009 година во Лондон, Велика Британија се одржа семинар на тема: "Конвенцијата за правата на луѓето со посебни потреби", на семинарот учествува пратениците г. Тахир Хани и г. Јани Макрадули, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Од 16 до 18 октомври 2009 година во Женева, Швајцарска Конфедерација се одржа 121. Собрание на ИПУ. Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше предводена од претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски, г. Рафис Алити, г. Јани Макрадули, потпретседатели на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Силвана Бонева, г. Горан Мисовски, г-ѓа Флора Кадриу, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ, г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г. Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата, г-ѓа Анита Огњановска, раководител на Одделение и г-ца Ирена Спиркоска, преведувач.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Петар Поп Арсов

**Членови:** г. Јован Лазарев и г. Марјанчо Николов

**Заменици-членови:** г. Миле Пачемски, г. Феми Јонузи и г. Бесим Догани

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 17 земји членки: Англија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина, Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските,

социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

Од 7 до 9 мај 2009 година во Букурешт, Романија се одржа седница на Парламентарниот комитет на ПД на ЦЕИ, на која учествува пратениците г. Марјанчо Николов, член на Делегацијата, г. Феми Јонузи, заменик член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Реџеп Прекопуца.

На 17 и 18 септември 2009 година во Салцбург, Австрија се одржа седница на генералниот комитет на ПД на ЦЕИ. На седницата учествуваше пратеникот г. Јован Лазарев, член на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Делегација на Собранието на Република Македонија учестуваше на седница на Генералниот комитет на ПД на ЦЕИ, што се одржа на 27 и 28 октомври 2009 година во Букурешт, Романија. Делегацијата беше предводена од г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата, г. Јован Лазарев, г. Марјанчо Николов, членови на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери

**Членови:** г. Илија Китаноски и г. Владо Бучковски

**Заменици-членови:** г. Павле Трајанов, г. Џемаиљ Јашари и г. Бесим Догани

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на пратеници од 28 земјите членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критерички форум за меѓународен дијалог на пратеници од Европа и од Северна Америка кои заедно дискутираат за теми од заеднички интерес и важност. Собранието е целосно независно од НАТО но е во врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО, имаат политичка поддршка од демократските избрани парламенти во земјите членки.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консезус меѓу земјите. Затоа, основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и да влијае врз националните ставови и интереси. Исто така, Собранието е форум каде што

одредени актуелни прашање на НАТО се тестираат и проценуваат.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релеванти организации. Врз основа на дебатата во Постојаниот совет на НАТО, генералниот секретар на НАТО подготвува одговори на препораките и резолуциите на Собранието. Целите на ПС на НАТО накратко може да се формулираат како:

-да се охрабри дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;

-да се привлече парламентарното внимание за централните безбедносни прашања, за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа,

-да се пренесат колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки;

-да се развие подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и

-да се зајакнат трансатланските односи.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

Од 25 до 27 февруари 2009 година во Монтереи, Калифорнија, САД се одржа конференција на НАТО за градење на интегритетот и одбранбените институции. На конференцијата учествува пратениците г. Владо Бучковски, член на Делегацијата и г. Павле Трајанов, заменик член на Делегацијата.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, на 29 април 2009 година во Собранието на Република Македонија беа остварени средби со г. Стефан Елгерсма, надлежен офицер за Досието на Република Македонија во НАТО.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО од 10 до 12 мај 2009 година во Рим, Италија учествуваше на Вонредното заседание на ПС на НАТО по повод одбележувањето на 60-годишнината на НАТО. Делегацијата ја сочинуваа пратениците г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата на ПС на НАТО, г. Владо Бучковски и Павле Трајанов, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на редовното пролетно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, што се одржа од 22 до 26 мај 2009 година во Осло, Норвешка. Делегацијата беше во состав од пратениците г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата, г. Џемаил Јашари и г. Павле Трајанов, заменици-членови на Делегацијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на 55. Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО што се одржа од 13 до 17 ноември 2009 година во Единбург, Велика Британија. На заседанието учествуваше г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата, г. Владо Бучковски и г. Павле Трајанов, членови на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски
**Членови на Делегацијата:** г. Џеват Адеми, г-ѓа Роза Топузовска Каревска, г. Андреј Петров.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

### Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година

Од 11 до 13 февруари 2009 година во Будимпешта, Република Унгарија, се одржа Конференција на претседатели на секциите на ПС на Франкофонијата - регион Европа. На конференцијата учествуваше г. Андреј Петров, член на Делегацијата и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Пратеникот г. Џеват Адеми, член на Делегацијата во придружба на секретарот на Делегацијата, г. Лиман Авдиу учествуваа на седница на Комисијата за парламентарни прашања на ПСФ што се одржа од 23 до 26

март 2009 година во Фрибург, Швајцарската Конфедерација.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на 22. Регионално собрание на ПСФ - Регион Европа што се одржа од 21 до 25 април 2009 година во Сент Хелиех, Џерси, Велика Британија. Делегацијата ја предводеше пратеникот г. Андреј Петров, член на Делегацијата и г-ѓа Мерал Узеири Ферати, член на Бирото, како и секретарот на Делегацијата г-ѓа Билјана Огненовска.

Во рамките на Програмата НОРИА од 13 до 18 декември 2009 година во Париз, Француската Република беше организиран студиски престој во институциите на Меѓународната организација на Франко-фонијата и во државните институции на Француската Република. Делегацијата беше составена од пратеникот г. Ристо Пенов, г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Снежана Ристова, раководител на Одделение во Секторот за седници и г-ца Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Александар Спасеновски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија (ЕУ)** е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република

Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

На 31 март 2009 година во Брисел, Белгија се одржа Шестиот состанок на Мешовиотот парламентарен комитет Република Македонија - Европската унија. На состанокот учествуваа пратениците членови на МПК: Алекандар Спасеновски, Славица Грковска Лошкова, Сафет Незири и Владанка Авировиќ и Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка и Маријана Опашинова, советник во Секторот.

На 28 април 2009 година, во Собранието на Република Македонија, се одржа средба на Петар Поп-Арсов и Александар Спасеновски со г. Кристијан Хедберг, шеф на Одделението за Република Македонија во Европската комисија, кој беше во официјална посета на Република Македонија.

На 7 јули 2009 година, во Скопје се одржа средба на г. Александар Спасеновски, Славица Грковска Лошкова и Рафиз Алити со амбасадорот Ерван Фуере.

На 9 јули 2009 година, во Собранието на Република Македонија имаше заедничка средба на Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ со амбасадорот Фреден, амбасадорот Фуере, амбасадорот Браун и амбасадорот Агуерас за приоритетите на шведското претседавање со Советот на ЕУ.

На 23 јули 2009 година, во Собранието на Република Македонија се одржа заедничката средба на Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија и Комисијата за европски прашања со г. Оли Рен, Комесар за проширување во ЕК.

На 29 септември 2009 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа конститутивната седница на МПК РМ-ЕУ. На седницата учествуваше пратеникот г. Александар Спасеновски, *копретседавач на МПК РМ-ЕУ* и г-ца Маријана Опашинова, секретар на Делегацијата.

На 15 октомври 2009 година, во Собранието на Република Македонија, се одржа заедничка средба на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ со Амбасадорот Ерван Фуере, по повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година.

На 13 ноември 2009 година, во Собранието на Република Македонија, ко-претседавачот Александар Спасеновски оствари средба со г. Оле Лудвигсон, европратеник и член на Мешовитиот парламентарен комитет РМ -ЕУ во Европскиот парламент.

На 16 ноември 2009 година, во Собранието на Република Македонија, ко-претседавачот Александар Спасеновски оствари средба со неговиот колега, ко-претседавачот на МПК од европска страна, г. Јорго Шацимаркакис, кој на сопствена иницијатива беше во посета на Република Македонија.

На 18 декември 2009 година, во Собранието на Република Македонија се одржа заедничка средба на Националниот совет за евроинтеграции, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија и Комисијата за европски прашања, со г-га Тања Фајон, пратеник во Европскиот парламент и известител за визната либерализација и г. Зоран Талер, известител за Република Македонија во Европскиот парламент.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Васко Шутаров, г.Сафет Незири
**Заменици-членови:** г. Ванчо Коцев, г. Ристо Пенов и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарната димензија на долгогодишна Конференција за соработка во Медитераниот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статусот на оваа организација.

Земји членки на Парламентарното Собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција И Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Парламентарното собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно. Неколку месеци пред одржувањето на годишното заседание, се состануваат трите постојани комитети.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум како зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

Од 24 до 26 јуни 2009 година во Лисабон, Португалската Република, пратеникот г. Ристо Пенов, заменик член на Делегацијата, учествуваше на Четвртиот состанок на трите постојани комисии на Парламентарното собрание на Медитеранот.

На 23 и 24 октомври 2009 година во Истанбул, Република Турција се одржа Четвртата сесија на ПС на Медитеранот. На сесијата учествуваа пратениците г. Сафет Незири, член на Делегацијата и г. Ванчо

Коцев, заменик-член, како и г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

## ЕВРОПСКО СОБРАНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА, СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски
**Членови:** г. Џеват Адеми и г. Јован Манасијевски
**Заменици-членови:** г-ѓа Лилјана Поповска, г. Кенан Хасипи и г. Павле Трајанов.

Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, кога Бриселскиот договор за европска соработка во областа на безбедноста и одбраната од 1948 година беше изменет со цел да се формира Западноевропската унија.

Собранието ги разгледува и поддржува меѓувладините активности на европско ниво во сите области од европската безбедност и одбрана, вклучувајќи ја и соработката во доменот на одбранбената опрема. Трансформацијата на Западноевропската унија и преземањето на оперативни функции на владиниот дел на ЗЕУ од страна на Европската унија, доведоа до промена на позицијата и функциите на СЗЕУ. тоа денес се фокусира на следење на европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), продолжувајќи да врши надзор над целосната имплементација на обврската за колективна одбрана, пропишана во членот 5 од изменетиот Бриселски договор, како и соработката со НАТО, базирана врз основа на членот 4 од Договорот.

Во СЗЕУ членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 39 европски држави (27 земји членки, 5 асоцијативни членки и 7 земји партнери). Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно. Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбранбени и безбедносни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ, а од јуни 2008 година учествува во работата на Собранието со статус "партнер".

### Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 20089 година

На 11 март 2009 година во Прага, Чешката Република се одржа Колоквиум за "Односите мағу ЕУ и НАТО". На колоквиумот учествуваше пратеникот г. Џеват Адеми, член на Делегацијата.

На 1 и 2 април 2009 година во Берлин, Сојузна Република Германија се одржа Колоквиум на тема "Цивилно-воената соработка во менаџментот на кризи". На колоквиумот учествуваше пратеникот г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Од 2 до 4 јуни 2009 година во Париз, Француската Република се одржа 56. Пленарна сесија на Собранието на Западноевропската унија. На сесијата учествуваа пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Од 1 до 3 декември 2009 година во Париз, Француска Република се одржа 57. Пленарна сесија на СЗЕУ. На сесијата учестуваа пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Џеват Адеми и г. Јован Манасијевски, членови на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Regional Secretariat for Parliamentary Cooperation in SEE

## РЕГИОНАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Иницијативата за регионална соработка во ЈИЕ е покрената на состанокот на министрите за надворешни работи во Софија 1996 година, под име Процес на добрососедство, стабилност, безбедност и соработка. Во текот на претседателството на Романија во 2000 година, соработката во регионот е преименувана во Процес за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ). Во Букурешт е усвоена Повелба за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, која се смета за базичен документ на Процесот и по донесувањето се потпишува при приемот на новите членови.

Потребата за меѓупарламентарен дијалог меѓу земјите членки на ПСЈИЕ експлицитно е набележана во Повелбата за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ од Букурешт во точката 11, посветена на главните форми на соработка. Досега се одржани седум конференции на ниво на претседатели на парламентите и три состанока на ниво на претседатели на парламентарни комисии.

Со Седмата конференција на претседателите на парламентите, одржана во Софија, од 13 до 15 април 2008 година, започната е нова фаза во регионалната парламентарна соработка. На неа е усвоен Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа кој е потпишан од претседателите на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, со кој се определени надлежностите и улогата на Регионален секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ, со седиште во Софија.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 20089 година**

На работилницата на тема: "Безбедноста на храна - законодавството и неговата примена" одржан во Софија, на 23 и 24 февруари 2009 година учествуваа пратеникот г-ѓа Станка Анастасова, член на Комисијата за труд и социјална политика, пратеникот г-ѓа Зумрете Јакупи, член на Комисијата за здравство и државниот советник г. Никола Тодоровски, национален координатор за парламентарна соработка во ЈИЕ.

Во заедничка организација на Генералниот директорат за односи со националните парламенти, Генералниот директорат за надворешни политики на ЕУ, Комисијата за надворешни работи на ЕП и Регионалниот секретаријат за

парламентарна соработка во Југоисточна Европа, на 31 март и 1 април 2009 година во седиштето на Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, се одржа семинар на тема "Виза и гранично управување". На овој Семинар учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав од пратениците: г. Александар Спасеновски, г-ѓа Славица Грковска-Лошкова, г.Сафет Незири и г-ѓа Роза Топузова-Каревска, како и државните службеници г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка и г-ца Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка.

Парламентарен семинар Визната политика и управувањето со граници одржан на 18 и 19 мај 2009 година во Белград, Република Србија.

Собранието на Република Македонија беше претставувано од страна на м-р Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија од Секторот за меѓународна соработка, г-ца Даниела Паунова, советник во Комисијата за одбрана и г-ца Наде Кочовска, помлад референт во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието на Република Македонија.

Извештај од Семинарот на тема "Слободна трговија и внатрешни регионални пазари" што се одржа на 26 и 27 октомври 2009 година во Загреб, Република Хрватска. На семинарот учествуваа пратениците: г.Ванчо Коцев, г-ѓа Роза Топузова Каревска, г.Феми Јонузи, г.Миле Андонов, како и Вања Ралев, советник на Комисијата за економски прашања и Драган Пулевски, помлад соработник во Секторот за работни тела во Собранието на Република Македонија.

По покана на Европскиот парламент - Директорат за односи со националните парламенти (ДОНП) во Брисел, Белгија на 10 декември 2009 година е одржан годишен состанок со националните координатори во Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа (РСПС ЈИЕ).

На состанокот присуствуваа националните кооординатори за регионална парламентарна соработка на Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Косово (согласно со Резолуцијата на СБ на ОН 1244/1999).

Од Собранието на Република Македонија, учествуваа Никола Тодоровски, национален координатор за регионална парламентарна соработка и Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија.

Парламентарен семинар Слободна трговија и внатрешни регионални пазари се одржа на 9 и 10 декември 2009 година во Брисел, Белгија. На семинарот од Собранието на Република Македонија учествуваа Драган Пулевски, помлад соработник во Секторот за работни тела, Сања Угриновска, советник во Кабинетот на претседателот на Собранието, Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

# 6.2.БИЛАТЕРАЛА

Осумчлена Делегација на Кинеската група за пријателство со Република Македонија на Секинескиот Народен Конгрес од 4 до 7 февруари 2009 година оствари официјална посета на Република Македонија.

Од 22 до 27 мај 2009 година Делегација на Пратеничката група за соработка со Македонија од Националното собрание на Француската Република оствари возвратна посета на Република Македонија.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, на 23 јуни 2009 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на Делегацијата на Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Словенија со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

На 29 јуни 2009 година во Собранието на Република Македонија се оствари средба на пратеникот г. Хајрула Мисини, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран со Н.Е. г. Мохамед Реза Сокут, нерезидентен амбасадор на ИР Иран во Република Македонија.

На 30 септември 2009 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г-ѓа Благородна Дулиќ, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска со Н.Е. г.Иван Кујунџиќ, амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија и со претставници на Здружението на Хрвати во Република Македонија.

Посета на Република Македонија од страна на Изборната Делегација за проектот ,,Меѓународна парламентарна стипендија, од Сојузна Република Германија, реализирана на 16 октомври 2009 година.

На 16 октомври 2009 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на пратеникот г. Марјанчо Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република со г. Коста Димитров, пратеник во Чешкиот парламент и претседател на Групата за чешко-македонско пријателство.

На 19 октомври 2009 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Н.Е. г. Херардо Суарез Алварез, вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Куба во Република Македонија.

На 06 ноември 2009 година се оддржаа одделни средби на Скендер Хисени, миистер за надворешни работи на Република Косово со потпретстедателот на Собранието на Република Македонија, Рафиз Халити, со координаторот на Пратеничката Група на ДУИ, Тахир Хани и со координаторот на Пратеничката Група на НД, Флора Кадриу.

Посета на Република Македонија на вице премиерот за законодавство и министер за правда во Владата на Словачката Република, реализирана на 12 ноември 2009 година.

На 24 ноември 2009 година во Собранието на Република Македонија се одржа средба на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел со Н.Е. г. Давид Коен. Вонреден и ополномоштен амбасадор на Државата Израел во Република Македонија.

## 6.3. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

Од 9 до 20 февруари 2009 година во Мадрид, Кралството Шпанија се одржа Студиска посета за парламентарни правни советници во Претставничкиот дом на Парламентот на Кралството Шпанија, на кој учествуваше г. Иван Петрушески, помлад соработник од Службата на Собранието.

На 15 мај 2009 година во Рим, Италија се одржа Годишната средба на ИПЕКС кореспонденти, на средбата учествуваше г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала.

Од 6 до 18 декември 2009 година Делегација на Службата на Собранието предводена од генералниот секретар Жарко Денковски на Република Македонија учествуваше во програмата на Институтот за парламентарна обука на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на Соединетите Американски Држави.

Во составот на Делегацијата беше Блета Билали соработник во Секторот за работни тела на Собранието на Република Македонија.

## 6.4. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

Делегација на Собранието на Република Македонија учествуваше на 57. Национален молитвен појадок, што се одржа од 3 до 6 февруари 2009 година во Вашингтон, САД. Делегацијата ја сочинуваа пратениците, г. Владимир Ѓорчев, г. Имер Селмани, г. Оливер Шамбевски и г-ѓа Цветанка Иванова.

Средба на Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија со корисниците на Меѓународната парламентарна стипендија (ИПС) за 2009 година се одржа на 3 февруари 2009 година

Од 26 април до 7 мај 2009 година во Парламентот на Канада се реализираше Студиска програма за парламентарни службеници, на која учествуваше г. Владо Мисајловски, советник во Кабинетот на претседателот на Собранието.

Пратеникот г. Илија Димовски учествуваше на Опширната информативна посета и размена на мислења на тема:"Прекугранична соработка, пред се во областа на кривичното гонење", што во организација на Германскиот Бундестаг и Сојузната влада што се одржа од 11 до 15 мај 2009 година во Берлин, Сојузна Република Германија.

На 21 мај 2009 година, потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-ѓа Светлана Јакимовска оствари средба со претставници на Парламентот на Обединетото Кралство и на Вестминстерската фондација за демократија.

Во организација на Институтот за репрезентативна власт (ИРГ), во соработка

со Меѓународниот републикански институт (ИРИ) беше организирана студиска посета наменета за млади пратеници во Вашингтон и Колумбија, Јужна Каролина, САД, кој се одржа од 7 до 17 јуни 2009 година. На студиската посета учествуваа пратениците г. Илија Димовски, г. Александар Спасеновски, г. Горан Сугарески, г. Имер Алиу, г-ца Христина Рунчева и г-ѓа Косана Николиќ Мазнева.

Пратеникот г. Талат Џафери учествуваше на регионален семинар на тема: "Имплементирање на ОБСЕ Кодот на ондесување од политичко воен аспект на безбедноста", што се одржа од 3 до 5 ноември 2009 година во Сараево, БиХ.

На 7 и 8 декември 2009 година во Тирана, Република Албанија се одржа Регионална конференција на тема: "Зајакнување на безбедносната соработка за побрзо пристигнување кон ЕУ на Југоисточна Европа". На конференцијата учестуваа пратениците г-ѓа Ермира Мехмети Деваја, шеф на Делегацијата, г. Бесим Догани, г. Владо Бучковски, г. Ѓорѓи Оровчанец и г-ѓа Оливера Трајановска, членови на Делегацијата и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

На 11 и 12 декември 2009 година во Стокхолм, Кралството Шведска се одржа вонредна конференција на спикерите на парламентите на земјите членки на ЕУ, земји кандидати за членство и Европскиот парламент. На конференцијата учествуваше г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата и г-ца Светлана Ангеловска, преведувач.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

# 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




# 7.2. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Ѓорѓе Иванов**, претседател на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Неџат Ајро**, член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Зоран Ставрески**, министер за финансии на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Васко Наумовски**, министер без ресор на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Владимир Пешевски**, министер без ресор на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Никола Тодоров,** министер за образование и наука на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Љупчо Димовски,** министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Горан Михајловски**, заменик на министерот за транспорт и врски на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Перица Ивановски**, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Башким Бесими,** член на Судскиот совет на Република Македонија |

## 7.3. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Работилница на тема " Улогата на собраниските комисии - Парламентрен надзор" |
| Презентација на новата веб страница на Собранието на Република Македонија |
| Работилница на тема "Проценка и планирање на проектните активности на Вестминстер фондација за демократија" |
| Свечено отворање на Салата "Борис Трајковски" во Собранието на Република Македонија |
| Свечена академија по повод 60-годишнината од основањето на Советот на Европа |
| Натпревар по ораторство во Салата "Борис Трајковски" |
| ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ - 8 мај |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 16-та Интернационална кичевска ликовна колонија |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 48-то издание на Интернационалниот фолклорен фестивал "Балкански фестивал на народни песни и игри" |
| Покровителство на г. Рафис Алити, потпретседател на Собранието на Република Македонија на 39-от Републички фестивал на народни песни и игри |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 65-та годишнина на Заседанието на АСНОМ - Прохор Пчински и Пелинце; |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 15-от Тетовски фолк фест |
| ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ по повод 15 Септември - Меѓународен ден на Демократијата на Обединетите нации |
| Предавање на Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија - 2009 година од страна на Н.Е. г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија |
| Потпишување на Договор за соработка и парнерство меѓу Собранието на Република Македонија и Детскиот фонд на Обединети нации - УНИЦЕФ |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Меѓународната конференција за сите активности и мерки за превенција и репресија на насилството на фудбалските стадиони |

## 7.4. Доделување на годишни награди

| |
|---|
| Доделување на наградата "Гоце Делчев" |
| Доделување на државната награда " Мајка Тереза " |
| Доделување на државната награда " 11 Октомври " |
| Доделување на државната награда " 23 Октомври " |
| Доделување на државната награда "Св. Климент Охридски" |
| Доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин" |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1. СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во 2009 година Собранискиот канал МРТ изврши вкупно 88 преноси во живо на пленарни седници на Собранието на Република Македонија што е во времетраење од 21.323 минути.

Во текот на изминатата година во живо се пренесени 389 мин. од разни случувања кои се од собраниската активност кои вкупно како настани биле 68 и чие севкупно траење е 3.904 мин од кои пак вкупно биле обработени 3.515 мин. Од овие случувања во Собранието вкупно 11 биле репризирани што подразбира дека веќе биле како обработена програма, или изразено во минути - 248.

На Собранискиот канал МРТ во минатата година биле извршени вкупно два директни преноса на седници на Владата на РМ во вкупно траење од 1.359 мин. а биле репризирани две седници на Владата во траење од 1.294 мин.

Што се однесува до седниците на комисиите тие биле пренесувани до гледачите на МРТ било како директен пренос, било како одложени снимки. Така, Комисијата за здравство била предадена со вкупно осум свои седници кои биле емитувани одложено во времетраење од 531 мин.

Комисијата за европски прашања одржала 31 седница и сите биле предадени одложено во времетраење од 1.349 мин.

Комисијата за европски прашања одржала вкупно 22 седници кои траеле 1.298 мин и сите на програмата оделе како одложени снимки.

Комисијата за труд и социјална политика одржала вкупно 36 седници кои изразени во минути изнесуваат 5.303 и сите биле предадени како снимен материјал.

Законодавно-правната комисија одржала вкупно 53 седници од кои 31 биле предадени како директен пренос во живо (вкупно 31 мин) а како обработени биле емитувани вкупно 8.424 мин или севкупната активност на ЗПК изнесува во минути 8.455.

Комисијата за финансирање и буџет одржала вкупно 69 седници што во минути изнесува 11.091 од кои како програма во живо - директен пренос оделе вкупно 5.020 мин.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржала вкупно 34 седници во времетраење од 4.691 мин. и сиот материјал бил пренесен како обработена програма.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство одржала вкупно 19 седници и сите биле пренесени одложено - како снимка а нивната должина вкуно изнесувала 1.390 минути.

Комисијата за прашања за изборите и именувањата одржала вкупно седум седници кои траеле вкупно 362 мин. и биле емитувани одложено.

Комисијата за транспорт и врски имала вкупно 30 седници и сите биле одложено емитувани а траеле 3.158 мин.

Комисијата за надворешна политика одржала вкупно 23 седници кои траеле 1.472 мин и сите биле пренесени до гледачите како одложени снимки.

Комисијата за образование, наука и спорт имала 17 седници а тие вкупно траеле 1 143 мин. Сите седници биле пренесени како снимки а траеле 1.166 мин.

Советот за евроинтеграции се состанал на 14 седници кои биле снимени и пренесени до гледачите во вкупен износ од 1.740 мин.

Постојаната анкетна комисија имала 15 седници во траење од 1.513 мин. и сите биле снимен материјал.

Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите имала 11 седници и сите биле снимени а нивната должина изнесувала 1.082 мин.

Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и Министерство за одбрана одржала три отворени седници каде било дозволено снимање што во минути изнесува 121 мин.

Комисијата за мандатно-имунитетни прашања одржала осум седници во траење од 368 мин и сите биле пренесени како снимки.

Комисијата за локална самоуправа била снимена на нејзини четири седници со вкупно времетраење од 220 мин.

Комисијата за култура одржала три седници кои траеле 136 мин. и биле снимени и пренесени до гледачите на Собраниски канал МРТ.

Анкетната комисија за утврдување на околностите за загинување на претседателот Трајковски вообичаено има седници од затворен тип и тоа е евидентирано во 2 мин. на една седница чиј старт само е пренесен каде што се гласа за нејиниот затворен карактер.

Во 2009 г. севкупно имало 598 емисии, седници и репризи од кои како одложен материјал биле пренесени вкупно 74.719 мин. од кои како директен пренос во живо оделе 28.122 мин а како снимен материјал 46.597 мин.

Од оваа севкупна програма како репризи вкупно оделе 13 емисии во траење од 2653 мин.

Од сиот емитуван собраниски материјал 585 биле емисии од кои 28.122 мин биле директен пренос а вкупна активност во минути изразена изнесува 72.066 мин.

# 8.2. Електронска комуникација

## Е-ПАРЛАМЕНТ И СОБРАНИСКАТА ВЕБ-ЛОКАЦИЈА

Собранието на Република Македонија заради унапредување на ефикасноста во работењето, а со цел да го зголеми капацитетот преку користење на информациско-комуникациската технологија после повеќемесечна анализа на процесите, развој и инсталација на софтверот, обука на корисниците на системот, од октомври 2009 година воведе електронски систем за менаџирање на документи врзани со законодавната постапка, т.н. е-парламент.

Со е - парламент се опфатени следните процеси:

1. Законодавен процес

- Поднесување Предлог на закон
- Подготовка, одобрување и испраќање на Предлог на закон
- Поднесување амандмани

2. Седници на работни тела

- дневен ред
- заклучоци
- извештаи
- видео и аудио записи

3. Собраниски седници

- дневен ред
- заклучоци
- извештаи
- стенограми
- видео и аудио записи
- гласања

4. Пратенички прашања

- поставени усно
- поставени во пишана форма

Е-парламентот нуди системско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности врзани за седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.




Над 80 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, а сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.




Во периодот од октомври до декември 2009 година во е-Парламентот се процесирани вкупно 809 материјали.

| | |
|---|---|
| Предлог на закон | 74 |
| Амандман | 571 |
| Автентично толкување на закон | 17 |
| Декларација, резолуција, одлука и препорака | 17 |
| Анализи, извештаи, информации и друг материјал | 13 |
| Ратификација на меѓународни договори | 9 |
| Интерпелација | 2 |
| Предлог стратегија | 2 |
| Пречистен текст на закон | 1 |
| Предлог на просторен план | 1 |
| Избори, именувања и разрешувања на јавни и други функции | 1 |
| Граѓанска иницијатива | 1 |
| Друго | 109 |
| **ВКУПНО** | 809 |

Имајќи предвид  дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите, со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија ја редизајнираше и ја збогати со податоци собраниската веб - локација.




Покрај постоечките податоци, сега на веб - локацијата можат да се најдат видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела, информации за канцелариите за контакт со граѓаните,  форми за контакт со претседателот на Собранието и пратениците и многу други податоци.

Исто така, преку веб - локацијата може да се следат и собраниските седници во живо




Оваа година веб - локацијата на Собранието била посетена над 200.000 пати и тоа од над 60.000 единствени посетители.

## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.016 претставници на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностита на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/ 2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 15 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 98 |
| МТВ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 20 |
| РЕДАКЦИЈА НА ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА МТВ | 40 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 47 |
| ТВ 5 ПЛУС | 23 |
| ТЕЛМА | 28 |
| АЛ САТ | 40 |
| СИТЕЛ | 55 |
| АБ КАНАЛ | 37 |
| А1 | 75 |
| А2 | 13 |
| ТВ ЕРА | 10 |
| СКАЈНЕТ | 4 |
| ТВ АЛФА | 50 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 10 |
| НАША ТВ | 8 |
| ТВ СОНЦЕ | 6 |
| ТВ “Е” | 11 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО | 52 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - БОСАНСКИ ЈАЗИК | 4 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| КАНАЛ 77 | 4 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |
| ГЛАС НА АМЕРИКА - радио на албански јазик | 1 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 36 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 27 |
| ВЕЧЕР | 17 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 36 |
| ВРЕМЕ | 3 |
| ШПИЦ | 22 |
| ВЕСТ | 34 |
| ФАКТИ | 3 |
| КОХА | 7 |
| ЉАЈМ | 13 |
| БИЗНИС | 4 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 7 |
| ГЛОБУС | 12 |
| ФОРУМ ПЛУС | 8 |
| ДЕНЕС | 1 |
| КАПИТАЛ | 8 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 |
| МИА-агенција | 41 |
| МАКФЕСТ-агенција | 10 |
| ОБСЕ | 24 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 2 |
| НЕТ ПРЕС КОМ | 12 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ | 7 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИЈА | 3 |
| ЗАМАН | 1 |
| КУРИР | 4 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 5 |

# 9. КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

На 27 август 2009 година се одржа конститутивен состанок на Клубот на пратенички.

Тема Избор на ново претседателство и координаторка на клубот.

Во присуство на 28 пратенички од 39 пратенички, беше избрано ново претседателство, кое го сочинуваат следниве членки:

- Славица Грковска-Лошкова - СДСМ;
- Катерина Димеска – ВМРО-ДПМНЕ;
- Зумрете Јакупу – ДУИ;
- Флора Кадриу – Нова демократија.

За координаторка на клубот беше избрана пратеничката Славица Грковска-Лошкова.

Претседателството ќе биде постојано и составено од по една претставничка од секоја парламентарна група, додека координаторката ќе се менува на една година.

По одржување на состанокот Клубот на пратенички испрати писма до сите дипломатски претставништва во Република Македонија и до други меѓународни организации, како и до НВО-а, со кои ги извести за повторното започнување со работа на Клубот на пратенички со новото претседателство и достави понуда за соработка.

На 28 септември се одржа првиот состанок на претседателството на Клубот на пратенички на кој се донесоа предлози и иницијативи за натамошна работа на Клубот.

На состанокот беше прифатен предлогот на пратеничката Дарка Петрушевска Клубот да организира еднодневна екскурзија за амбасадорките и сопругите на амбасадорите во Република Македонија, со посета на неколку културно-историски зданија во Македонија (Кокино, Старо Нагоричани, Пелинце...).

По состанокот веднаш се започна со подготовки за екскурзијата, одзивот беше добар, но екскурзијата мораше да биде одложена поради итно закажаната седница на Собранието, точно на датумот предвиден за екскурзијата – 17 октомври 2009 година. Беше одлучено екскурзијата да биде одложена за понатаму, кога ќе се створат временски услови за реализација на истата.

Клубот на пратенички беше опремен со нова техничка опрема (компјутер).

Во текот на октомври координаторката на Клубот на пратенички Славица Грковска-Лошкова имаше повеќе работни состаноци, со цел за запознавање со работата на Клубот на пратенички и разменување на идеи за можна соработка во иднина. Така на 1 октомври 2009 година координаторката одржа состанок со амбасадорката на ОБСЕ во Република Македонија Наталија Дрозд (во канцелариите на ОБСЕ во Скопје), на 6 октомври состанок со директорката на УНИФЕМ во Македонија Асја Врбанова (во канцелариите на УНИФЕМ во Скопје), потоа со Г. Роб од НДИ-

Америка и Слаѓана Марјановиќ Пановска од НДИ-Македонија (во канцеларијата на Клубот), при што се разговараше и за разменување на идеи за активности на Клубот, запознавање со состојбата на женските права во Македонија, активности кои се преземаат низ светот за унапредување на истите и сл.

На 30 октомври се одржа обука за жените-пратенички, организирана од ЦИКП-Центар за истражување и креирање на политики, во рамките на ЕУ проектот „Воведување на родово сензитивен пристап во креирањето на политики во РМ", на тема „Родово сензитивен пристап во процесот на креирање политики". Обуката се одржа во Холидеј Ин.

Во текот на ноември координаторката на Клубот Славица Грковска-Лошкова, имаше средба со Соња Локар, претседателка на Друштвото Европска мрежа за еднаквост на половите и со Слаѓана Марјановиќ Пановска од НДИ-Македонија, во канцеларијата на Клубот, при што беа разменети идеи за активности на клубот, потоа запознавање со состојбата на женските права во Македонија и активности кои се преземаат низ светот за унапредување на истите и сл.

Клубот на пратенички започна со изработка на компаративна анализа на постоечкиот Закон за еднакви можности и Законот за работни односи и соодветните закони од земјите од регионот. Исто така, Клубот на пратенички ги анализираше статистичките податоци за родовата застапеност во локалната самоуправа во Република Македонија, како и опциите за зголемување на истата.

На 19 ноември Клубот на пратенички одржа прес-конференција на која ги објави телефонскиот број и и-меил адресата на Клубот на пратенички, на граѓаните, со цел тие да се обратат со свои предлози и иницијативи кои одат во функција на подобрување на законските решенија кои обезбедуваат еднаков третман на половите, или да реагираат на случаи на дискриминација.

На 20 ноември Клубот на пратенички поднесе два амандмана на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2010 година.

Со првиот амандманот се предлага да се обезбедат средства во Буџетот на Република Македонија во износ од 20.000.000 денари за вработување на дефектолози во основните училишта во Република Македонија.

Со вториот амандманот се предлага да се обезбедат средства во Буџетот на Република Македонија во износ од 10.000.000 денари за стручен кадар во меѓуопштинските центри за социјална работа со цел за поуспешно справување со семејното насилство, алкохолизмот, наркоманијата, заштитата на деца и малолетни лица и справување со други девијантни појави во општините

Амандманите беа поддржани од пратеничките од сите партии, како и од дел на пратениците на пратеничката група на ДУИ.

Амандманите не беа прифатени.

На 1 декември претседателството на Клубот на пратенички одржа договорен состанок за одбележување на меѓународните денови за борба против семејното насилство, како и меѓународниот ден на човековите права.

На состанокот беше решено одбележувањето на овие меѓународни денови да се одржи со обраќања на претставници од верските заедници, како и претставници од ОБСЕ, УНИФЕМ, УНФПА и Народниот правобранител.

На 10 декември Клубот на пратенички одржа јавна расправа со тема “Одбележување на меѓународните денови за борба против семејното насилство и меѓународниот ден на човековите права”.

Меѓународните денови за борба против семејното насилство и меѓународниот ден на човековите права, Клубот на пратенички го одбележа со организирање на обраќања на претставници од верските заедници на Република Македонија, претставници од ОБСЕ, УНИФЕМ, УНФПА и од Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Македонија.

На настанот кој се одржа во Салата „Борис Трајковски", беа поканети претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, меѓународни организации, невладини организации и др.

Свое обраќање на настанот имаа: г-ѓа Наталија Дрозд - амбасадор, заменик-шеф на мисија на ОБСЕ во Македонија; г-ѓа Асја Варбанова - програмски менаџер на Канцеларијата на УНИФЕМ во Република Македонија; г-ѓа Татјана Шикоска - национален програмски координатор на УНФПА; г. Бобан Митевски - Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје; г. Африм Таири - генерален секретар на Исламската верска заедница во Република Македонија; пастор Мирче Андреев - претседател на Евангелската црква во Република Македонија и г-ѓа Невенка Крушаровска - заменик-народен правобранител.

На 9 декември Клубот на пратенички испрати свои претставнички (пратеничките Маринела Тушева и Катерина Димеска) на тридневен меѓународниот семинар наменет за жени-пратенички од ЈИ Европа и Централна Азија организиран од Владата на Туркменистан. Тема на семинарот беше „Размена на искуства во промовирање на еднаквите можности за партиципација на жените во политичкиот и јавниот живот".

На 15 декември претседателството на Клубот на пратенички одржа состанок на кој се разгледуваа пријавените случаи на граѓаните до Клубот на пратенички и договор за нивно проследување.

На 17 декември координаторката на клубот Славица Грковска-Лошкова, имаше средба со Татјана Шикоска - национален програмски координатор на УНФПА во Македонија и со д-р Франсоа Фарах, кантри директор на УНФПА за Македонија, Молдавија и Србија (во канцеларијата на Клубот), при што беа разменети идеи за

активности на клубот, потоа запознавање со состојбата на женските права во Македонија, запознавање со активности кои се преземаат низ светот за унапредување на истите и се разгледуваа можности за идна соработка.

На 24 декември Клубот на пратенички одржа дебата на тема "Што по Копенхаген", по повод меѓународната конференција за климатски промени која што се одржа во Копенхаген, како и последиците од климатските промени врз Република Македонија. На дебатата беа поканети претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, меѓународни организации, невладини организации и други. Настанот се одржа во Салата „Борис Трајковски". Воведничари во дискусијата беа г-ѓа Искра Стојковска - Македонска НВО мрежа за борба против климатските промени; г-ѓа Анита Коџоман - програмски координатор за животна средина, УНДП; г-ѓа Маргарита Спасеновска - одговорно лице за спроведување на проектот „Заштита на здравјето од климатските промени”, при Светска здравствена организација, Канцеларија Скопје и г-ѓа Соња Лепиткова - заменик- министер за животна средина и просторно планирање.

По излагањата на воведничарите се разви дебата на која зедоа учество пратеници и пратенички, како и претставници на невладините организации. Беа изнесени голем број предлози и сите присутни се согласија дека не смее да се остане само на дебатирање и предлозите да останат само на хартија, туку да се преземат конкретни чекори за решавање на постоечките проблеми.

По завршувањето на дебатата беше испратено известување до медиумите.

# 10. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 10.1. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

Вестминстер фондацијата за демократија со поддршка на Министерството за надворешни работи и за Комонвелт и Британската амбасада во Македонија, го поддржуваат развојот на Собранието на Република Македонија со спроведување на тригодишен проект, заедно со политичките партии од Обединетото Кралство и конзорциум од партнерите што се наоѓаат во ОК.

Проектот има за цел да го подобри капацитетот на парламентарните комисии, постојаниот парламентарен персонал и политичките партии за да се овозможи подобро функционирање на Македонскиот парламент. Проектните цели на Вестминстер фондацијата за демократија, заклучно до март 2011 година се следниве:

- Подобрување на капацитетот на Кабинетот на претседателот на Собранието со цел поефективно менаџирање на работите во Собранието преку:

- Подобрени вештини на административниот и експертскиот персонал;
- Поефективна соработка и комуникација меѓу претседателот на Собранието и парламентарните координатори.

- Подобрување на ефективноста на политичките партии во остварување на нивната улога и во опозицијата и во Владата што би придонело кон поефективно управување со парламентарното работење преку:

- Поефективно функционирање на парламентарните координатори;
- Поголем меѓупартиски надзор на законодавството;
- Поефективни меѓупартиски пленуми (или групи);
- Подобрени меѓупартиски односи во Парламентот;
- Подобро разбирање на улогите и обврските на поединечни членови на Парламентот.

Зајакнување на улогата и на влијанието на парламентарните комисии, меѓу кои Законодавно-правната комисија, Комисијата за европски прашања, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за транспорт, врски и екологија, Комисијата за политички системи и односи меѓу заедниците преку:

- Поефикасно внатрешно управување и функционирање на Комисијата во поглед на користење на постапки и практики (со спроведување на сослушувања, користење на јазиците на малцинствата, прифаќање на совети од експерти итн);
- Подобрени вештини на членовите и експертите на комисиите при составување на законодавството и вршење на надзор, со подетална процена на влијанието на предлозите и подобри дискусии за суштината на материјалите.

**Реализирани обуки и работилници**

**Европски програми на ВФД (Вестминстер фондацијата за демократија) за 2009**

**Јануари 2009 -** Дводневна работилница во Скопје организирана од страна на ВФД и Вестминстер политичките партии.
*Тема:* Развој и имплементација на ефективна структура на комисија

**Јануари 2009 -**Основање на канцеларија за проекти на ВФД во Македонија со тим од двајца локални члена.

**Февруари 2009** -Еднодневна работилница во Скопје организирана од страна на ВФД и Вестминстер политичките партии.

**Април-мај 2009 -** Основна процена на парламентарните пракси и капацитети за обука на Македонскиот парламент во областите на финансиски увид и надзор, пристап до информации и парламентарните пракси спроведени од страна на локалните партнери на ВФД

**Мај 2009 -** Координативен состанок во Лондон меѓу програм-партнерите на Македонија и Обединетото Кралство

**Јуни 2009 -**Почеток на локализацијата на програмата за обука на персоналот на Парламентот

**Јуни 2009 -** Студиска посета на Долниот дом за увид во работата и праксите на комисиите на Обединетото Кралство
*Тема:* Набљудување на праксите на комисиите на Обединетото Кралство од близу, набљудување на процесот на јавно сослушување, учење на улогата на надзор и увид на парламентарните комисии на Обединетото Кралство

**Јуни 2009 -** Испитување на јавното мислење за согледувањата во поглед на работата на Македонското собрание

**Јули 2009 -** Од 16 до 19 јули тридневна работилница за членовите на Парламентот организирана од страна на ВФД и Вестминстер политичките партии за парламентарни ресурси и центри за истражување.

*Тема:* Ефективна поддршка на вашата парламентарна група

**Јули 2009 -** Двајца експерти од Националната школа за управување го посетија Скопје на тридневна мисија на оценување и спроведоа процена за системите на регрутација и управување во Македонскиот парламент со цел да се дадат препораки за дополнително подобрување.

**Септември 2009 -** Активирањето на програмата за обука и презентацијата на брошурата со курсеви се реализира на 23 септември. ВФД организираше еднодневна презентација и седница за обука при што ги претстави курсевите за обука и локалните партнери кои ќе ја поднесат програмата за обука на финансиски увид, парламентарниот процес и пристапот до информации со цел за зајакнување на капацитетот на персоналот на Парламентот.

**Октомври 2009**

**8 октомври** - ВФД и Школата за новинари и односи со јавноста организираше полудневна тркалезна маса за односите меѓу Парламентот и медиумите. Школата претставува увид во основната процена за капацитетот на Парламентот во областа на медиумите, односите со јавност и пристапот до информации, додека парламентарните известувачи и членовите на Парламентот дебатираа за целокупната комуникација меѓу медиумите и Парламентот, како и потребата од подобрување на таа комуникација.

**19-22 октомври**
**Финансиски надзор на персоналот на парламентот Модул 1**
Националната канцеларија за ревизија и Центарот за економска анализа спроведе тридневна работилница за 13 парламентарци. Обуката за персоналот се фокусираше на: разбирање на улогата на парламентот во извршување на финансиски преглед, дефинирање на начините на кои персоналот може да обезбеди подобра поддршка за релевантните парламентарни комисии, утврдување на изворите на совети од страна на надворешни експерти, разбирање на модерниот развој во јавното финансиско управување, разбирање на процесот на утврдување на буџетот и способноста да им се помогне на комисиите во надзорот, понуди за буџет, користење на извештаи од разни оддели за подготовка на кратка историја за парламентарните комисии, разбирање на улогата на Врховната ревизорска институција и како таа може ефективно да работи, со тоа што парламентот треба да изработи серија прашања кои парламентарните комисии треба да ги користат за време на јавно сослушување.

**22-24 октомври -** Центарот за демократско управување, Универзитетот на Есекс и Одделот за политички науки на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје спроведоа тридневна работилница за 24 млади парламентарци на тема Парламентарна демократија.

Во овој воведен дел за зацврстување на парламентот, учесниците се стекнаа со поголемо разбирање за: целта и функцијата на зацврстување на парламентот, главните актери вклучени во зацврстување на Парламентот, централната улога на Парламентот како институција

и застапник на демократија, клучните потреби за добро функционирачки парламент. Учесниците ја испитаа улогата на парламентот во демократско општество и се стекнаа со поголемо разбирање за тоа како парламентите го обезбедуваат гледното средства за претставување на пошироката јавност во модерните демократии, како парламентите обезбедуваат вертикална одговорност меѓу граѓаните и Владата и хоризонтална одговорност меѓу разните гранки на Владата, како да се развие парламентарна етика во секојдневните задачи на Владата, разните начини на кои се формулираат јавните политики во парламентите.

Учесниците се стекнаа со поголемо разбирање за главните разлики во институционалниот преглед кој постои низ демократиите во светот и зошто тие имаат значење за демократското управување, главните разлики меѓу изборните системи и формули за избирање парламентарци и владини членови, главните контури и димензии на разните партиски системи и како тие се поврзани со изборните системи и изборните правила, како системот во нивната сопствена држава има придонесено кон структурата на партискиот систем, како се заземаат местата во Парламентот и како системот влијае врз односите со извршната и судската власт.

**29-31 октомври -** Работилница за планирање на буџет, планирање на буџетот на Парламентот и слични активности, работата на буџетскиот совет и односи меѓу Владата, Парламентот и опозицијата

На работилницата се дебатираше за главните карактеристики и специфики на искуството на Обединетото Кралство за тоа како се планира буџетот, како се буџетираат активности на парламентот, како се планира оперативниот буџет на Парламентот и како тој се спроведува. Работилницата имаше за цел дополнително да го развие сестринскиот однос со членовите на парламент од Македонија. Се иницираше дебата меѓу членовите на Парламент од Македонија за да се чујат нивните мислења за тоа кои се главните карактеристики на планирање на буџетот на парламентот во Македонија, како функционира македонскиот совет за буџет од неговото основање во 2008 година, како македонскиот парламент може да го подобри планирањето на буџет за активности, кои се директните и краткорочни буџетски/финансиски потреби на македонскиот парламент, кои се потребите за обука на членовите на Парламентот од Македонија на тема буџетски средства и финансиски преглед и на крај кои чекори треба да ги преземат членовите на парламент од Македонија за да се подобри процесот на планирање на буџет за активности на Парламентот.

**5-7 ноември**

**Финансиски надзор на персоналот на парламентот Модул 2**

Националната канцеларија за ревизија и Центарот за економска анализа спроведе дводневна работилница за 13 парламентарци.

Обуката за персоналот се фокусираше на: разбирање на улогата на Парламентот во спроведување финансиски преглед, дефинирање на начините на кои персоналот може да обезбеди подобра поддршка за релевантните парламентарни комисии, утврдување на извори на совети од надворешни експерти, разбирање на модерниот развој во јавното финансиско

управување, разбирање на процесот на утврдување на буџет и способноста да се помогне надзорот на комисиите, понуди за буџет, користење на извештаи од разните оддели за подготовка на кратка историја за парламентарните комисии, разбирање на улогата на Врховната ревизорска институција и како таа може ефективно да работи со тоа што парламентот би изработил серија прашања кои парламентарните комисии би ги користеле за време на јавно сослушување.

**2-6 ноември**

**Известување во поглед на финансии за парламентарните известувачи Охрид**

На почетокот од ноември Ројтерс Томпсон и Школата за новинарство и односи со јавност спроведе петдневна обука за 12 парламентарни известувачи со цел да им овозможи обука за стекнување вештини за парламентарно известување околу финансиски прашања. Курсот им овозможи на новинарите да пишуваат медиумски објави со атрактивни наслови и почетни пасуси.

Учесниците се стекнаа со широко знаење за парламентарните постапки и активности и беа обучени како да бидат способни нив да ги објаснат во новински објави. Се користеше економски модел за да им се покаже како фискалната политика се вклопува во економски контекст.

**5-7 ноември**

**Улогата на парламентите во поддршка на владеење на правото и имплементација на уставните и обврските за човекови права.**

Во првата недела од ноември Меѓународната асоцијација на адвокати и македонската асоцијација на млади адвокати спроведе тродневна обука за членовите на Парламентот од Постојната анкетна комисија за заштита на човекови права и слободи, Комисијата за односи помеѓу заедниците и персонал на парламентот. Работилницата се фокусираше на улогата на парламентот во поддршка на владеењето на правото и имплементацијата на уставните и обврските за човекови права. Обуката го подобри разбирањето на парламентарците и граѓанското општество за улогата на парламентот во поддршка на владеењето на правото и зајакнување на имплементацијата на обврските за човекови права.

**26-28 ноември**

**Односи меѓу членовите на Парламентот и медиумите**

На работилницата се дебатираше за главните карактеристики и специфики на комуникацијата меѓу членовите на Парламентот и медиумите во Македонија и Обединетото Кралство. Експерти од Обединетото Кралство од центрите за комуникација зборуваа за средствата за комуникација користени во Обединетото Кралство додека македонските членови на Парламентот зборуваа кои чекори треба да ги преземе Македонскиот парламент за да се подобри комуникацијата со медиумите.

# 10.2. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

**Февруари 2009** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) имаат извршено обуки за подобрување на капацитетите на асистентите за комуникација со граѓаните поврзано со изборите.

**Јуни 2009 (Академија)** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) организираа Академија за новите избрани асистенти на Канцелариите за комуникација со граѓани со цел за оспособување на новите асистенти за работа во Канцелариите за комуникација со граѓаните, менаџирање на канцеларија, комуникација со граѓаните, запознавање и оспособување за работа со датабазата за следење на случаите на граѓаните. Асистентите во Академијата беа запознаени и со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер којшто според природата на работата во Канцелариите може да им биде од голема помош на асистентите.

**Јуни 2009** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) организираше регионални состаноци со асистентите од Канцелариите за комуникација со граѓаните во коишто беа разгледани новите развиени алатки за мониторинг на проектот и формуларот за извештаи, асистентите беа запознаени со административни процедури при работата во Канцеларија и, исто така им беше поделен пакет со материјали и ознаки за брендирање на Канцеларијата со логото МОЈОТ ПРАТЕНИК Поблиску од кога и да е.

**Јули 2009** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) организираше обука за асистентите на Канцелариите за комуникација со граѓаните во која асистентите имаа прилика да слушнат од поранешни асистенти сега носители на функции министер, градоначалник и советник на општина - нивно искуство како асистент на Канцеларија за комуникација со граѓаните. Волонтерството и законот за волонтирање исто така беше разгледано во оваа обука во која асистентите добија информации за начинот како во нивните канцелари може да се ангажираат волонтери.

**Септември 2009** Националниот демократски институт (НДИ) како дел од нејзината Иницијатива за Законодавно зацврстување на Западен Балкан, организираше "Работилница за вработените и вработувањето во Парламентите„ која што се одржа во Маврово во присуство на пратеници и претставници од стручните служби од парламентите на Република Македонија, Албанија, Босна

и Херцеговина, Србија и Косово и Парламентарни експерти од Австрија, Унгарија, Чешката Република и Словачка.

**Ноември 2009** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) организираше регионални состаноци со асистентите од Канцелариите за комуникација со граѓаните во коишто асистентите беа запознаени со вештините за пишување Официјални писма до институции, нивната форма итн. Понатаму беа разгледани новите развиени алатки како формулар за евидентирање на работно време, изменетиот формуларот за извештаи во којшто се бараат подетални информации по пол и етничка припадност на граѓаните кои ги посетуваат Канцелариите за комуникација со граѓаните. Со оглед на фактот дека ИПД планира да развие понапредна апликација за Евидентирање и водење на случаите на граѓаните, беа разгледани идеите и потребите на асистентите за развивање на што поефикасна апликација.

**Ноември 2009** Националниот демократски институт (НДИ) во соработка со Институтот за парламентарна демократија (ИПД) организираше обука за асистентите од Канцелариите за комуникација со граѓаните  на тема "Соработка со медиуми".

**Ноември 2009** Од 12 до 14 Ноември Националниот демократски институт (НДИ) заедно со Комисијата за демократско партнерство на Американскиот Конгрес и Собранието на Република Македонија организираше меѓународна конференција "Поддршка за работата на Собраниските комисии„ во Маврово каде што освен претставниците од службите на Собранието на Република Македонија и Американскиот Конгрес учествуваа и претставници од Парламентите на Грузија, Косово и Монголија. Во склоп на оваа меѓународна конференција се одржи и панел дискусија во Кристалната сала на Собранието на РМ "Преглед на Собранието на Република МакедонијаI во контекст на зацврстувањето на законодавните и институционални капацитети, новиот Деловник на Собрание на РМ којшто овозможува надзорни јавни расправи, ја зголемува комуникацијата со граѓаните и генерира емпириски законодавни анализи. Панелот беше составен од Силвана Бонева, Тахир Хани, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска и Марјан Маџовски.

**Декември 2009** Проектот Канцеларии на пратениците за комуникација со граѓаните е целосно префрлен од НДИ на ИПД. Од декември 2009 година ИПД раководи со проектот додека НДИ продолжува да обезбедува постојана поддршка за истиот.

**2009:** Од вкупно 70 отворени се 47 пратенички канцеларии во изборни единици. Кога ќе бидат отворени сите канцеларии ниеден граѓанин на Република Македонија нема да биде оддалечен повеќе од 30 километри ќе биде на оддалеченост помала од 5 километри. Секоја канцеларија се наоѓа во општинска зграда има целосно обучен службеник и опремена е со компјутер и повеќенаменски апарат.

# 11. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 11.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

5. *генерален секретар;*
6. *заменик на генералниот секретар;*
7. *сектори и*
8. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори и две посебни организациони единици - одделенија за извршување на обврсктеи утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

*На Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието донесени се два правилника за изменување и дополнување и тоа едниот на 24.02.2009 година број 01-1171/1 избришани се две одделенија во Секторот за работните тела под број 5/И и 5/Ј , а вториот на 24.12.2009 година број 01-4866/8 донесени се следниве измени: Во Секторот на генералниот секретар статуирани се две нови одделенија – Одделение за поддршка на работата на потпретседатели на Собранието и Одделение за поддршка на работата на пратеничките групи*

*Врз основа на Законот за внатрешна јавна финансиска контрола извршени се измени во Секторот за финансиски и економски прашања кој согласносо одредбите од наведениот Закон се преименува во Сектор за финансиски прашања со четири одделенија.*

*Врз основа на членот 42 од Законот за Собрание на Република Македонија статуиран е нов Сектор-парламентарен институт со две одделенија, како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката функција. Управување и надзор над работата на Парламентарниот институт врши Управувачки совет. Парламентарниот институт за своето работење доставува годишен извештај до Управувачкиот совет и до претседателот на Собранието.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието,

односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието-законодавната. Составен е од единаесет одделенија; врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска

со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, Дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија, врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи; подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 11.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### *ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови.

б) процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори,
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации,
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### 1. ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно со стратешкиот план на Оддлението за внатрешна ревизија и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија по добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на РМ.

Во перодот на 2009 година во Оддлението за внатрешна ревизија беа планирани 4 ревизии и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во преоцесот при прием и дистрибуција на набавениот материјал (од 20 јануари до 20 април 2009 година);

2. Ревизија на системот на внатрешна контрола во преоцесот при користење на средствата за репрезентација (од 25 април до 30 јули 2009 година);

3. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на канцелариското и архивското работење (од 05 август до 20 октомври 2009 година) и

4. Ревизија за следење на реализација на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно годишниот план за 2008 година (од 09 ноември до 25 декември 2009 година)

**2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2009 ГОДИНА**

**1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во преоцесот при прием и дистрибуција на набавениот материјал (од 20 јануари до 20 април 2009 година)**

Ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот при прием и дистрибуција на набавениот материјал беше реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2009 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот при прием и дистрибуција на набавениот материјал за периодот на 2008 година и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 38-2048/1 од 29.04.2009 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

**11. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот при користење на средствата за репрезентација (од 25 април до 30 јули 2009 година)**

Ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот при користење на средтствата за репрезентација беше реализирана согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2009 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот при користење на средтствата за репрезентација за периодот на 2008 година и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 38-2297/3 од 27.07.2009 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

**3.Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на канцелариското и архивското работење (од 05 август до 20 октомври 2009 година)**

Ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот на канцелариското и архивското работење е реализирана согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2009 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот на канцелариското и архивското работење за 2008 година и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 38-4433/2 од 04.11.2009 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици кои беа вклучени во овој процес.

**4.Ревизија за следење на реализацијата на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно со годишниот план за 2008 година (од 09 ноември до 25 декември 2009 година)**

Ревизијата за следење на реализацијата на препораките дадени во ревизорските извештаи согласно со годишниот план за 2008 година е реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2009 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали се имплементирани препораките од ревизорзките извештаи изготвени согласно со годишниот план за 2008 година и да се информира менаџментот на Собранието за бројот на спроведените и неспроведените препораки.

За оваа ревизија е изготвен претходен ревизорски извештај со бр. 38-4786/2 од 24.12.2009 година, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

## 11.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел за развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е проучувањето и примената на законските и подзаконските акти за остварување на правата на државните службеници и другите вработени во Службата, во однос на вработувањето, подготвување на стручна и аналитичка обработка на податоци, подготвување на програми, анализи и информации за управување со човечките ресурси.

Во Одделението се подготвуваат огласите за вработување на државните службеници и на лица без статус на државни службеници, како и се учествува во спроведувањето на постапката за вработување и се врши координација со Агенцијата за државни службеници.

Исто така, се изготвуваат решенија за престанок, за пезионирање, испратнина на вработените во Службата и на придружниците во Собранието на Република Македонија.

Во овој период е извршена оцена за обуки и предлог-насоки за доусовршување на државните службеници и изготвена е Годишната програма за стручно усовршување и обука на државните службеници во Службата на Собранието на Република Македонија за 2010 година.

**Реализирани обуки**

Во текот на 2009 година реализирани се повеќе генерички обуки организирани од Агенцијата за државни службеници, кои ги посетуваа државни службеници со работно искуство, како и државни службеници кои за прв пат се вработени.

Генерички обуки организирани од **Агенцијата за државни службеници** на тема:

- "Системот на јавната адмистрација и државна служба”,
- " Управување со буџет и финансии",
- “Обука за "Вовед во Е-влада",
- "Управување со човечки ресурси",
- "Постапка за селекција и вработување на државните службеници" и
- "Управување со постигнувањата (перформансите) во работењето на државните службеници"

Исто така одржани се и обуки во организација на **Вестминстер фондацијата за демократија** на тема:

- Финансиски надзор за парламентарните службеници,
- Парламентарна демократија,

- Развој на Собранието на РМ и
- Зајакнување на капацитетите на Собранието.

Организирани се обуки од страна на **ОБСЕ** на тема:

- Евалуација на законодавството
- Транспарентност и учество на јавноста во законодавниот процес
- Улогата на националните парламенти во процесот на Европската интеграција
- Семинар за пратеници и за претставници на граѓанското општество.

**Демократско партнерство на Конгресот на САД**

- Активности за поддршка на законодавните комисии.

Од страна на **Европската комисија** се реализирани:

- Работилница за подготовка на Референтен план за активностите за Рамковен договор,
- Градење на капацитети за поддршка на децентрализацијата на управување со политиката,
- Појаснување на главните одговорности и задачи за проектот ИПА,
- Видливост и свесност за проектите од ИПА,
- Справување со нерегуларности,
- Јавни набавки во рамките на ИПА за координатори на проекти,
- Следење и евалуација на проекти за координатори на проекти и
- Инструментот TAIEX на Европската комисија

**Европски Парламент**

- Семинар за визна либерализација

**Министерство за финансии на Кралството Холандија**

- Подготвување на стратешки-годишни планови

**Парламентарно собрание на Советот на Европа**

- Информативен семинар за секретарите на делегациите во ПС на СЕ

**Шпански парламент**

- Семинар за парламентарни правни советници




**1-Раководни државни службеници**
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

| назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | **4** | - | - | - | 4 |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **8** | 1 | 7 | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | **10** | 4 | 4 | 2 | - |
| *Државни советници* | **9** | 9 | - | - | - |
| *Законодавно правен сектор* | **12** | 4 | 7 | 1 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | **11** | 5 | 4 | 2 | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **36** | 5 | 30 | 1 | - |
| *Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација* | **16** | 5 | 10 | 1 | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **9** | 4 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **9** | 3 | 5 | 1 | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **20** | 3 | 7 | 10 | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | **30** | 2 | 1 | 12 | 15 |
| *Сектор за преведување* | **10** | 5 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за стручни и административни работи* | **52** | 3 | 1 | 47 | 1 |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **2** | 1 | 1 | - | - |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | **1** | 1 | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | **239** | **55** | **85** | **79** | **20** |

## 11.2. Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија

Имајќи ја во предвид потребата на младите луѓе за практично образование во областа на законодавството, нивно едуцирање и активно вклучување во институциите на државата, Собранието на Република Македонија во април 2008 година организираше Програма за практиканти, која продолжи и во текот на 2009 година.

Програмата за практиканти на Собранието на Република Македонија има за цел на студентите од различни образовни институции кои се во завршна година на студирањето да им овозможи дополнително практично образование и едукација како практиканти во Собранието на Република Македонија и практично запознавање со процесот на работата на Собранието на Република Македонија.

Генерална констатација е дека Програмата за практиканти наидува на огромен интерес кај студентите, со голем ентузијазам и желба за нивно практицирање во работата на Собранието.

***Реализирани активности во рамките на Програмата за практиканти во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година***

Во изминатиот период може да се констатира дека практикантите покажаа одговорен пристап кон поставените задачи и голема желба за проучување на собраниското работење. Ангажманот на практикантите во Собранието на Република Македонија е на волонтерска основа.

